Врз основа на член 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) и член 27-а став 1 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 144/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16, 153/16 и 113/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 228/19, 72/20, 215/20, 309/20, 41/21 и 56/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 март 2022 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година

Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година е согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2022-2024 година, Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/08, 58/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 223/19), Упатството за начинот за постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/19) и Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 97/21).

Програмата за 2022 година е во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели за 2022 година на Владата на Република Северна Македонија содржани во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2022-2024 година:

- Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните
- Справување со последиците предизвикани од светската пандемија предизвикана од Коронавирусот
- Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија

- Развивање на одбранбена политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност
- Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност
- Квалитетно образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот
- Модерна и ефикасна јавна администрација, базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти
- Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување
- Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени

Програмата за работа на Владата за 2022 година содржи конкретни политики во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели, како и мерки и активности за кои Владата ќе расправа / одлучува или ќе се информира.

При подготовката на Програмата за работа на Владата особено беше земен во предвид стратешкиот приоритет на Владата „Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување", со што се изразува посветеноста на Владата за реално имплементирање на придобивките од Охридскиот рамковен договор, во духот на меѓусебното разбирање и соживот.

Ова во пракса значи правична и адекватна застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната управа и нивен реален придонес кон поефикасна реализација на Програмата за работа на Владата за 2022 година.

Содржината на Програмата е поделена по тематски подрачја и по месечна динамика за секој приоритет и ниво поодделно:

1) Акти и материјали по кои одлучува Собранието на Република Северна Македонија

2) Акти и материјали по кои одлучува Владата на Република Северна Македонија

А) Подзаконски акти

Б) Материјали

I ДЕЛ

**Акти и материјали по кои одлучува Собранието на Република Северна Македонија**

Јануари

**Иницијатива со висок приоритет**

**Приоритет:**

***Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност***

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храна***

**Образложение:** Согласно Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси со акциски план за нејзино спроведување 2020-2024 година која Собранието на Република Северна Македонија ја донесе по почетокот на 2021 година во делот 5.9 Земјоделство во делот приоритетни проблеми во секторот земјоделство таксативно под точка 4 е наведено „Концентрација на надлежности при креирање, нивно спроведување и надзор во областа храна" кај Агенција за храна и ветеринарство. Во акцискиот план на стратегијата во дел 5.9 точка 4 под мерки „Разграничување на надлежности за креирање на политики, нивно спроведување и надзор" во делот активности точка 1.1 стои „Промена на законодавниот пакет во областа на храна во насока на разграничување на надлежностите за креирање на политики, нивно спроведување, надзор и водење на прекршочни постапки во областа на храна„ како и точка 1.2 каде стои „Формирање на посебен орган за инспекциска служба за храна или превземање на инспекторите во надлежната институција".

**НПАА-поглавје:** 3.12- Безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** Безбедност на храна

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2018.0800.7505

**Очекувани влијанија:** Со носењето на законот ќе се направи јасна дисктинција помеѓу трите делови и тоа: - креирање на политики, - спроведување на политики - спроведување на надзор Со вака поделените активности ке се намали концентрацијата на моќ и судирот на активности со што ке намалува значително корупцијата на спроведување на активности од еден орган.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

*Предлог-закон за изменување и дополнување на законот за безбедност на храна за животни*

**Образложение:** Согласно Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси со акциски план за нејзино спроведување 2020-2024 година која Собранието на Република Северна Македонија ја донесе по почетокот на 2021 година во делот 5.9 Земјоделство во делот приоритетни проблеми во секторот земјоделство таксативно под точка 4 е наведено „Концентрација на надлежности при креирање, нивно спроведување и надзор во областа храна" кај Агенција за храна и ветеринарство. Во акцискиот план на стратегијата во дел 5.9 точка 4 под мерки „Разграничување на надлежности за креирање на политики, нивно спроведување и надзор" во делот активности точка 1.1 стои „Промена на законодавниот пакет во областа на храна во насока на разграничување на надлежностите за креирање на политики, нивно спроведување, надзор и водење на прекршочни постапки во областа на храна„ како и точка 1.2 каде стои „Формирање на посебен орган за инспекциска служба за храна или превземање на инспекторите во надлежната институција".

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0800.7760

**Очекувани влијанија:** Со носењето на законот ќе се направи јасна дисктинција помеѓу трите делови и тоа: - креирање на политики, - спроведување на политики - спроведување на надзор Со вака поделените активности ке се намали концентрацијата на моќ и судирот на активности со што ке намалува значително корупцијата на спроведување на активности од еден орган.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за идентификација и регистрација на животни***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Согласно Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси со акциски план за нејзино спроведување 2021-2025 година која Собранието на Република Северна Македонија ја донесе по почетокот на 2021 година во делот 5.9 Земјоделство во делот приоритетни проблеми во секторот земјоделство таксативно под точка 5 е наведено „Концентрација на надлежности при креирање, нивно спроведување и надзор во областа ветеринарството" кај Агенција за храна и ветеринарство. Во акцискиот план на стратегијата во дел 5.9 точка 4 под мерки „Разграничување на надлежности за креирање на политики, нивно спроведување и надзор" во делот активности точка 1.1 стои „Промена на законодавниот пакет во областа на ветеринарство во насока на разграничување на надлежностите за креирање на политики, нивно спроведување, надзор и водење на прекршочни постапки во областа на ветеринарство„ како и точка 1.2 каде стои „Формирање на посебен орган за инспекциска служба за храна или превземање на инспекторите во Државниот инспекторат за земјоделство". |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со носењето на законот ќе се направи јасна дисктинција помеѓу трите делови и тоа: - креирање на политики, - спроведување на политики - спроведување на надзор Со вака поделените активности ке се намали концентрацијата на моќ и судирот на активности со што ке намалува значително корупцијата на спроведување на активности од еден орган. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

*Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно медицински препарати*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси со акциски план за нејзино спроведување 2021-2025 година која Собранието на Република Северна Македонија ја донесе по почетокот на 2021 година во делот 5.9 Земјоделство во делот приоритетни проблеми во секторот земјоделство таксативно под точка 5 е наведено „Концентрација на надлежности при креирање, нивно спроведување и надзор во областа ветеринарството" кај Агенција за храна и ветеринарство. Во акцискиот план на стратегијата во дел 5.9 точка 4 под мерки „Разграничување на надлежности за креирање на политики, нивно спроведување и надзор" во делот активности точка 1.1 стои „Промена на законодавниот пакет во областа на ветеринарство во насока на разграничување на надлежностите за креирање на политики, нивно спроведување, надзор и водење на прекршочни постапки во областа на ветеринарство„ како и точка 1.2 каде стои „Формирање на посебен орган за инспекциска служба за храна или превземање на инспекторите во Државниот инспекторат за земјоделство". |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со носењето на законот ќе се направи јасна дисктинција помеѓу трите делови и тоа: - креирање на политики, - спроведување на политики - спроведување на надзор Со вака поделените активности ке се намали концентрацијата на моќ и судирот на активности со што ке намалува значително корупцијата на спроведување на активности од еден орган. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно здравство***

**Образложение:** Согласно Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси со акциски план за нејзино спроведување 2021-2025 година која Собранието на Република Северна Македонија ја донесе по почетокот на 2021 година во делот 5.9 Земјоделство во делот приоритетни проблеми во секторот земјоделство таксативно под точка 5 е наведено „Концентрација на надлежности при креирање, нивно спроведување и надзор во областа ветеринарството" кај Агенција за храна и ветеринарство. Во акцискиот план на стартегијата во дел 5.9 точка 4 под мерки „Разграничување на надлежности за креирање на политики, нивно спроведување и надзор" во делот активности точка 1.1 стои „Промена на законодавниот пакет во областа на ветеринарство во насока на разграничување на надлежностите за креирање на политики, нивно спроведување, надзор и водење на прекршочни постапки во областа на ветеринарство„ како и точка 1.2 каде стои „Формирање на посебен орган за инспекциска служба за храна или превземање на инспекторите во Државниот инспекторат за земјоделство".

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со носењето на законот ќе се направи јасна дисктинција помеѓу трите делови и тоа: - креирање на политики, - спроведување на политики - спроведување на надзор Со вака поделените активности ке се намали концентрацијата на моќ и судирот на активности со што ке намалува значително корупцијата на спроведување на активности од еден орган.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**Иницијатива со среден приоритет**

**Приоритет:**

***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија***

***Предлог-закон за финансиската инспекција во јавниот сектор***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Донесувањето на нов Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор е неопходно заради подобрување на ефикасноста и ефективноста на финансиската инспекција при вршење контрола на користењето на јавните финансиски средства кај субјектите од јавниот сектор и користењето на финансиските средства од ЕУ фондовите. |

**НПАА-поглавје:** 3.32: ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

**НПАА-подрачје:** 3.32.1 ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА - ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0700.8109

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Ефикасна заштита на финансиските интереси на субјектите од јавниот сектор и заштита на финансиските средства од ЕУ фондовите. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

**Февруари**

**Иницијатива со висок приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог-закон за изменување на Законот за угостителската дејност***

**Образложение:** Министерството за економија пристапи кон ефикасно и ефективно спроведување на надлежностите на органите и институциите, како и надлежностите, правата и овластувањата на субјектите кои обезбедуваат услуги од јавен интерес, врз основа на утврдени стандарди и процедури, во согласност со одредбите на овој закон и посебните закони, сето во функција на обезбедување на електронски услуги за корисниците на овие услуги.

**НПАА-поглавје:** 3.20 - Претпријатија и индустриска политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2021.0400.8234

**Очекувани влијанија:** Ефикасно и ефективно спроведување на надлежностите на органите и институциите, како и надлежностите, правата и овластувањата на субјектите кои обезбедуваат услуги од јавен интерес, врз основа на утврдени стандарди и процедури.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

***Предлог - закон за изменување на Законот за туристичка дејност***

**Образложение:** Министерството за економија пристапи кон ефикасно и ефективно спроведување на надлежностите на органите и институциите, како и надлежностите, правата и овластувањата на субјектите кои обезбедуваат услуги од јавен интерес, врз основа на утврдени стандарди и процедури, во согласност со одредбите на овој закон и посебните закони, сето во функција на обезбедување на електронски услуги за корисниците на овие услуги

**НПАА-поглавје:** 3.20 - Претпријатија и индустриска политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2021.0400.8233

**Очекувани влијанија:** Ефикасно и ефективно спроведување на надлежностите на органите и институциите, како и надлежностите, правата и овластувањата на субјектите кои обезбедуваат услуги од јавен интерес, врз основа на утврдени стандарди и процедури.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

***Квалитетно образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот***

---

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност***

**Образложение:** Целта на Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност е усогласување со Законот за прекршоците.

**НПАА-поглавје:** 3.26-Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.1400.8065

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на овој закон се очекува усогласување со законската регулатива.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

*Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за отворените граѓански универзитет за доживотно учење*

| | |
|---|---|
| Образложение: | Целта на Законот за изменување и дополнување на Законот за отворените граѓански универзитет за доживотно учење е усогласување со Законот за прекршоците. |

НПАА-поглавје: 3.26-Образование и култура

НПАА-подрачје: 3.26.1 Образование

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: 2020.1400.8066

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со донесувањето на овој закон се очекува усогласување со законската регулатива. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за образование и наука

*Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за национална рамка на квалификации*

| | |
|---|---|
| Образложение: | Усогласување со други стратегии, препораки и други документи од Советодавната група за Европска рамка на квалификации и други тела на национално и меѓународно ниво и Извештаите за напредок на Република Северна Македонија во ЕУ процес. |

НПАА-поглавје: 3.26-Образование и култура

НПАА-подрачје: 3.26.1 Образование

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: 2017.1400.7433

| | |
|---|---|
| Очекувани | Зголемена ефикасност на Националната рамка на квалификации преку дополнителен развој и имплементација на: -постапките за осигурување |

| | |
|---|---|
| **влијанија:** | квалитет; -транспарентност и управување со вештините и квалификациите во рамки на доживотното учење во општото образование и стручното образование и обука и високото образование; -подобрување на квалитетот и подобра приспособливост на образованието и обуките согласно барањата на пазарот на трудот; - поврзување на формалното, неформалното и искуственото учење; и -поддршка на процесот на валидација на резултатите од учење стекнати преку неформално или искуствено учење. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

***Предлог - закон за стручно образование и обука***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Законот за стручното образование и обука се очекува да се зголеми интересот на учениците за запишување во средните стручни училишта, да се зголеми квалитетот на средното стручно образование, како и да се усогласи со Законот за национална рамка на квалификации. |

**НПАА-поглавје:** 3.26 Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.1400.7790

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на овој закон се очекува започнатите реформи да придонесат во подобрување на квалитетот на средното образование согласно со приоритетите дадени во Стратегијата за образование 2018-2025 и хармонизација со потребите на пазарот на трудот |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

---

**Иницијатива со среден приоритет**

Приоритет:

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

---

***Предлог-закон за ревизија***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесувањето на новиот Законот за ревизија, националното законодавство ќе се усогласи со Директивата 2014/56/ЕЗ со која се менува Директивата 2006/43 за законска ревизија на годишните сметки и консолидираните сметки и со Регулативата 537/2014 за посебните услови за законска ревизија на субјектите од јавен интерес. Со донесувањето на новиот Закон, ќе се зајакнат кредибилноста на ревидираните финансиски извештаи на правните лица од јавен интерес, како и улогата на супервизорскиот орган. |

НПАА-поглавје: 3.32- Финансиска контрола

НПАА-подрачје: Подрачје 2 – Сметководство и ревизија

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: 2019.0700.7825

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на Законот за ревизија, ќе се зајакне надзорот над овластените ревизори и друштвата за ревизија преку вршењето на контролата на квалитет од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

**Март**

**Иницијатива со висок приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Основна цел на Предлогот на закон е доуредување на надлежноста и организацијата на Државната техничка инспекција, начинот на вршење на техничката инспекција при користење на техничката опрема и условите кои треба да ги исполнуваат независните правни лица за вршење на технички прегледи и периодични испитувања, утврдување на техничката опрема што е предмет на техничката инспекција, како и начинот на пропишување на техничките прописи за техничка опрема и постапката за дигитализација . Воедно усогласување со Законот за прекршоци и ЗОУП. |

**НПАА-поглавје:** 3.1 Слободно движење на стоки

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2021.0400.8227

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Безбедност на производите кои се ставаат во употреба; остварување и заштита на јавниот интерес; заштита на животот и здравјето на луѓето, животната средина и заштита на имотот. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

*Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој (*)*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со оглед на интенцијата за реорганизација на Бирото за регионален развој, односно формирањето на Агенција за регионален и локален развој, неопходна е измена на законската рамка, односно измени и дополнувања на Законот за рамномерен регионален развој, заради прилагодување на дел од законските норми кои ја регулираат оваа материја. |

**НПАА-поглавје:** 22.Регионална политика и координирање на структурните инструменти

**НПАА-подрачје:** Правна рамка

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за рамномерен регионален развој ќе се изврши прилагодување на законските норми, согласно формирањето на Агенција за локален и регионален развој. На ваков начин се овозможува подигање на степенот на рамномерен и регионален развој, преку поволни кредитирања кои ќе дадат директен импакт врз зголемувањето на инфраструктурните проекти на единиците на локална самоуправа и други крајни корисници, со што ќе се подобри квалитетот и условите за живот на граѓаните. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија***

---

*Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права*

| | |
|---|---|
| **Образложение** | Со предложените измени на Законот за авторското право и сродните права се врши усогласување со Директивата 2014/26/ЕС за колективно управување со авторското право и сродните права и мулти-територијално лиценцирање |

: на музички дела за користење преку интернет, се утврдуваат дефинициии за колективното управување, а особено за организациите за колективно управување на правата – како субјекти основани или под контрола на носителите на правата и со непрофитна цел. Со Законот се пропишуваат и се дефинира значењето на сите поими кои се релевантни за остварувањето на правата. Со измените се врши усогласување и со Договорот од Маракеш за олеснување на пристапот до објавени дела за лицата кои се слепи, имаат оштетен вид или на друг начин оневозможени да користат печатени материјали. Досегашната имплементација на Законот за авторското право и сродните права покажа дека моделот утврден во постојниот Закон го отежнува функционирањето на системот на колективното управување со наметнување на несоодветни обврски.

**НПАА-поглавје:** 3.7 Право на интелектуална сопственост

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2014.0300.7110

**Очекувани влијанија:** Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права ќе се придонесе кон воспоставување основи за создавање стабилен систем на заштита на авторското право и сродните права, кој ќе обезбеди ефикасно и соодветно колективно управување на правата, преку усогласување на одредбите на Законот со законодавството на Европската унија во оваа област. Исто така со донесувањето на Законот ќе се придонесе кон надминување на проблемите кои се предмет на разгледување и со тоа ќе се овозможи на сите чинители и засегнати страни во областа на колективното остварување на авторското право и сродните права (носители на права, организации за колетивно управување, здруженија, корисници, комори на корисници, итн), соодветно и на транспарентен начин, секој од својот аспект и интерес, да бидат активни и конструктивни учесници во зајакнување на системот на колективното остварување на авторското право и сродните права.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за култура

***Предлог- закон за вработените во Министерството за одбрана***

**Образложение:** Со полноправното членство во Алијансата се зголемија и обврските на вработените службеници во Министерството за одбрана. Националните обврски од членството во Алијансата во најголем дел се на товар на Министерството за одбрана, а зголемена е и потребата од работа со НАТО класифицирани информации и документи. Дополнително членството во НАТО побарува квалитетен, стручен, високо мотивиран и искусен персонал, кој ќе биде носител на процесите и реформите во Министерството за одбрана и Армијата. Со тоа досегашниот статус на административни службеници вработени во одбраната согласно Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор е неодржлив и ја наметнува потребата од донесување на Закон за службеници во одбраната со кој детално ќе се уредат правата од работен однос на вработените во Министерството за одбрана, како составен дел на националниот безбедносен систем.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со имплементацијата на Стратегискиот одбранбен преглед 2018 и новата структура ќе се редуцира бројот на вработените во Министерството за одбрана. Дополнително, Законот за службеници во одбраната ќе влијае на мотивираноста на персоналот, ќе се зголеми ефективноста во работата на вработените во Министерството за одбрана и ќе се изгради персонална структура која е одговорна и способна да одговори на современите безбедносни предизвици.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Предлог - одлука за распоредување на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија во Централноафриканска Република – ЕУТМ ЦАР - (март)***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со учество во мировната операција ЕУТМ ЦАР, Република Северна Македонија останува посветена на заедничкиот ангажман на Европската унија за придонес кон безбедноста и стабилноста на ЦАР. Со заедничкиот придонес со Република Франција во мисијата ЕУТМ ЦАР, де факто се продлабочува билатералната соработка со Република Франција и се создаваат услови за понатамошно унапредување на истата. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Потврда на цврстата определба на Република Северна Македонија за силен придонес кон Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) и Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) на Унијата. Придонесот во меѓународните операции е елемент на оценување на Европската комисија во поглавјето 31 на НБОП. Потврда на севкупните напори на Република Северна Македонија за интеграција во Европската Унија и промовирање на заложбите за воспоставување на безбедност и мир на глобално ниво. Ја продлабочуваме и унапредуваме билатералната соработка со Република Франција. |

**Фискални импликации:** Има: 5,006,876 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Предлог - одлука за распоредување на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, АЛТЕА (март)***

**Образложение:** Со продолжување на учеството на Република Северна Македонија во мировната операција „Алтеа", Република Северна Македонија останува посветена на заедничкиот ангажман на Европската унија за придонес кон безбедноста и стабилноста на Босна и Херцеговина.

НПАА-поглавје: /

НПАА-подрачје: /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Потврда на цврстата определба на Република Северна Македонија за силен придонес кон Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) и Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) на Унијата. Придонесот во меѓународните операции е елемент на оценување на Европската комисија во поглавјето 31 на НБОП. Потврда на севкупните напори на Република Северна Македонија за интеграција во Европската Унија и промовирање на заложбите за воспоставување на безбедност и мир на глобално и регионално ниво.

**Фискални импликации:** Има: 1,529,736 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целта на Законот за изменување и дополнување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење е усогласување со Законот за прекршоците. |

**НПАА-поглавје:** 3.26 Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2017.1400.7438

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на овој закон се очекува усогласување со законската регулатива. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

***Предлог - закон за младинска работа***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Закон за младинска работа е потребен со цел воспоставување на национален систем за одржлива понуда на младинска работа преку: дефинирање на услугите, целите, организацијата и чинителите на младинската работа; воспоставување на систем за следење и подобрување на квалитетот на младинската работа; дефинирање на профилот и делокругот на работа на младинскиот работник; дефинирање на процесот на основање и финансирање на младинските центри во согласност со Законот за младинско учество и младински политики; воспоставување регистар на понудувачи на младинска работа; обезбедување финансиска и административна поддршка на младинската работа и дефинирање на други отворени прашања |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Создава основа за формално воспоставување на стандарди во однос на младинската работа , подигање на нејзиниот квалитет но и подигање на свеста за младинската работа |

**Фискални импликации:** Има: 1,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за правда во соработка со Агенција за млади и спорт

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за спортска академија***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целта на Законот за изменување и дополнување на Законот за спортска академија е усогласување со Законот за прекршоците. |

**НПАА-поглавје:** 3.26 Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3,26,1 Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.1400.8067

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на овој закон се очекува усогласување со законската регулатива. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

***Предлог - закон за младински стандард***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во соработка со Владата на Република Северна Македонија и невладиниот сектор, Министерството за образование и наука работи на предлог Закон за младински стандард, кој ќе ги обедини законите за ученички и студентски стандард и законот за субвенциониран студентски оброк. |

**НПАА-поглавје:** 3.26-Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.1400.7919

**Очекувани влијанија:** Подобрен младински стандард.

**Фискални импликации:** Има: 2,000,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот испитен центар***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Целта на Законот за изменување и дополнување на Законот за Државниот испитен центар е усогласување со Законот за основното образование. |

**НПАА-поглавје:** 3.26-Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.1400.8063

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со донесувањето на овој Закон се очекува усогласување со законската регулатива. |

**Фискални импликации:** /

Предлагач: Министерство за образование и наука

***Модерна и ефикасна јавна администрација, базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти***

---

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за општа управна постапка***

**Образложение:** Досегашната примена на Законот за општата управна постапка покажа дека постојат одредени потешкотии при неговата практична примена, постои висок процент на јавни органи кои од објективни причини не можат да определат овластени лица за водење на управната постапка и воопшто не функционира или во многу мал процент функционира комуникацијата меѓу јавните органи во задолжителната електронска форма. Од тие причини потребно е подобрување на законските решенија кои се однесуваат на примена на Начелото на делегирање на надлежност, како и интервенција во делот на електронската комуникација со цел унапредување на давање на услугите по електронски пат.

**НПАА-поглавје:** I Политички критериуми

**НПАА-подрачје:** 1.2 Реформа на јавна администрација

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2019.0007.7744

**Очекувани влијанија:** Брзо и ефикасно остварување на права на граѓаните и барањата на бизнисите Гаранција на правната сигурност и предвидливост Унапредена комуникација меѓу јавните органи, Државната комисија за одлучување во втор степен во управна постапка и работни односи и управните судови

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

*Предлог- закон за организација на органите на државната управа*

**Образложение:** Организацијата на институциите на јавниот сектор е од клучно значење за воспоставување на современ демократски систем кој ќе се темели на начелото на владеење на правото. Формирањето, статусот и надлежностите на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт се регулирани со Законот за организација и работа на органите на државната управа и посебни закони. Притоа, не е водено сметка за хиерархиската поставеност, субординацијата на органите, преклопување на надлежностите, стриктната надлежност на ресорите и/или за соодветно алоцирање на функциите на органите/институциите што во пракса предизвикува сериозни проблеми во однос на вршењето на основните функции на институциите. Во правниот систем често се воспоставуваат нови органи заради усогласување на домашното со европското законодавство, без при тоа да се води сметка за уставните рамки и претходните системски решенија кои не содржат соодветна правна рамка. Ваквата состојба е резултат на лошата практика на избрзано носење на закони и неспроведување на процесот на ПВР, како и на недоволно вклучување на сите засегнати страни во процесот на подготвување на законите.

**НПАА-поглавје:** I Политички критериуми

**НПАА-подрачје:** 1.2 Реформа на јавна администрација

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0007.7912

**Очекувани влијанија:** Јасно определување на критериумите и начинот на основање, статус, надлежната институција пред кого одговара, самостојност, улога и овластувања на надлежната институција, политичка одговорност за делувањето, договорната автономија, буџетската самостојност, сопствени приходи, статусот на вработените, организациската самостојност, раководењето и структурата на управување. Воведување на посебна постапка за претходна проценка на потребата за креирање на нови тела со цел да се ублажи ризикот од „неоправдан брз и ненадеен пораст" на нови органи. Новата организациска поставеност јасно ќе ги утврди критериумите и начинот на креирање/спојување/укинување на институции, задржување/пренесување/укинување на надлежност со цел за унапредување на ефикасноста и ефективноста на институциите, подобрување на организациската поставеност, подобро искористување на човечките, финансиските и управувачките ресурси, која ќе се темели на

начелото на владеење на правото и ефикасно извршување на функциите на државата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за користење на податоците од јавниот сектор***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со овој закон се уредува заштитата, чувањето, обработката и користењето на архивскиот материјал, инспекцискиот надзор и надлежностите на Државниот архив на Република Северна Македонија. |

**НПАА-поглавје:** 3.10. ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ

**НПАА-подрачје:** 10.2. Услуги на информатичкото општество

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2019.0007.7753

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Соодветна имплементација на стандарди за обработка на архивски материјал и воведување на дигитализација при вршење на архивската дејност. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

*Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

---

*Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за води*

**Образложение:** Главната цел е оценка и преиспитување на законските решенија за води заради идентификување на недостатоците и проблемите кои се јавуваат при спроведувањето.

**НПАА-поглавје:** 3.27 - Животна средина и климатски промени

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2015.0000.7249

**Очекувани влијанија:** Усогласување на законот за води со други национални законски прописи и усогласување со европското законодавство.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

---

**Иницијатива со среден приоритет**

**Приоритет:**

*Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните*

---

*Предлог - закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на проектот Рехабилитација на ХЕЦ фаза 3, кој ќе се склучи меѓу КфВ и АД ЕСМ Скопје*

**Образложение:** Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на Договор за заем со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за гаранција.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со склучување на Договорот за заем и Договорот за гаранција, се обезбедуваат средства за финансирање на проектот Рехабилитација на ХЕЦ фаза 3. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Доуредување, појаснување и прецизирање на одредбите од Законот за акцизите. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобра и поефикасна имплементација на одредбите од Законот за акцизите. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

*Предлог- закон за технички барања за производите и оцена на сообразност*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Основна цел на Предлогот на закон е понатамошно хармонизирање на законодавството во областа на слободното движење на стоките на внатрешниот (единствен) пазар согласно Европското законодавство и обезбедување на еднаков третман на производите кои се пуштаат на пазарот или се ставаат употреба во Република Македонија заради: заштита на животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата, животната средина и природата, заштита на потрошувачите и на другите корисници на производите, како и заштита на јавниот интерес. Со Предлогот на закон се врши доусогласување на националното законодавство за безбедноста на производите и Директивата за техничките стандарди и прописи 98/34 , Регулативите 764/2008 и 765/2008 и Одлуката 768/2008 на Европскиот парламент и на Советот за општата безбедност на производите и вклучување на Република Македонија во внатрешниот пазар, притоа исполнувајќи ги обврските преземени со ССА за елиминирање на техничките бариери за слободно движење на производите. во март беше поднесено предлог – проект во рамките на ИПА фондот за законодавството од областа на безбедност и усогласување на правилниците согласно новите директиви и УНОПС техничка подршка. |

**НПАА-поглавје:** 3.1 Слободно движење на стоки

**НПАА-подрачје:** Општи принципи

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0400.7802

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Создавање на Внатрешен пазар без технички бариери за слободно движење на безбедните производи кои се пуштаат на пазарот и ставаат во употреба; остварување и заштита на јавниот интерес; заштита на животот и здравјето на луѓето, животната средина и заштита на имотот. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

***Предлог - закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за изградба на автопатска делница Скопје - Блаце, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта***

Образложение: Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на Договор за заем со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за гаранција.

НПАА-поглавје: /

НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

Очекувани влијанија: Со склучување на Договорот за заем и Договорот за гаранција, се обезбедуваат средства за финансирање на Проектот изградба на автопатска делница Скопје - Блаце.

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за финансии

***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија***

---

***Предлог-закон за ратификација на Хашка конвенција за договори за избор на надлежен суд од 30 јуни 2005 година***

Образложение: Оваа конвенција е потпишана од македонска страна во декември 2019 година. Истата треба да се ратификува во нашата држава со цел да стапи во сила.

НПАА-поглавје: /

НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Ратификацијата на Конвенцијата ќе овозможи истата да стапи во сила во внатрешниот правен поредок и да се приближи националното законодавство на Република Северна Македонија кон законодавството на Европската Унија со оглед дека Европската Унија е нејзина договорна страна. Конвенцијата е потпишана од македонска страна во 2019 година. Истата треба да се ратификува во нашата држава со цел да стапи во сила.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

**Април**

---

**Иницијатива со висок приоритет**

**Приоритет:**

***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија***

---

***Предлог - закон за основање на Агенција за регулирање на железничкиот сектор***

**Образложение:** Со цел усогласување со четвртиот пакет на Директиви од Европската унија, потребно е да се донесе нов Закон за основање на Агенција за регулирање на железничкиот сектор.

**НПАА-поглавје:** 3.14 - Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Функционалност, организациска поставеност и финансиски независна од телата и органите одговорни за железничкиот сообраќај и од сите правни и физички лица чии интереси можат да бидат во конфликт со нејзините задачи и овластувања.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

*Предлог - закон за железничкиот систем*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со цел усогласување со четвртиот пакет на Директиви од Европската унија, потребно е да се донесе нов Закон за железничкиот систем, Закон за безбедност во железничкиот систем и Закон за интероперабилност во железничкиот систем. |

**НПАА-поглавје:** 3.14 - Транспорта политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2015.0200.7168

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Правилата кои се применуваат за управување со железничката инфраструктура и активностите во областа на железничкиот транспорт, спроведени од железничко претпријатие, критериумите што се применуваат при издавањето, продолжувањето или измената на дозволи, наменети за железничко претпријатие, начелата и постапките применливи во однос на дефинирањето и собирањето на надоместок за користењето на железничката инфраструктура и на распределбата на железничкиот инфраструктурен капацитет за домашни и меѓународни железнички услуги, работа на регулаторно тело. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

### *Предлог - закон за интероперабилност во железничкиот систем*

**Образложение:** Со цел усогласување со четвртиот пакет на Директиви од Европската унија, потребно е да се донесе нов Закон за железничкиот систем, Закон за безбедност во железничкиот систем и Закон за интероперабилност во железничкиот систем.

**НПАА-поглавје:** 3.14 - Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0200.7913

**Очекувани влијанија:** Услови кои треба да се исполнат за постигнување на интероперабилност на железничкиот систем во Република Северна Македонија, со цел да се дефинира оптимално ниво на техничка усогласеност, која ќе придонесе кон олеснување, подобрување и развој на железничките транспортни услуги со оние на Европската унија и да придонесе кон создавање на единствен европски железнички простор и за постепено создавање на единствен внатрешен пазар на Европската унија, надзор над постапките за интреоперабилност и административен и инспекциски надзор.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

### *Предлог- закон за основање на Агенција за истражување на несреќи во воздушниот, внатрешниот воден и железничкиот сообраќај*

**Образложение:** Со цел усогласување со четвртиот пакет на Директиви од Европската унија, потребно е да се донесе нов Закон за основање на Агенција за истржување на несреќи во воздушниот, внатрешниот воден и железничкиот сообраќај.

**НПАА-поглавје:** 3.14 - Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Функционалност, организациска поставеност и финансиски независна од телата и органите одговорни за воздушниот, внатрешниот воден и железничкиот сообраќај и од сите правни и физички лица чии интереси можат да бидат во конфликт со нејзините задачи и овластувања. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

***Предлог- закон за основање на Агенција за безбедност во железничкиот систем***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со цел усогласување со четвртиот пакет на Директиви од Европската унија, потребно е да се донесе нов Закон за основање на Агенција за безбедност во железничкиот систем. |

**НПАА-поглавје:** 3.14 - Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Функционалност, организациска поставеност и финансиски независна од телата и органите одговорни за надзор на железничкиот сообраќај. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

*Предлог - закон за безбедност во железничкиот систем*

| | |
|---|---|
| Образло жение: | Со цел усогласување со четвртиот пакет на Директиви од Европската унија, потребно е да се донесе нов закон за железничкиот систем, Закон за безбедност во железничкиот систем и Закон за интероперабилност во железничкиот систем. |

**НПАА-поглавје:** 3.14 Транспортна Политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0200.8126

| | |
|---|---|
| Очекуван и влијанија : | Услови за развој и подобрување на безбедноста на железничкиот систем, како и подобрување на пристапот до пазарот на железничките траспортни услуги преку: усогласување на регулаторната структура, дефинирање на одговорностите меѓу учесници во железничкиот систем, развивање на заеднички цели за безбедност и заеднички методи за безбедност, со цел постепено отстранување на потребата за национални правила, утврдување на принципите за издавање, продолжување, измена и ограничување или поништување на сертификати и одобрувања за безбедност, основање и работење на органот надлежен за железничка безбедност и органот за истрага на железнички несреќи и дефинирање на заеднички принципи за управување, регулирање, надзор на безбедноста на железницата и инспекциски надзор. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

***Развивање на одбранбена политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност***

*Предлог - одлука за распоредување на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, АЛТЕА (април)*

Образложение: Со продолжување на учеството на Република Северна Македонија во мировната операција „Алтеа“, Република Северна Македонија останува посветена на заедничкиот ангажман на Европската унија за придонес кон безбедноста и стабилноста на Босна и Херцеговина.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Потврда на цврстата определба на Република Северна Македонија за силен придонес кон Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) и Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) на Унијата. Придонесот во меѓународните операции е елемент на оценување на Европската комисија во поглавјето 31 на НБОП. Потврда на севкупните напори на Република Северна Македонија за интеграција во Европската Унија и промовирање на заложбите за воспоставување на безбедност и мир на глобално и регионално ниво.

**Фискални импликации:** Има: 45,272,999 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Предлог - одлука за распоредување на припадници на Армијата на Република Северна Македонија во мировната операција на ООН „УНИФИЛ“ во Либан (април)***

Образложение: Преку придонес во мисиите предводени од ООН ја потврдуваме посветеноста на Република Северна Македонија кон глобалниот мир и безбедност. Со заедничкиот придонес со Република Италија во мисијата УНИФИЛ во Либан, ја продлабочуваме билатералната соработка со Република Италија и се создаваат услови за понатамошно унапредување на истата.

**НПАА-поглавје:** /

НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Презентирање на Република Северна Македонија како рамноправен партнер во рамките на ООН кој се залага за зачувување на заедничките вредностите и споделување на обврските. Позитивна евалуација од страна на ЕУ. Продлабочување и унапредување на билатералната соработка со Република Италија. |

**Фискални импликации:** Има: 2,884,303 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност***

***Предлог - закон за процена***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со изменување на законското решение е планирано укинување на електронското полагање на стручните испити и воведување на усмено и писмено полагање на кандидатите пред стручни комисии, врз основа на мерливи и објективни критериуми за проценка на нивните знаења. |

НПАА-поглавје: /

НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Донесување на законското решение со кое електронското полагање на испитите ќе биде заменето со усмен испит и писмена вежба "студии на случај" пред Комисија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

***Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени***

***Предлог -закон за индустриски емисии***

| | |
|---|---|
| Образложени е: | Главната цел преиспитување на потребата од утврдување друга посоодветна организациона форма за управување со водите како посебно правно лице. |

**НПАА-поглавје:** 3.27. - Животна средина и климатски промени

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2010.0500.6102

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување на нова институционална поставеност за управување со водите во Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

**Иницијатива со среден приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог - закон за уредување на трговијата со стоки кои можат да се користат за смртна казна, мачење или друго сурово, нечовечно и понижувачко однесување или казнување***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со овој Закон ќе се уредат меѓународните обврски на Република Северна Македонија врзани за заштита на човековите права. Уредувањето на националното законодавство по ова прашање ќе биде усогласено со законодавството на ЕУ - РЕГУЛАТИВА (ЕЗ) бр.2019/125 НА СОВЕТОТ од 16 |

јануари 2019 година во однос трговија со одредени стоки кои може да се користат за смртна казна, тортура или друго сурово, нечовечно или деградирачко однесување или казнување.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 30

**НПАА-подрачје:** Надворешни односи

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2018.0400.7502

**Очекувани влијанија:** Со донесување на законот ќе се оствари напредок во усогласувањето на националното законодавство со законодавството на ЕУ и ќе се исполнат меѓународните обврски на Република Македонија врзани за заштита на човековите права.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост***

**Образложение:** Допрецизирање на начинот и постапките за воспоставување на закуп на градежно земјиште кое не е приватизирано.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Да се воспостави закуп на градежното изградено земјиште во државна сопственост за кое сопствениците на објекти не поднеле барање за приватизација до истекот на рокот за поднесување на барање односно до 31.12.2021 година

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

*Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за девизното работење*

**Образложение:** Донесувањето на Закон за изменување и дополнување на Законот за девизното работење е со цел усогласување со новиот Закон за платежни услуги и платни системи, во кој ќе бидат транспонирани релевантните ЕУ Директиви.

**НПАА-поглавје:** 3.04 Слободно движење на капитал

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0700.7921

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за девизното работење ќе се изврши усогласување со новиот Закон за платежни услуги и платни системи, во кој ќе бидат транспонирани релевантните ЕУ Директиви.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

*Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска дисциплина*

**Образложение:** Со измената и дополнувањето на Законот за финансиска дисциплина се врши понатамошно усогласување на Законот за финансиска дисциплина со Директивата 2011/7/ЕУ за борба против задоцнетото плаќање во комерцијалните трансакции во делот на рокот за исполнување на паричните обврски помеѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор.

**НПАА-поглавје:** 3.20: Претпријатија и индустриска политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2021.0700.8250

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија:** | Со Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска дисциплина ќе се изврши постепено намалување на рокот за исполнување на паричните обврски помеѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор од 60 на 30 дена |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** **Министерство за финансии**

***Предлог- закон за заштита на потрошувачите***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | „Сообразување на законодавството и спроведување на законите", член 68 приспособување на законите на Република Македонија со правото на Европската Унија. |

**НПАА-поглавје:** 3.28 Заштита на потрошувачите и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачите

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0400.7933

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија:** | При спроведувањето на одредбите содржани во директивите за заштита на потрошувачите кои ќе се транспонирааат во Законот за заштита на потрошувачите, ќе се земе предвид следново: постојано следење на принципите на минимално и максимално усогласување: потребата за целосна имплементација на директивите; потребата да се постигне прецизна, детална и реална хармонизација; генерализација на индивидуалните правила содржани во неколку директиви. Новиот Закон за заштита на потрошувачи ќе обезбеди високо ниво на заштита на правата за потрошувачите, а истовремено ќе гарантира полесни услови за деловно работење; ќе се воспостави соодветна административна структура за развој и координација на оваа политика со сите други засегнати страни, ќе се зајакне независноста и репрезентативноста на здруженијата за заштита на потрошувачите, ќе се подобрат механизмите за поддршка на |

потрошувачите за решавање на нивните приговори и ќе се обезбедат адекватни услови за имплементација на политиките за безбедност на производи, се со цел да се постигне понатамошен напредок во оваа област. Дигитализација на услугите односно електронска комуникација.

**Фискални импликации:** Има: 3,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за економија

***Справување со последиците предизвикани од светската пандемија предизвикана од Коронавирусот***

---

***Предлог - закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции***

**Образложение:** Формирање на Агенција за медицински канабис.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрување на контролата над одгледувањето на медицински канабис.

**Фискални импликации:** Има: 3,200,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

***Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност***

***Предлог- закон за вештачење***

**Образложение:** Со изменување на законското решение е планирано допрецизирање на одредени норми, како и укинување на електронското полагање на стручните испити и воведување на усмено и писмено полагање на кандидатите пред стручни комисии, врз основа на мерливи и објективни критериуми за прценка на нивните знаења. Исто така, предвидено е и ревидирање на системот на судско вештачење преку законски измени.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0100.7748

**Очекувани влијанија:** Електронското полагање ќе биде заменето со усмен испит и писмена вежба "студии на случај" пред Комисија. Ќе се зголеми ефикасноста преку воспоставување на функционален систем за судско вештачење. Исто така, измените на Законот за вештачење се во насока на допрецизирање на нормите за влез во професијата вештак, вршење на дејноста и продолжување на лиценците.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција***

**Образложение:** Измената за Законот за водење на матична евиденција е во насока на давање можност граѓаните на Република Северна Македонија, кои живеат надвор од Република Северна Македонија, да можат директно на електронскиот портал на Управата за водење на матичните книги да поднесуваат барања за издавање на изводи од МКР и МКВ.Исто така, со оваа измена ќе се дополни Законот за водење на матична евиденција во насока на давање можност

граѓаните на Република Северна Македонија, кои живеат во дијаспора, директно со свое корисничко име на порталот на УВМК да поднесат барање и за издавање на Уверение за слободна брачна состојба. Со досегашното решение предвидено е издавање само на меѓународни изводи од МКР и МКВ, а во предлог-законот ќе се овозможи и издавање на извод од МКР и извод од МКВ на македонски образец.

**НПАА-поглавје:** 3.10-Информатичко општество и медиуми

**НПАА-подрачје:** /

ЕУ **преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2021.0100.8237

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија:** | Со донесување на измената на Законот за матична евиденција се очекува да се зголеми бројот на регистрирани корисници на електронскиот портал на Управата за водење на матични книги, да се зголеми бројот на поднесени барања и бројот на издадени изводи од МКР/МКВ како и дополнително да има голем број на барања за издавање на Уверение за слободна брачна состојба, сето тоа во насока на задоволни корисници, ефикасна услуга и изедначување на македонските граѓани кои живеат надвор од РСМ со македонските граѓани кои живеат во Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда во соработка со Управа за водење на матичните книги

***Модерна и ефикасна јавна администрација, базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти***

---

***Предлог - закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот Интегриран информациски систем за управување со финансии***

| | |
|---|---|
| Образложе ние: | Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на Договор за заем со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за задолжување. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со склучување на Договорот за заем се обезбедуваат средства за финансирање на Проектот Интегриран информациски систем за управување со финансии. |

**Фискални импликации:** Има: 922,500,000 ден

Светска Банка

**Предлагач:** Министерство за финансии

**Мај**

**Иницијатива со висок приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог-закон за нус-производи од животинско потекло***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со носење на Законот за нус – производи од животинско потекло се усогласи националното законодавство од оваа област со тогашното ЕУ законодавство преку транспонирање на Регулативата Бр. 1774 / 2002 на Европскиот Парламент и Совет од 3 октомври 2002 година за утврдување на здравствените правила во врска со нус – производите од животинско потекло кои не се наменети за исхрана на луѓето. Европскиот Парламент и Советот на Европската Унија во 2009 година ја донесоа Регулативата (ЕЗ) Бр. 1069/2009 на Европскиот Парламент и Советот од 21 октомври 2009 година за утврдување на здравствени правила за нус - производи од животинско потекло и производите добиени од нив кои не се наменети за исхрана на луѓето. |

**НПАА-поглавје:** 12 Безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** Ветеринарство

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2017.0800.7393

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија:** | Новиот Законот за нус – производи од животинско потекло има за цел да обезбеди високо ниво на заштита на јавното здравје и здравјето на животните, а посебно заштитата на безбедноста на ланецот на исхрана и ланецот на храна за животните, преку утврдување на начинот на собирањето, транспортот, отстранувањето, постапката, преработката, обработката, претворањето, складирањето, ставањето во промет, дистрибуцијата, употребата и нештетното отстранување на нус - производите од животинско потекло и производите добиени од нив. Овој закон се заснова на следните начела: законитост, заштита на јавниот интерес, обезбедување на задоволителен степен на ветеринарно јавно здравство и обезбедување на соодветен степен на здравствена заштита на животните, Основни решенија на законот се воведување на правила за нус - производите од животинско потекло и производи добиени од нив во врска јавното здравје и здравствените правила за животните како би се спречиле и намалиле ризиците поврзани со тие производи за јавното здравје и здравјето на животните. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

***Предлог-завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година се искажуваат планираните и остварените износи на приходите и приливите, расходите и одливите за изминатата 2021 година како и реализацијата на планираните политики. |

**НПАА-поглавје:** /

НПАА-подрачје: /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија го отсликува степенот на реализацијата на планираните политики и проекти на Владата на РСМ и ја зголемува отчетноста и транспарентноста на трошењето на јавните финансии.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог-закон за здравствена заштита на животните***

Образложение: Усогласување со последниот пакет на Законодавството на Европската Унија, Закон за здравствена заштита на животните.

**НПАА-поглавје:** 12 Безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** Ветеринарство

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2019.0800.7762

**Очекувани влијанија:** Новиот Закон за здравствена заштита на животните ги има за цел неколку јасни резултати и тоа: • Модерна и соодветна рамка за здравје на животните; • Подобро спречување, надзор и подготвеност за кризи поврзани со здравствена заштита на животните и • Науката, иновациите и истражувањето. Со новиот концепт на здравствена заштита на животните не се опфатени само отсуството на болести кај животните, туку преставува и столб за политиката на Европската Комисија, воедно и Република Северна Македонија во однос на здравјето на населението и безбедноста на храната. Клучната цел што ќе се постигне е нова политика за здравствена заштита на животните усогласена со политиките и законодавсвото на ЕУ.

**Фискални импликации:** /

Предлагач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

*Предлог -закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки*

Образложение: Со изменувањата и дополнувањата на Законот за јавните набавки се планира подобрување на праксата на јави набавки и допрецизирање на одредени одредби од истиот, воведување на некои антикорупциски елементи, како и подобрувања во делот на управната контрола, е-пазарот на набавки од мала вредност, жалбената постапка, постапката со преговарање без објавување оглас и едукацијата на службениците за јавни набавки. Иницијативата произлегува од заклучоците по 83-тата точка од 50-тата седница на Владата одржана на 2 март 2021 година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со усвојување на предложените измени и дополнувања се очекува да се подобри имплементацијата на Законот за јавните набавки и да се подобри праксата на спроведување јавни набавки во Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Справување со последиците предизвикани од светската пандемија предизвикана од Коронавирусот***

---

*Предлог - закон за изменување на Законот за заштита на населението од заразни болести*

Образложение: Промени во законот во правец на усогласување со Европското законодавство од областа на заштитата на населението од заразни болести. Пред се, усогласувањата треба да се спроведат во делот на регистрацијата на заразните болести. Во 2016 година беше спроведена оценска мисија на Европската Комисија во однос на контролата на системот за заразни болести. Врз основа на наодите од мисијата, доставен ни е Технички извештај со

препораки, меѓу кои е и препораката да се усогласи Националното законодавство за заразни болести со европското. Оваа препорака е адресирана во Акцискиот план за заразни болести усвоен од страна на Владата на 142 Седница одржана на 4 јули 2019.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.1300.7884

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Унапредена здравствена заштита, обезбеден ефикасен, функционален и оддржлив систем на превенција, контрола, надзор и одговор на заразни болести. |

**Фискални импликации:** /

Предлагач: Министерство за здравство

***Развивање на одбранбена политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност***

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на учесниците во мировните операции и операциите за колективна одбрана надвор од територијата на Република Македонија и на членовите на нивните семејства***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Заради овозможување на целосна електронска комуникација на Министерството за одбрана со физички и правни лица во државата, во однос на давање на административни услуги, од моментот на поднесување на барање за издавање на акти од надлежност на Министерството за одбрана, до издавање на истите од страна на Министерството за одбрана, како и електронска комуникација помеѓу сите правни лица во државата, се врши измена и дополнување на овој закон, со цел услугите од нивната надлежност, да се бараат и добиваат по електронски пат. Измената и дополнувањето на законот, се врши заради усогласување на истиот со Законот за електронско управување и електронски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 98/19) во кој во член 50 став (2) е уредено дека, надлежните |

органи се должни да ги усогласат своите закони со одредбите од овој закон, во рок од една година од денот на неговото влегување во сила.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Целосно електронско обезбедување на административните услуги, започнувајќи од поднесување на барање, до издавање на актот, со кој завршува постапката. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

---

**Иницијатива со среден приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

---

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка (1 измена)***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.13/06, 88/08, 159/08, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12, 187/13, 15/15, 97/15, 129/15, 154/15, 23/16, 35/18, 275/19 и Службен весник на Република Северна Македонија 290/20) се уредува општото даночно право, постапката на утврдување на данок, контрола на данок и наплата на данок, правата и обврските на даночниот обврзник и други прашања од даночната постапка. |

**НПАА-поглавје:** 3.16 - Оданочување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0700.8164

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка се очекува подобрување на наплата на даноците и споредните даночни давачки кои ги управува Управата за јавни приходи. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Справување со последиците предизвикани од светската пандемија предизвикана од Коронавирусот***

***Предлог- закон за медицински средства***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во 2019 година започна спроведувањето на Twining project со Литванската агенција за лекови кој што беше одобрен од Европската Унија. Целтта беше усогласување на националното законодавство за медицински средства со законодавството на Европската Унија, како зајакнување на капацитетите на Агенцијата за лекови и медицински средства на РСМ за имплементација на истото. Проектот заврши во април 2020 година. Во таа насока, се подготвува нов Предлог на Закон за медицински средства. |

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2015.1300.7279

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Унапредена здравствена заштита преку обезбедување на квалитетни и безбедни медицински средства, унапредување на постапките поврзани со регистрација на медицинските средства, следењето на несаканите дејства од употребата на медицнските средства, како и зајакнување на инспекцискиот надзор над медицинските средства. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за здравство

*Предлог - закон за лекови*

**Образложение:** Во 2019 година започна спроведувањето на Twining project со Литванската агенција за лекови кој што беше одобрен од Европската Унија. Целта беше усогласување на Националното законодавство за лекови со законодавството на Европската Унија, како и зајакнување на капацитетите на Агенцијата за лекови и медицински средства на РСМ за имплементација на истото. Проектот заврши во април 2020 година. Во таа насока, се подготвува нов Предлог на Закон за лековите.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2015.1300.7278

**Очекувани влијанија:** Унапредена здравствена заштита преку обезбедување на ефикасни, квалитетни и безбедни лекови, воспоставување на систем на следење на потрошувачката на лековите, унапредување на сите постапки поврзани со издавање на одобрение за ставање на лек во промет, одобрение на клиничките испитувања на лековите, следењето на несаканите дејства од употребата на лековите, како и зајакнување на инспекцискиот надзор над лековите.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за здравство

***Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност***

---

*Предлог-закон за правда на децата*

**Образложение:** Основна цел на Предлог-законот е остварување на најдобриот интерес на детето преку дефинирање на начелото на најдобар интерес на детето во член 3 од предлог-законот, надоградување на правната рамка за правда за децата со цел доследно почитување на принципот на најдобар интерес на детето, транспонирање на Директивите на ЕУ што се однесуваат на процедурална

заштита на децата кои се осомничени или обвинети во кривичната постапка и за утврдување на минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал, воедначување на системот на правна помош спрема дете во сите одредби на Предлог-законот, зајакнување на заштитата на децата-жртви и сведоци во кривичната постапка, внесување на процедурални одредби во однос на текот на судската постапка спрема дете и главниот претрес, зајакнување на механизмите за превенција на детското престапништво на локално и централно ниво, како и институционално, материјално и функционално зајакнување на Државниот совет за превенција на детското претстапништво.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2018.0100.7631

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Предложениот закон за правда за децата ќе допринесе кон остварување на најдобриот интерес на детето преку унапредување на правната рамка за правда за децата. Воедно, тоа ќе допринесе за социјална инклузија и недискриминација на децата во Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

**Јуни**

---

**Иницијатива со висок приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

---

***Предлог - закон за концесии на добра од општ интерес***

**Образложение:** Со цел разграничување на поимите концесија на добро од општ интерес и концесија за работа или услуга како вид на јавно приватно партнерство, а во таа насока разграничување на начинот и постапката за нивно доделување, неопходно е донесување на посебни закони кои ќе ја регулираат соодветната област.Ова и во насока на целосно усогласување на законодавството во областа на концесии со законодавството на ЕУ и потребата од воспоставување на Регистар за сите доделени договори за концесии на добра од општ интерес, кој ќе го води и управува Министерството за финансии.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Посебна правна рамка која ќе обезбеди разграничување и поконцизно регулирање на концесиите на добра од општ интерес и поголема транспарентност при доделување на овој вид на концесија.

**Фискални импликации:** Има: 1,222,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за економија

***Предлог-закон за безбедност на храна за животни***

**Образложение:** Со носење на новиот Закон за безбедност на храната за животни, ќе се усогласи националното законодавство од оваа област со актуелното ЕУ законодавство и прецизно ќе се уредат основните и посебните барања за храната за животни наменета за исхрана на животни кои се одгледуваат за производство на храна за луѓе и храната за животни наменета за исхрана на животни кои не се одгледуваат за производство на храна за луѓе, основните принципи и одговорности на операторите со храна за животни, ставањето во промет и употребата на храната за животни наменета за исхрана на животни кои се одгледуваат за производство на храна за луѓе, вклучувајќи ги и барањата за означување, пакување и рекламирање на храната за животни,

како и употребата и ставањето во промет на адитиви за храна за животни, утврдување на правилата за надзор и обележување на адитивите и премиксите.

**НПАА-поглавје:** 3.12 Безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** Ветеринарство

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0800.7760

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Новиот Закон за безбедност на храната за животни овозможува правна рамка за соодветно транспонирање на Европското законодавство, а со негова имплементација операторите со храна за животни подобро ќе се подготват за пристап на пазарот во Европската Унија и конкуренцијата во индустријата за храна за животни. Со Законот за безбедност на храната за животни ќе се обезбеди подобра заштита на здравјето на луѓето и животните, правна сигурност на операторите со храна за животни при вршење на официјалните контроли и почитување на јавниот интерес на граѓаните за безбедна храна од животинско потекло преку употреба на безбедна храна за животни во исхрана на животните. Со целосна имплементација на Законот за безбедност на храната за животни ќе се подобрат условите за заштита на животната средина. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

***Предлог- закон за јавно приватно партнерство***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во насока на воспоставување ефективен систем за јавно-приватно партнерство и концесии и законодавство во согласност со европското законодавство односно транспонирање на Директивата 2014/23 / ЕУ за доделување договори за концесија неопходно е носење на нов закон кој ќе ја регулира оваа област.Имено недостатокот на јасни правила на ниво на Унијата, со кои би се уредувало доделувањето на договорите за концесија,ја наметнува потребата од оваа директива и нејзино транспонирање во законодавството на земјите членки, како и оние кои претендираат за |

членство во истата, а со цел да се обезбеди соодветна, балансирана и флексибилна правна рамка за доделување на концесии, а аналогно на тоа обезбедување на ефикасен и недискриминаторски пристап до пазарот, поголема правна сигурност на сите економски оператори, а со самото тоа и дополнително отворање на меѓународните пазари и поттикнување на глобалната трговија. Воедно, со цел обезбедување поголема транспарентност при доделување на договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство и следливост во нивната реализација се наметна и потребата од воспоставување на Единствен електронски систем за доделување на договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство кој ќе генерира Регистар на доделени договори, зајакнување на улогата на Министерството за економија и воведување надлежност на Министерството за финансии во следење на реализација на договорите,кои би биле предмет на регулирање на предложениот закон.

**НПАА-поглавје:** 3.05 Јавни набавки

**НПАА-подрачје:** Подрачје 3.05 Јавни набавки (концеси за јавна работа/јавна услуга))

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** нема

**ЕПП:** 2018.0400.7503

**Очекувани влијанија:** Правна рамка која ќе биде во согласност со постојните директиви за концесии и јавно приватно партнерство, а аналогно на тоа подобрување на ефикасноста на системот за јавно приватно партнерство во целина усогласен со правото на ЕУ, а се со цел обезбедување поекономични и поквалитетни јавни услуги.

**Фискални импликации:** Има: 1,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за економија

*Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година*

| | |
|---|---|
| Образложение: | Доколку има промени во реализацијата на приходите и расходите со измена и дополна на Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година се обезбедуваат неопходни прилагодувања на приходната и расходната страна од Буџетот во однос на иницијално планираните. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со ревидирање на приходите и расходите со измена и дополна на Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година се обезбедува одржување на макроекономската и фискалната стабилност, умерено ниво на буџетски дефицит и јавен долг и поддршка на економијата со значителни инвестиции во продуктивни проекти. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог-закон за официјални контроли во храна, фитосанитарна и ветеринарна политика***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со предлог законот се уредуваат официјалните контроли во храна, фитосанитарна, ветеринарна политика, органско земјоделско производство, вино и заштитени производи. Се воспоставува годишна програма за официјални контроли во сите горенаведени области. |

**НПАА-поглавје:** 12 Безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** Безбедност на храна

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2019.0800.7877

**Очекувани влијанија:** Вооедначен систем на сите чинители во ланецот на храна, фитосанитарна и ветеринарна политика. Правење дистинкција помеѓу субјектите надлежни за определни области од ланецот на храна.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија***

---

***Предлог -нов закон за електронско управување и електронски услуги***

**Образложение:** Воспоставување практична, транспарентна и едноставна рамка која овозможува слободен проток на податоци во со цел да се постигне поголема усогласеност со законодавството на ЕУ, да се забрза дигитализацијата и да се зголеми конкурентноста низ државата. Воедно и транспонирање на Регулативата 2018/1807.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 10. ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ

**НПАА-подрачје:** Подрачје 10.2. Услуги на информатичкото општество

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрување на законодавниот текст што произлегува од две годишното користење на постоечкиот закон како и воспоставување практична, транспарентна и едноставна рамка која овозможува слободен проток на податоци во регионот на Западен Балкан.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

***Развивање на одбранбена политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност***

***Предлог - одлука за распоредување на припадници на Армијата на Република Северна Македонија во мировната операција на ООН „УНИФИЛ" во Либан-(јуни)***

Образложение: Преку придонес во мисиите предводени од ООН ја потврдуваме посветеноста на Република Северна Македонија кон глобалниот мир и безбедност.Со заедничкиот придонес со Република Италија во мисијата УНИФИЛ во Либан, ја продлабочуваме билатералната соработка со Република Италија и се создаваат услови за понатамошно унапредување на истата.

**НПАА-поглавје:** \

**НПАА-подрачје:** \

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** \

**ЕПП:** \

**Очекувани влијанија:** Презентирање на Република Северна Македонија како рамноправен партнер во рамките на ООН кој се залага за зачувување на заедничките вредностите и споделување на обврските. Позитивна евалуација од страна на ЕУ. Продлабочување и унапредување на билатералната соработка со Република Италија.

**Фискални импликации:** Има: 3,172,789 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување***

Образложение: Со измена и дополна на одредени членови од Законот за заштита и спасување ќе се овозможи подобро функционирање на Дирекцијата за заштита и спасување, бидејќи досегашните решенија не се функционални и прават големи потешкотии при извршување на заштитата и спасувањето на лица, материјални добра, културно наследство во мир, вондредна и воена состојба. Ќе се реши статусот на вработените при вршење на мобилизација и

активности на терен, можност за пополна на штабовите и проблем на пополна на републичките сили која сега треба да ја врши Министерството за одбрана.

**НПАА-поглавје:** 3.27-Животна средина и климатски промени

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2018.1000.7708

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Досегашниот закон предвидува ограничување на припадниците до 50 години за жени и 55 години за мажи, со менување на овој член би се усогласиле со сегашните 64 години за мажи и жени. Со сегашното законско решение само граѓаните можат да бидат распоредени по штабови и единици, со додавањето и на вработените од Дирекцијата за заштирта и спасување би се овозможило сите вработени да бидат ангажирани и да остварат право на финансиски надоместок, осигурување и др. права кои сега само им следат на граѓаните. Со менување на членовите во делот на силите за заштита и спасување ќе се добијат функционални единици и ќе се измени делот на опремата. Усогласување на нашите сили од Република Северна Македонија со силите на Механизмот на цивилната заштита на Европската Унија, НАТО и УН, и со ова ние конечно би можеле да учествуваме на меѓународни мисии. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана во соработка со Дирекција за заштита и спасување

***Квалитетно образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот***

---

***Предлог - закон за средно образование***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со новиот Закон за средното образование се очекува да се усогласи со Законот за национална рамка на квалификации, Законот за стручно образование и обука. |

**НПАА-поглавје:** 3.26 Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.1400.7789

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на овој закон се очекува започнатите реформи да придонесат во подобрување на квалитетот на средното образование согласно со приоритетите дадени во Стратегијата за образование 2018-2025 и хармонизација со потребите на пазарот на трудот. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

***Модерна и ефикасна јавна администрација, базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти***

***Предлог - закон за висока раководна служба***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во законодавството во Република Северна Македонија не постои јасно разграничување меѓу политичкото и професионалното ниво, односно не е јасно дефиниран и утврден опфатот за висока раководна служба. Со новиот Закон за Висока Раководна Служба (ВРС), ќе се воспостави воедначена процедура за назначување на раководна позиција, професионализација на раководните позиции - издвоена од политичкото управување, со политичка одговорност. Основна цел од воспоставување на Висока Раководна Служба (ВРС) е унапредување на јавните услуги, подобар придонес кон модернизација на државната администрација и зајакнување на доброто владеење како иманентен принцип на работење во јавната администрација. |

**НПАА-поглавје:** Политички критериуми/РЈА

**НПАА-подрачје:** 1.2 Реформа на јавна администрација

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2019.0007.7736

**Очекувани влијанија:** Разграничување на политичкото од професионалното ниво во администрацијата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

*Предлог-закон за надворешни работи*

**Образложение:** Законот има за цел реформирање на дипломатската служба, со цел нејзина целосна професионализација и приближување кон европските текови за современи дипломатски служби.

НПАА-поглавје: /

НПАА-подрачје: /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Со донесување на Законот ќе се изгради професионална и ефикасна дипломатска служба која ќе биде соодветен соговорник во светската дипломатија.

**Фискални импликации:** Има: 26,849,800 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

*Предлог - закон за Централен регистар на население*

**Образложение:** Со донесување на нов Закон за Централен регистар на население ќе се подобри законскиот текст на законот од употребата на истиот во период од две години.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 10. ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ

**НПАА-подрачје:** Подрачје 10.2. Услуги на информатичкото општество

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Соодветна имплементација на стандарди за поврзување на институциите со Централниот регистар на население. Воведување на две нивоа за пристап до Централниот регистар на население.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

*Предлог - закон за вработените во јавниот сектор*

**Образложение:** Согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација и недостатоци од практичната примена на одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Министерството за информатичко општество и администрација ќе пристапи кон измена на постојната регулатива во насока на унапреден процес на планирање на вработувањата и олеснета мобилност на вработените во институциите од јавниот сектор. Со оглед на обемноста на измената на овој закон, министерството ќе пристапи кон донесување на нов Закон за вработените во јавниот сектор.

**НПАА-поглавје:** Политички критериуми/РЈА

**НПАА-подрачје:** 1.2 Реформа на јавната администрација

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0007.7743

**Очекувани влијанија:** Унапреден процес на стратешко, буџетско и планирање на човечки ресурси.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

***Предлог-закон за административни службеници***

**Образложение:** Согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација и недостатоци од практичната примена на одредбите од законот за административни службеници, Министерството за информатичко општество и администрација ќе пристапи кон измена на постојната регулатива со преземање на мерки насочени кон намалување на ризиците од партизација на администрацијата, преку унапредување на постапките за селекција, јасно дефинирани услови за вработување и унапредување, зајакнување на капацитетите на комисиите за селекција, подобрување на системот за оценување, стручното усовршување на административните службеници, единствено и квалитетно управување со човечките ресурси. Со оглед на обемноста на измената на овој закон, министерството ќе пристапи кон донесување на нов Закон за административни службеници.

**НПАА-поглавје:** Политички критериуми/РЈА

**НПАА-подрачје:** 1.2 Реформа на јавна администрација

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0007.7741

**Очекувани влијанија:** Намалување на ризиците од политизација преку воведување на јасни критериуми во постапките за селекција и вработување и унапредување на процесот на оценување.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

**Иницијатива со среден приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог - закон за финансиско обезбедување***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во 2008 година се донесе Законот за финансиско обезбедување со кој беа уредени условите и начинот за користење на финансиско обезбедување на побарувања врз основа на договори за финансиско обезбедување. Со цел обезбедување на целосна усогласеност на домашното законодавство со Директивата 2002/47/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот од 6-ти јуни 2002 година за аранжмани на финансиска гаранција, има потреба од донесување на нов закон за финансиско обезбедување. |

**НПАА-поглавје:** 3.09 –Финансиски услуги

**НПАА-подрачје:** 3- Инфраструктура на финансиски пазари

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на законот ќе се обезбеди поголема сигурност на финансиски трансакции помеѓу субјектите и ќе се зголеми ликвидноста на финансискиот пазар преку можноста за располагање со заложеното финансиско обезбедување. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог - закон за инсолвентност***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со новиот Закон за инсолвентност се пополнуваат правни празнини во постоечкиот Закон за стечај, односно се подобруваат некои законски решенија. Со законот се имплементираат горенаведените ЕУ директиви, особено преку воведување на системот на рано предупредување, како и со |

воведување на нова постапка на превентивно преструктуирање на друштвата со финансиски потешкотии, со која би се овозможило истите да продолжат со деловната активност.

**НПАА-поглавје:** 3.06.-Право на трговски друштва

**НПАА-подрачје:** Влез излез од пазарот

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** Имплементација на директива (ЕУ 2019/1023) и Директива (ЕУ 2017/1132) Директива за преструктуирање и инсолвентност

**ЕПП:** 2020.0400.7902

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со новиот закон ќе се воспостави солиден и ефикасен систем на инсолвентност, преку подобрување на регулаторната рамка за инсолвентност, поттикнување на претпријатијата со потешкотии да се обидат да преговараат за привремено ослободување на долговите и да ги договорат условите за подмирување на долгот надвор од судот преку соодветен механизам. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

***Предлог - закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за рехабилитација на источниот дел на железничката пруга на Коридор 8, фаза 3 – делница Крива Паланка – Деве Баир, граница кон Република Бугарија***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на Договор за заем со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за задолжување. |

НПАА-поглавје: /

НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Со склучување на Договорот за заем се обезбедуваат средства за финансирање на Проектот рехабилитација на источниот дел на железничката пруга на Коридор 8, фаза 3 – делница Крива Паланка – Деве Баир, граница кон Република Бугарија.

**Фискални импликации:** Има: 6,150,000,000 ден

Други извори

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог - закон за државна ревизија***

**Образложение:** Постојниот Закон за државната ревизија во голема мера е усогласен со стандардите на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ). Во насока на дополнително усогласување, а со цел да се обезбеди подобрување на функцијата на надворешната ревизија во јавниот сектор, како и зголемување на финансиската и оперативната независност на Државниот завод за ревизија, во рамки на твининг проектот „Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор " МК 18 ИПА ФИ 03 20 ќе се подготви нов текст на закон.

**НПАА-поглавје:** 3.32 - Внатрешна контрола

**НПАА-подрачје:** 2- Надворешна ревизија

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2021.0700.8232

**Очекувани влијанија:** Регулирање на уставноста на Државниот завод за ревизија, јакнеење на неговата финансиска и оперативна независност како и воспоставување на редовен и ефикасен механизам за разгледување на ревизорските извештаи од страна на Собранието на Република Северна Македонија следејќи ја најдобрата пракса од оваа област на земјите во Европската Унија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог - закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициска банка по Договорот за заем за рехабилитација на источниот дел на железничката пруга на Коридор 8, фаза 3 – делница Крива Паланка – Деве Баир, граница кон Република Бугарија***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на Договор за заем со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за задолжување. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со склучување на Договорот за заем се обезбедуваат средства за финансирање на Проектот рехабилитација на источниот дел на железничката пруга на Коридор 8, фаза 3 – делница Крива Паланка – Деве Баир, граница кон Република Бугарија. |

**Фискални импликации:** Има: 6,150,000,000 ден

Други извори

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог-закон за дијаспора***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Воспоставување правна рамка за соработка на Република Северна Македонија и Дијаспората. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Позасилена соработка со дијаспората во повеќе области.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност***

---

***Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за лична карта***

**Образложение:** Пред отпочнување на Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за лични карти на објавување на ЕНЕР, произлезени се дополнителни консултации со конкретни забелешки во однос на евиденциите за податоци, кои ги води министерството. Поради тоа, предметниот закон нема да биде донесен во месец декември 2021 година, при што истиот се предлага за 2022 година.

**НПАА-поглавје:** 3.10. - Информатичко општество и медиуми

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2021.0600.8222

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на Предлог-закон, ќе се подобри на квалитетот и контролата на податоците за граѓаните на Република Северна Македонија, како и ќе се овозможи подобар пристап кон граѓаните во насока на доследно остварување на нивните права и обврски. Притоа, наведениот закон целосно ќе се усогласи со Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за внатрешни работи

*Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за патни исправи на државјаните на Република Северна Македонија*

| | |
|---|---|
| Образложение: | Во однос на Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија, од страна на Агенцијата за заштита на личните податоци, дадено е дополнително мислењето од аспект на прописите за заштита на личните податоци, со кое е укажано дека министерството треба да изработи Проценка, со цел да се прикаже начинот на имплементирање на нормативните решенија поврзани со обработка и заштита на личните податоци на субјектите, притоа Проценката ќе треба да се достави до Агенцијата. |

**НПАА-поглавје:** 3.10 - Информатичко општество и медиуми

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2021.0600.8225

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со предложениот закон се очекува поголема ефикасност во постапувањето при издавање на патни исправи, подобрување на квалитетот и контролата на податоците за граѓаните на Република Северна Македонија, преку воспоставување на точна евиденција со цел олеснување на пристапот на граѓаните до документот. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за внатрешни работи

*Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните*

| | |
|---|---|
| Образложение: | Пред отпочнување на Предлог -Законот за изменување и дополнување на Законот за пријавувањена живеалиштето и престојувалиштето на граѓани на објавување на ЕНЕР, произлезени се дополнителни консултации со конкретни забелешки во однос на евиденциите што се водат при промена на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните. Поради тоа, предметниот |

Закон нема да биде донесен во месец декември 2021 година, при што истиот се предлага за 2022 година.

**НПАА-поглавје:** 3.10 - Информатичко општество и медиуми

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2021.0600.8226

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на Предлог-Закон, ќе се овозможи да се отстранат пропустите во делот на регулирање на пријавување на живеалиштето на граѓаните и промената на адресата. Притоа, целосно ќе се усогласат одредбите на предметниот Закон со Законот за лична карта.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за внатрешни работи

**Јули**

**Иницијатива со висок приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог- закон за задолжително земјоделско осигурување***

**Образложение:** Република Северна Македонија почна да развива инструмент за поддршка на осигурувањето во земјоделството во 2008 година преку програмите за директна финансиска поддршка. Во изминатиот период штетите кои настана во земјоделството, а се предизвикани од временски непогоди во одреден процент беа исплаќани од Буџетот на Република Северна Македонија кај земјоделците кои не си го осигуруваа производството. Предложениот систем има за цел да ги замени постоечките ад-хок шеми за помош по катастрофи со решенија за осигурување на посевите и добитокот

на државно ниво. Предлозите за системско решение со воспоствување на Фондот за земјоделско осигурување се во насока на унифицирање на надлежностите и постапките при настанувањето на штетите во земјоделството од неповолни климатски настани по еден законски основ, преку изработка и донесување на сила на Закон за задолжително земјоделско осигурување.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Заштита на земјоделците од влијание на климатски промени, стабилизација и развој на земјоделското осигурување, централизација и стандардизација на покривањето ризици преку Фонд за земјоделско осигурување кој е во државна сопственост, брза и фер исплата во случај на штети каде проценките ќе ги вршат исклучиво лиценцирани проценители, поефективна употреба на државната поддршка во форма на покривање на процент од цената на полисата, целосна покриеност на земјоделското производство со осигурување, заштита и ослободување на буџетот од ад хок исплата на штети. |

**Фискални импликации:** Има: 187,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

***Развивање на одбранбена политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност***

***Предлог-закон за заштита од пожари***

**Образложение** Со оглед на фактот дека сме една од ретките држави во Европа која нема донесено Закон за заштита од пожари, односно истиот беше укинат со формирањето на Дирекцијата за заштита и спасување, која стана правен

: наследник за спроведување на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кои претходно беа во надлежност на МВР, како и досегашното повеќегодишно искуство укажа на неопходноста од итно донесување на вакво законско решение. Со предложената иницијатива ќе се прошири и дорегулира мерката за заштита од пожари, експлозии и опасни материи од Законот за заштита и спасување како и одреден дел од одредбите во Законот за пожарникарството. Од истиот ќе произлезат ефикасни подзаконски акти кои ќе се базираат на реалната состојба во областа на заштитата од пожарите како и реалната потреба на субјектите кои се дел од областа, а со цел доведување до подобрување на превенцијата и подготвеноста на субјектите за справување со пожари, експлозии и опасни материи. Ќе се создаде основа за ефикасна заштита на луѓето, материјалните добра и животната средина, како и значително зголемување на нивото на заштитата, по углед на современите европски закони. Понатаму, ќе се создадат услови за усогласување и доуредување на законските прописи во областа на заштитата и спасувањето и пожарникарството, како и овозможување на ефикасна примена на техничките прописи од областа на заштитата од пожари, експлозии и опасни материи и овозможување на воведување на нови технички мерки. Сето ова ќе доведе до зголемена одговорност на сите чинители во поглед на заштитата од пожари.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Целта на овој закон е правилно и целосно дефинирање на системот за заштита од пожари, неговите субјекти и обврските на субјектите. Со донесување на овој закон се цели кон: - намалување на ризикот од настанување на пожари, експлозии и техничко-технолошки несреќи со што би се смалиле материјалните штети и бројот на повредени и загинати лица. - Поедноставување на процесот на добивање на потребни согласности од областа на заштитата од пожари, - овозможување на ефикасна работа при расветлување на причините за настанување на пожари и експлозии. - уредување на целокупната материја која претставува интегриран систем на заштита од пожари. - Попрецизна и поефикасна работа на инспекцијата при Дирекцијата во заштита и спасување, во чија надлежност е заштитата од пожари, експлозии и опасни материи. - Лиценцирање на кадри кои ќе се занимаваат со проектирање и изведба на посебни системи и инсталации и

примена на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. - Лиценцирање на правни субјекти кои ќе се занимаваат со поставување, изведба, испитување, одржување, сервисирање, чистење, трговија, контрола на сите инсталации, системи, уреди, средства, опрема и постројки кои што се однесуваат на заштитата од пожари, експлозии и опасни материи, при што со самото тоа нашата држава ќе има комплетни досиеја, евиденција и регистар за сите правни субјекти и кадри кои што ќе работат во оваа област а кои во моментот не постојат. Овој закон ќе се однесува на три категории на субјекти и тоа: - прва категорија – граѓаните, со зголемување на безбедноста на нивните животи и материјални добра; - втора категорија – сите правни субјекти и физички лица на кои што ќе им се поедностават обврските согласно законот; - трета категорија државни органи и организации на кои подобро ќе им се уредат меѓусебните односи во областа и обезбедување на поефикасен сервис на институциите кон граѓаните и правните субјекти. Овој закон ќе стимулира појава на нови правни субјекти кои што ќе се занимаваат со областа на заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Со овој закон се предвидува објектите, земјиштето и стопанските активности на сите правни субјекти во системот да се поделат во повеќе категории во зависност од загрозеноста од пожари: - со висок ризик - со зголемен ризик, и - со намален ризик од појавување на пожари со што ќе се утврдат обврските на сите чинители на системот за заштита од пожари

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана во соработка со Дирекција за заштита и спасување

***Модерна и ефикасна јавна администрација, базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти***

---

***Предлог-закон за стратешко планирање и управување со развојот на Република Северна Македонија***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Донесувањето на овој закон произлегува од потребата за воспоставување на единствен и функционален систем на стратешко планирање и управување со развојот на Република Северна Македонија, кој ќе ги регулира во единствена |

законска рамка националните, долгорочните, среднорочните и краткорочните стратешки плански документи на државно и локално ниво.

**НПАА-поглавје:** 1.2 Реформа на јавната администрација

**НПАА-подрачје:** Креирање на политики и координација

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување на единствен и функционален систем на стратешко планирање и управување со развојот на Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

---

**Иницијатива со среден приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

---

***Предлог-закон за осигурување***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Донесување на нов Закон за осигурување, со цел усогласување со Директивата 2009/138/ЕЦ за основање и водење на деловни активности за осигурување и реосигурување (Солвентност II). |

**НПАА-поглавје:** 3.09-Финансиски услуги

**НПАА-подрачје:** 2-Осигурување и капитално финансирано пензиско осигурување

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2008.0700.4828

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на нов Закон за осигурување ќе се подобри стабилноста и одржливоста на осигурителниот сектор во насока на подобра заштита на правата на осигурениците, ќе се унапреди подготвеноста на секторот за соочување со конкурентските притисоци во рамки на Европската Унија и ќе се изврши понатамошна хармонизација со директивите на Европската Унија по однос на осигурувањето. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог - закон за алтернативни инвестициски фондови***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесувањето на Законот за алтернативни инвестициски фондови ќе се воспостави нова законска рамка во која ќе биде имплементирана Директивата за алтернативни инвестициски фондови 2011/61/ЕУ и Регулативата 345/2013 за европски фондови со претприемачки капитал. Со имплементацијата на горенаведената Директива и Регулатива ќе бидат воведени одредби кои се однесуваат на следното: - дефинирање на алтернативните инвестициски фондови кои што ќе можат да вложуваат во startup претпријатија, во недвижен имот, во општествено одговорни претпријатија и др, - воведување на два вида на форми на друштва за управување, друштво за управување кое врши внатрешно управување на АИФ и друштво кое може да врши надворешно управување на АИФ, - на политики на наградување на друштвото за управување, - воведување на можноста на нов начин на инвестирање преку воведување на тип на договор за ограничено партнерство (договор помеѓу менаџер/управител и еден или повеќе инвеститори при што како инвеститор ќе може да се јави и државата, а одговорноста на инвеститорите ќе биде во согласно износот на нивната инвестиција.) |

**НПАА-поглавје:** Поглавје 9 - Финансиски услуги

**НПАА-подрачје:** Подрачје 4 – Пазари на хартии од вредност и инвестициски услуги

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2021.0700.8240

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на Законот за алтернативни инвестициски фондови ќе се обезбеди усогласеност на домашната регулатива со релевантните Европска Директиви и Регулативи во делот на основањето на АИФ, што ќе овозможи формирање на нови видови на алтернативни инвестициски фондови (пр. фондови кои вложуваат во startup претпријатија, во недвижен имот, во општествено одговорни претпријатија и др. Регулирањето на алтернативните инвестициски фондови дополнително ќе придонесе за поттикнување на странски инвеститори за внес на капитал во земјата и поттикнување за инвестирање и на домашни инвеститори што дополнително ќе придонесе за поттикнување на развојот на пазарот на капитал во Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија***

---

***Предлог – закон за заштита на културното наследство***

**Образложение:** Со Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија „ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) се утврдуваат видовите, категориите, идентификацијата, начините на ставање под заштита и другите инструменти на заштита на културното наследство, правата и должностите на имателите и ограничувањата на правото на сопственост на културното наследство во јавен интерес, организацијата, координацијата и надзорот, стручните звања и други прашања што се од значење за единството и функционирањето на системот за заштита на културното наследство во Република Северна Македонија. Новиот закон за заштита кој се предлага да се донесе треба да обезбеди решавање на сите проблеми кои се појавија во изминатиот период преку нова организациона поставеност на институциите за заштита на културното наследство особено во однос на предметот на работа на институциите за заштита и јасно дефинирани надлежности на Управата за заштита на културно наследство.

**НПАА-поглавје:** 26-Образование, култура и млади

НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: број 2021.0300.8197

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со изработката на нов закон за заштита на културното наследство, ќе се обезбедат услови за системска заштита на културното наследство на сите нивоа. Воедно со законот за заштита на културното наследство ќе се направи усогласување со стандардите на земјите членки од ЕУ во оваа област. Постојниот Закон за заштита на културното наследство е усогласен со Директивата 93/7/ЕЕЗ за враќање на културните добра незаконски изнесени од територијата на земја членка, Директивата 96/100/ЕЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 17.02.1997 година за дополнување на Анексот на Директивата 93/7/ЕЕЦ. Во Законот за заштита на културното наследство, исто така, е имплементирана Регулативата (ЕЕЗ) бр. 3911/92 на Советот од 09.12.1992 година што се однесува на извоз на културни добра. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за култура

**Август**

**НЕМА**

**Септември**

---

**Иницијатива со висок приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

---

***Предлог - закон за изменување и доплнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа***

| | |
|---|---|
| **Образложение** | Со Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа се доуредува постапката за изготвување, донесување и извршување на буџетите на |

: единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, односно се усогласува со новиот Закон за буџети. Предлог- законот треба да биде во согласност со подобрувањата на системот на јавните финансии, со цел обезбедување на рамка за водење на здрава, предвидлива и одржлива фискална политика и зголемување на буџетска дисциплина и одговорност.

**НПАА-поглавје:** 3.33- Финансиски и буџетски одредби

**НПАА-подрачје:** НЕ

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: НЕ

**Очекувани влијанија:** Со примената на Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа се очекува унапредување на управувањето со јавните финансии во согласност со европските стандарди.

**Фискални импликации:** /

Предлагач: Министерство за финансии

***Развивање на одбранбена политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност***

***Предлог - одлука за распоредување на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија во Централноафриканска Република – ЕУТМ ЦАР (септември)***

**Образложение:** Со учество во мировната операција ЕУТМ ЦАР, Република Северна Македонија останува посветена на заедничкиот ангажман на Европската унија за придонес кон безбедноста и стабилноста на ЦАР. Со заедничкиот придонес со Република Франција во мисијата ЕУТМ ЦАР, дефакто се продлабочува билатералната соработка со Република Франција и се создаваат услови за понатамошно унапредување на истата.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Потврда на цврстата определба на Република Северна Македонија за силен придонес кон Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) и Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) на Унијата. Придонесот во меѓународните операции е елемент на оценување на Европската комисија во поглавјето 31 на НБОП. Потврда на севкупните напори на Република Северна Македонија за интеграција во Европската Унија и промовирање на заложбите за воспоставување на безбедност и мир на глобално ниво. Ја продлабочуваме и унапредуваме билатералната соработка со Република Франција. |

**Фискални импликации:** Има: 5,006,876 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Предлог - одлука за распоредување на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, АЛТЕА (септември)***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со продолжување на учеството на Република Северна Македонија во мировната операција „Алтеа“, Република Северна Македонија останува посветена на заедничкиот ангажман на Европската унија за придонес кон безбедноста и стабилноста на Босна и Херцеговина. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекуван и влијанија:** Потврда на цврстата определба на Република Северна Македонија за силен придонес кон Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) и Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) на Унијата. Придонесот во меѓународните операции е елемент на оценување на Европската комисија во поглавјето 31 на НБОП. Потврда на севкупните напори на Република Северна Македонија за интеграција во Европската Унија и промовирање на заложбите за воспоставување на безбедност и мир на глобално и регионално ниво.

**Фискални импликации:** Има: 1,529,736 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност***

---

*Предлог- закон за помилување*

Образложение: Отстранување на лоцираните недостатоци во досегашната примена на Законот и посебно доуредување на прашањата поврзани со членот 11 од Законот.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 23

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Надминување на проблемите во досегашната пракса во оваа област.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

***Квалитетно образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот***

***Предлог -закон за изменување и дополнување на Закон за спортот***

Образложение: Измени и дополнувања на Закон за спортот се во насока на уредување и прецизирање на прашања врзани за одредени сегменти во дејноста спорт, како и бришење на членови кои во постојниот Закон, немаат примена и истите го обременуваат и го прават неприменлив.

**НПАА-поглавје:** 3.26 - Образование, култура и млади

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.1400.8133

**Очекувани влијанија:** Со измените во Законот за спортот ќе се уреди дејноста спорт, со подобра примена на законските решенија и прецизирање на прашања поврзани со одредени сегменти во дејноста спорт

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда во соработка со Агенција за млади и спорт

**Иницијатива со среден приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба***

Образложение: Законот се предлага со цел негово усогласување со законодавството на ЕУ, со регулативата на Европската унија 821/21 за воспоставување на режим за контрола на извоз, трансфер, брокеринг , техничка помош и транзит на стоки и технологии со двојна употреба.

**НПАА-поглавје:** 3.30. Надворешни односи

**НПАА-подрачје:** 3.30.1. Заедничка трговска политика

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** Нема

ЕПП: 2016.0400.7381

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на Законот ќе се оствари напредок во усогласувањето на националното законодавство со законодавството на ЕУ и ќе се исполнат меѓународните обврски на Република Северна Македонија во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици, вклучително тероризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странските борци и миграциите. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

***Предлог- закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на проектот Изградба на интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Грција и изградба на магистрални гасоводи делница Гостивар - Кичево и делница Свети Николе - Велес, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и АД НЕР Скопје***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на Договор за заем со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за гаранција. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани** | Со склучување на Договорот за заем и Договорот за гаранција, се обезбедуваат средства за финансирање на проектот Изградба на |

**влијанија :** интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Грција и изградба на магистрални гасоводи делница Гостивар - Кичево и делница Свети Николе - Велес.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог- закон за сметководство на буџетите и буџетските институции***

**Образложение :** Со донесувањето на новиот Закон за сметководство на буџетите и буџетските институции ќе се изврши реформата во областа на буџетското сметководството во насока на замена на „готовинското начело", со таканареченото „модифицирано пресметковно начело". Овој нов концепт на евиденција ќе овозможи пореално и поажурно следење на неподмирените обврски кај буџетските корисници. Воведувањето на „модифицираното пресметковно начело" ќе ја наметне потребата и од развој на капацитетите на сметководствената професија во јавниот сектор. Реформата на сметководствената професија ќе опфати задолжителна обука и полагање на испит за сертификација на сметководителите во јавниот сектор.

**НПАА-поглавје:** Поглавје: 3.33- Финансиски и буџетски одредби

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на Законот за сметководство на буџетите и буџетските институции, ќе овозможи пореално и поажурно следење на неподмирените обврски кај буџетските корисници и подигање на капацитетите на сметководителите во јавниот сектор.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

*Предлог- закон за метрологијата*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Основна цел на Предлогот на закон е понатамошно хармонизирање на законодавството во областа на слободното движење на стоките на внатрешниот (единствен) пазар согласно Европското законодавство и обезбедување на еднаков третман на производите кои се пуштаат на пазарот или се ставаат употреба во Република Северна Македонија заради: заштита на животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата, животната средина и природата, заштита на потрошувачите и на другите корисници на производите, како и заштита на јавниот интерес. Со новиот Предлог на законот за метрологијата се врши доусогласување на националното законодавство за безбедноста на производите и тоа со Одлуката 768/2008 на Европскиот парламент и со Директивата за мерила 2014/32 и Директивата за неавтоматски ваги 2014/31, а се со цел на соодветна примена на национално ниво на горенаведените директиви, со цел спречување на нови бариери за трговијата, обезбедување на взаемно признавање и слободно движење на стоките и вклучување на Република Северна Македонија во внатрешниот пазар, притоа исполнувајќи ги обврските преземени со ССА за елиминирање на техничките бариери за слободно движење на производите. |

**НПАА-поглавје:** 3.1 Слободно движење на стоки

**НПАА-подрачје:** Општи принципи

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2015.0400.7277

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Создавање на внатрешен пазар без технички бариери за слободно движење на безбедните производи кои се пуштаат на пазарот и ставаат во употреба; остварување и заштита на јавниот интерес; заштита на животот и здравјето на луѓето, животната средина и заштита на имотот. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

*Предлог -закон за државната статистика*

**Образложение:** Законот за државната статистика е донесен во 1997 година и досега изменуван девет пати. Потребно е донесување на нов закон поради потребата од усогласување со новодонесените регулативи и директиви на ЕУ од областа на статистиката, посебно со регулативата на ЕУ 223/2009 на Европскиот парламент и Совет и подоцнежните измени на истата. Воедно, потребно е да се изврши и усогласување со Законот за заштита на личните податоци кој е донесен во 2020 година.

**НПАА-поглавје:** 3.18: Статистика

**НПАА-подрачје:** 3.18.1. Статистичка инфраструктура

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2021.0100.8218

**Очекувани влијанија:** Се очекува донесувањето на новиот закон да допринесе кон модернизација на статистичкиот систем на Република Северна Македонија, зајакнување на координативната улога на Заводот и унапредување на системот на заштита на индивидуалните податоци на известувачките единици.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за фондот за осигурување на депозити***

**Образложение:** Ќе се изврши понатамошно усогласување со Директивата 2014/49/EU за депозитни гарантни шеми.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 09-Финансиски услуги

**НПАА-подрачје:** Подрачје 1-Банки и финансиски конгломерати

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2021.0700.8239

**Очекувани влијанија:** Со измените и дополнувањата на Законот за фондот за осигурување на депозити ќе се зголеми прагот на обесштетување на депонентите во банките или штедилниците од сегашните 30.000 евра на 50.000 евра. Дополнително, ќе се обесштетуваат и микро и малите претпријатија кои не се опфатени со моменталното законско решение. Со ова, се очекува зголемување на довербата во банкарскиот сектор а со тоа и задржување на стабилноста на финансискот систем во целина.

**Фискални импликации:** /

Предлагач: Министерство за финансии

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за технолошко индустриски развојни зони***

**Образложение:** Целта на предложеното изменување и дополнување на Законот за технолошко индустриски развојни зони е одржување на транспарентна правна рамка за поттикнување на економскиот раст и развој преку државната помош која ја дава Владата на Република Северна Македонија со овој Закон, за да се зголеми конкурентноста на економијата и да се зголеми вработувањето, а да се отстрани можноста за доделување на државна помош во форма на ослободување на данок на добивка за ICT услужни дејности за обезбедување на нематеријални добра кои не се суштински дејности.

НПАА-поглавје: 3.20 -Претпријатија и индустриска политика

НПАА-подрачје: Инструменти

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0400.7899

**Очекувани влијанија:** Забрзување на економски раст и развој преку користење на ослободувањата предвидени со овој Закон, за деловните субјекти кои ќе инвестираат во зоните.

**Фискални импликации:** /

Предлагач: Министерство за економија

### *Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности*

| | |
|---|---|
| Образложение: | Се предлагаат измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности во насока на олеснување на административната постапка на донаторите. |

НПАА-поглавје: /

НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива. |

**Фискални импликации:** /

Предлагач: Министерство за правда

### *Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации*

| | |
|---|---|
| Образложение: | Унапредување на правната рамка за здруженија и фондации која обезбедува гаранции за остварување на правото на слобода на здружување во согласност со меѓународните стандарди. |

НПАА-поглавје: /

НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Подобрување и унапредување на постоечката регулатива.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

***Модерна и ефикасна јавна администрација, базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти***

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор***

**Образложение:** Со донесувањето на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19) кој започна да се применува од 01.12.2019 година, во целост беше заменет, односно престана да важи Законот за инспекциски надзор од 2010 година, кој до тогаш претрпе повеќе измени и дополнувања. Иако со новиот закон е направен исчекор кон сеопфатно регулирање на инспекцискиот надзор, очигледно е дека надвор од опфатот на овој закон но и од јурисдикцијата на Инспекцискиот совет и понатаму се повеќе инспекциски служби. Тоа предизвикува недоследности но и потешкотии во координацијата на спроведувањето на оваа важна функција на државата. Дополнително треба да се преиспита нецелосната примена на Законот за инспекциски надзор од страна на инспекциските служби од централно ниво, односно организирани како органи во состав на министерствата или како организациски единици во рамки на органите на државната управа.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со предлозите за измена и дополнување на Законот за инспекциски надзор, ќе се обезбеди целосна примена на законот од страна на инспекциските служби од централната власт.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

**Октомври**

**Иницијатива со висок приоритет**

**Приоритет:**

***Развивање на одбранбена политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност***

***Предлог - Одлука за распоредување на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, АЛТЕА (октомври)***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со продолжување на учеството на Република Северна Македонија во мировната операција „Алтеа", Република Северна Македонија останува посветена на заедничкиот ангажман на Европската унија за придонес кон безбедноста и стабилноста на Босна и Херцеговина. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Потврда на цврстата определба на Република Северна Македонија за силен придонес кон Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) и Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) на Унијата. Придонесот во меѓународните операции е елемент на оценување на Европската комисија во поглавјето 31 на НБОП. Потврда на севкупните напори на Република Северна Македонија за интеграција во Европската Унија и промовирање на заложбите за воспоставување на безбедност и мир на глобално и регионално ниво. |

**Фискални импликации:** Има: 45,272,999 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Предлог - одлука за распоредување на припадници на Армијата на Република Северна Македонија во мировната операција на ООН „УНИФИЛ" во Либан-(октомври)***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Преку придонес во мисиите предводени од ООН ја потврдуваме посветеноста на Република Северна Македонија кон глобалниот мир и безбедност. Со заедничкиот придонес со Република Италија во мисијата УНИФИЛ во Либан, ја продлабочуваме билатералната соработка со Република Италија и се создаваат услови за понатамошно унапредување на истата. |

**НПАА-поглавје:** \

**НПАА-подрачје:** \

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** \

**ЕПП:** \

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Презентирање на Република Северна Македонија како рамноправен партнер во рамките на ООН кој се залага за зачувување на заедничките вредностите и споделување на обврските. Позитивна евалуација од страна на ЕУ. Продлабочување и унапредување на билатералната соработка со Република Италија. |

**Фискални импликации:** Има: 2,884,303 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации во делот на статусот на вработените во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, воведување одредби како законски основ за одредени постапки и процедури коишто се во надлежност на Дирекцијата и допрецизирање на дел од одредбите што се однесуваат на спроврдувањето на обуката за заштита на класифицирани информации, времетраењето на важноста на безбедносните сертификати, одредувањето на правен |

наследник при рекласификација и декласификација на класифицираните информации, како и на дел од прекршочните одредби коишто треба да ја опфатат на индустриската безбедност.

**НПАА-поглавје:** 3.31 Заедничка, надворешна и безбедносна политика

**НПАА-подрачје:** Безбедносни прашања – класифицирани информации

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување на регулативата за безбедност на класифицирани информации како и зајакнување на позицијата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и на нејзините вработени во рамките на безбедносната структура на Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени***

***Предлог-закон за просторно планирање и спроведување на Просторен План на Република Северна Македонија***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | По утврдените недостатоци и слабости во пропишаните законски решенија од областа на просторното и урбанистичко планирање, Министерството за транспорт и врски како носител на работите од областа на урбанистичкото планирање изработи и достави до Владата на Република Северна Македонија нов предлог на Закон за урбанистичко планирање. Во доставениот Закон за урбанистичко планирање, делот кој го уредуваше просторното планиарање не е предвидено, односно новиот предлог закон го содржи само делот на урбанистичкото уредување. Истовремено дојде до потреба од итна и неминовна изработка, предложување и донесување на нов Закон за просторно планирање и спроведување на Просторен План на Република Северна Македонија, а се со цел да не дојде до правен вакум каде нема, |

односно период кога нема да постојат одредбите кои се однесуваат на просторно планирање, а кое пак од друга страна е доста битен сегмент.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Новиот Предлог- закон за просторно планирање и спроведување на Просторниот План на Република Северна Македонија се предвидува да го уреди просторното планирање како и да го содржи и Законот за спроведување на просторниот план на Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** Има: 3,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

**Иницијатива со среден приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог - закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем за финансирање на проектот "Подобрување на искористувањето на водата од сливот на реката Злетовица фаза 2 - Наводнување и фаза 3 – Производство на електрична енергија***

| | |
|---|---|
| Образложе ние: | Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на Договор за заем со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за задолжување. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

ЕУ **преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со склучување на Договорот за заем се обезбедуваат средства за финансирање на Проектот Подобрување на искористувањето на водата од сливот на реката Злетовица фаза 2 - Наводнување и фаза 3 – Производство на електрична енергија. |

**Фискални импликации:** Има: 1,537,500,000 ден

Други извори

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија***

***Предлог-закон за меѓународна развојна соработка и хуманитарна помош***

| | |
|---|---|
| Образложен ие: | Обновување и надградба на постојната законска регулатива согласно актуелните последици од глобалната криза врз националната економија и стандард на граѓаните. |

**НПАА-поглавје:** 3.30. -Надворешни односи

**НПАА-подрачје:** Развојна политика

ЕУ **преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2008.1200.4271

**Очекувани влијанија:** Ефикасно дејствување во областа на хуманитарната помош.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност***

---

***Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите***

**Образложение:** Подобрување на законските одредби на Законот за извршување на санкциите се наметнува како потреба од обезбедување на ефикасен пенитенцијарен систем со професионален пристап во организирањето и надзор над работењето на казнено- поправните и воспитно- поправните установи, а со цел подобрување на клучните области на функционирање на пенитенцијарниот систем и исполнување и почитување на највисоките европски и меѓународни стандарди во оваа област. Исто така, неминовна е потребата од постојано надградување на националниот пенитенцијарен систем, негово модернизирање и хуманизирање со цел остварување на целите на казнувањето и одвраќање на осудените лица од рецидивизам.

**НПАА-поглавје:** 3.23 - Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0100.8169

**Очекувани влијанија:** Унапредување на пенитенцијарниот систем согласно највисоките европски стандарди за извршување на санкции и алтернативни мерки.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

**Ноември**

**Иницијатива со висок приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог-закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година прецизно се регулираат условите и начинот на извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година се обезбедува дефинирање на процедурите за управување и извршување на буџетите на буџетските корисници на централната власт и фондовите, а со цел рационално и наменско користење на одобрените финансиски средства. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог-Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година се планираат/утврдуваат износите на приходите и расходите и нивото на буџетскиот дефицит за следната фискална година по буџетски корисници на централната власт и фондовите. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година се обезбедуваат средства за реализација на политиките и проектите планирани во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија и се определува максималниот износ на финансиски средства со кои можат да располагаат буџетските корисници на централната власт и на фондовите, над кој не можат да се превземат дополнителни обврски. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност***

---

***Предлог- закон за Судскиот буџет***

**Образложение:** Новиот закон ќе овозможи одредби за структурата и рамномерната распределба на Судскиот буџет согласно европските стандарди.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 23

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0100.8177

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Надминување на утврдените слабости од постоечкиот закон. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

*Предлог-закон за јавнообвинителска служба*

**Образложение:** Во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 утврдено е усогласување на Законот за јавнообвинителска служба со Законот за административни службеници. По донесувањето на измените на Законот за административни службеници, ќе се пристапи кон усогласување на Законот за јавнообвинителска служба со истиот.

**НПАА-поглавје:** 3.23 Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0100.7755

**Очекувани влијанија:** Подобрување на начинот на уредување на правата, обврските и одговорностите на јавнообвинителските службеници и унапредување на јавнообвинитеската служба воопшто.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

*Предлог-закон за судска служба*

**Образложение:** Во Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017-2022 утврдено е усогласување на Законот за судска служба со Законот за административни службеници. По донесување на измените на Законот за административни службеници ќе се пристапи кон усогласување на Законот за судска служба со истиот.

**НПАА-поглавје:** 3.23 Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2019.0100.7754

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на начинот на уредување на правата, обврските и одговорностите на судските службеници и унапредување на системот на судската служба воопшто. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

***Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени***

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за животна средина***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Потребно е транспонирање на Directive 2014/52/EU со тоа измена на Законот за животна средина во делот за оцена на влијание врз животната средина. Оваа измена повлекува и измена на подзаконски акти. Понатака, со имплементација на постоечките Уредби е утврдена потреба од измени на истите имајќи го во предвид развојот на нови технологии. Со тоа ќе се обзбеди подобра имплементација на законот за животна средина во делот за оценка на влијанието врз животната средина на централно и локално ниво и соодветно имплементација на директивата. |

**НПАА-поглавје:** 3.27 - Животна средина и климатски промени

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2015.0000.7271

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Транспонирање на Directive 2014/52/EU. Да се обезбеди поголема анализа на дејности/активности за кои очекуваат влијание врз животната средина и олеснување во инвестицијата за дејности/активности кои се од помал обем. Со изработка на упатсвтата и измените на уредбите се очекува подобра имплементација на законот за животна средина, а со тоа и подобрување на квалитетот на медиумите и областите за животна средина. |

**Фискални импликации:** Има: 900,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

---

**Иницијатива со среден приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

---

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Закон за надзор на пазарот***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | „Сообразување на законодавството и спроведување на законите", член 68 приспособување на законите на Република Северна Македонија со правото на Европската Унија. |

**НПАА-поглавје:** 3.1 Слободно движење на стоки

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2015.0400.7281

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со Законот за надзор на пазарот („Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10 и 79/13) се уредува општата рамка за координацијата на надзорот на пазарот за производите кои се пуштаaат на пазарот, контролата на производите кои се внесуваат на пазарот дали истите ги исполнуваат суштествените барања за општата безбедност, безбедноста на здравјето на луѓето и висок степен на заштита на јавните интереси, заштитата на потрошувачите и животната средина, а кои со одредени во постојните хармонизирани прописи на Република Северна Македонија. Предложените измени во овој закон се усогласуваат со ново усвоенитот Закон за општа безбедност на производите („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 302 од 18.12.2020 година), нов предлог Закон за технички барања и оцена на сообразност на производите, како и со новата Регулатива на ЕУ 2019/1020 од 20.06.2019 за надзор на пазарот собразност |

на производите и изменување и дополнување на Директива 2004/42 ЕЗ и Регулатива (ЕЗ) бр. 765/2008 на Европскиот Парламент и на Советот, која ги утврдува барањата за акредитација и надзор на пазарот во однос на пласирањето на производите на пазарот и (ЕУ) БР. 305/2011.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

***Предлог - закон за закрепнување на банки со проблеми***

**Образложение:** Со донесување на Законот за закрепнување на банки со проблеми ќе се имплементира Директивата 2014/59/EU за формирање на рамка за заздравување и решавање на кредитни институции и инвестициски фирми.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 09-Финансиски услуги

**НПАА-подрачје:** Подрачје 1-Банки и финансиски конгломерати

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2014.0700.7095

**Очекувани влијанија:** Со Законот за закрепнување на банки со проблеми ќе се уреди органот надлежен за решавање на банките со проблеми (resolution authority), институциите кои треба да имаат план за заздравување (recovery plan) и неговата содржина. Дополнително, со Законот ќе се пропише процесот и инструментите за решавање на банките со проблеми, како и воспоставувањето на банка-мост (bridge-bank). На тој начин, ќе се овозможи брза реакција на супервизорските органи во случај на појава на ризици во работењето на банките. Основната цел на Законот е да се одржи финансиската стабилност (преку обезбедување на пазарната дисциплина и довербата на јавноста во банкарскиот сектор), да се минимизира употребата на јавни средства и да се заштитат депонетите.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност-ДДВ***

**Образложение:** Со Законот за данокот на додадена вредност (Службен весник на Република Македонија бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, Уставен суд бр. 93/00, 8/01, 21/03, Уставен суд бр. 17/04, 19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18, "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 , 124/19, 275/19 и 267/20 се уредува данокот на додадена вредност како општ потрошувачки данок и се уредува неговото пресметување и плаќање на прометот на добра и услуги како и на увозот во економијата.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со донесување на Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност се очекуваат позитивни ефекти при неговата имплементација и негова еднообразна примена.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог - закон за банките***

**Образложение:** Со донесување на новиот Закон за банките ќе се изврши усогласување на домашното законодавство со Директивата 2013/36/EU за пристапот на активностите на кредитните институции и пруденттната супервизија на кредитните институции и инвестициските фирми и Регулативата (EU) бр.575/2013 за пруденттните барања за кредитните институции и инвестициските фирми.

**НПАА-поглавје:** 3.09-Финансиски услуги

**НПАА-подрачје:** 1-Банки и финансиски конгломерати

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2014.0700.7094

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Донесувањето на новиот Закон за банките ќе го зајакне капацитетот на банките за адекватно управување со ризиците поврзани со нивните активности, како и апсорбирање на загубите кои можат да настанат во деловното работење. Дополнително, имплементацијата на предложеното законско решение ќе го подигне нивото на квалитетен капитал на банките и ќе ја зајакне супервизијата, во насока на зголемување на сигурноста на банкарскиот систем и заштита на депонентите. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно насоките на владата за воведување на фер и транспарентен даночен систем, предложените измени во Законот за даночна постапка би биле од аспект на воведување на минималниот БЕПС стандард од аспект на размена на информации за даночни цели. |

**НПАА-поглавје:** 3.16 -Оданочување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0700.8164

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка се очекуваат позитивни ефекти при неговата имплементација и негова еднообразна примена како и зголемени даночни приходи. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

*Предлог-закон за експлозивни материи за цивилна употреба*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Предлагањето на донесување на Законот за експлозивни материи за цивилна употреба е неопходно, бидејќи потребно е да се направи усогласување на одредбите од двата постојни закони (Законот за промет на експлозивни материи и Законот за заштита од експлозивни материи според кој се постапува) согласно законската регулатива на Европската Унија. Во изработката на Законот вклучен е експерт од Агенцијата за контрола на мало и лесно оружје во Југоисточна Европа (SEESAC). Значајно е да се спомене дека процесот за изработка на Предлог законот беше успорен поради пандемијата со КОВИД -19 , како и напоредно ангажирање на членовите на работната група во изработката на нова Национална стратегија на Комисијата за мало и еснио оружје и Акциски план. |

**НПАА-поглавје:** 3.01. - Слободно движење на стоки

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0600.7803

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување на современи законски мерки за употреба на експлозивни материи кои се согласно европските стандарди и норми. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за внатрешни работи

*Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност*

*Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси*

| | |
|---|---|
| Образло жение: | Од досегашната примена на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, согледана е потребата од измена и дополнување на одредени негови одредби во насока на нивно прецизирање, односно усогласување за нивна примена. |

НПАА-поглавје: 3.23

Правосудство и фундаментални права

НПАА-подрачје: /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0100.8168

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Унапредена примена на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

**Декември**

---

**Иницијатива со висок приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

---

***Предлог - закон за управување со општински долгови***

| | |
|---|---|
| Образл ожение : | Со законот ќе се уредат построги контроли на долгови, регулаторни механизми што ќе обезбедат спроведување на законодавство, воведување на подобар систем за рано предупредување и поттикнување на спроведувањето на фискалните правила и другите регулативи кои се однесуваат на долговите. Предлог- законот треба да биде во согласност со подобрувањата на системот на јавните финансии, со цел обезбедување на рамка за водење |

на здрава, предвидлива и одржлива фискална политика и зголемување на буџетска дисциплина и одговорност.

**НПАА-поглавје:** 3.33- Финансиски и буџетски одредби

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија:** | Со примената на Закон за управување со општински долгови се очекува консолидација на финансискот работење на општините, намалување на долговите на општините и унапредување на управувањето со јавните финансии во согласност со европските станадарди. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог - закон за донесување на Закон за Единствен регистар за осигуреници од задолжително социјално осигурување***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Инститциите од задолжително социјално осигурување (ФПИОСМ, ФЗОСМ , АВРСМ, МАПАС и УЈП) добиват податоци и водат евиденција за осигурениците од задолжително социјално осигурување. Со донесување на посебна законска регулатива ќе се надминат недостатоците во размената и ажурирањето на податоците од задолжително социјално осигурување и ќе се овозможи единствена евиденција за секој осигуреник и едновремено ќе се ажурираат сите промени на податоците. |

НПАА-поглавје: /

НПАА-подрачје: /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Ќе се имплементира единствен регистар на податоци за осигуреници од задолжително социјално осигурување преку кои сите засегнати институции ќе даваат и примаат ажурирани податоци во секое време. Ова ќе придонесе во подобрување на квалитетот на податоците за осигурениците, намалување на грешките поради ненавремено ажурирање на промените, ефективност во промената и побрзо остварување на правата од социјално осигурување.

**Фискални импликации:** Има: 3,075,000 ден

Светска Банка

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

***Развивање на одбранбена политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност***

***Предлог–закон за цивилна заштита и спасување***

Образложение: Целта за донесување на Законот, е спојување на системот за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство, од природни непогоди, други несреќи во мир, вондредна состојба и воена состојба во Република Северна Македонија и системот за управување со кризи во Републиката, кој се организира и оставрува заради превенција, рано предупредување и справување со кризи, а со тоа и спојување на фунциите на самостојните органи на државната управа со својство на правни лица - Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи, во една институција, како нивен правен следбеник.

**НПАА-поглавје:** 3.27. - Животна средина и климатски промени

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2018.1000.7708

**Очекувани влијанија:** Зголемување на ефикасноста на системот за заштитата и спасувањето и управувањето со кризи.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност***

---

***Предлог-Кривичен законик***

**Образложение:** Кодификација на вонкривични прописи во Кривичниот закононик и негово усогласување со европските и меѓународните стандарди.

**НПАА-поглавје:** 3.23 Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0100.8106

**Очекувани влијанија:** Нов, кодифициран и усогласен Кривичен законик.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

*Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за судовите*

**Образложение:** Измените се предлагаат заради оптимизација на бројот на судовите, што ќе се утврди преку Анализата за судската мрежа и бројот на судови во Република Северна Македонија. Воедно, потребно е да се изврши усогласување на измените со Законот за парнична постапка во делот на надлежноста на судовите за одлучување по колективни тужби.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Целта за донесување на оваа анализа, пред се, беше заради потребата од утврдување на состојбата во однос на обемот на работа на судовите и нивната оптоваренсот, давање на една хронолошка слика за изменетите состојби во судовите и давање препораки за идни активности во насока на рационализација на судската мрежа и зголемување на ефикасноста на судовите. Во анализата се нагласува дека сериозно мора да се работи на водењето евиденција и статистика меѓу надлежните чинители во правосудството. Исто така, се посочува на препораките за рационализација на судската мрежа, особено од аспект на стварната надлежност на судовите кои што треба да се земат предвид при изменување на законското решение.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

*Предлог-закон за облигационите односи*

**Образложение:** Воспоставување на стабилен граѓанско-правен систем преку пополнување на постоечките правни празнини и усогласување со европските стандарди и современите општествени текови. Со предложеното законско решение се врши усогласување со неколку Директиви на ЕУ и тоа: Директивата 2011/7/ЕУ на Европскиот Парламент и на Советот на 16 февруари 2011 година

за борба против задоцнето плаќање во трговските трансакции, во поглед на казнените камати, потоа Директивата 2011/83/ЕУ на Европскиот Парламент и Советот од 25 октомври 2011 година за правата на потрошувачите, во поглед на правата на патниците кај договорите за организирање на патување, Директивата на Советот 86/653/ЕЕЗ, Директивата 2015/2302/ЕУ на Европскиот Парламенти и на Советот. Покрај наведеното, се врши и дополнително усогласување со одредени одредби од Виенската конвенција, UNIDROIT и Ландо начелата.

**НПАА-поглавје:** 3.23 Правосудство и Фундаментални права

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0100.7922

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Целосна ревизија на систематизирањето и регулирањето на облигационите односи согласно Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017-2022. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

***Предлог - закон за кривична постапка***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Подобрување на текстот на Законот за кривична постапка преку отстранување на недостатоците и постигнување на целосна усогласеност со европскотото законодавство, при што ќе бидат вградени ЕУ директивите во текстот на законот. |

**НПАА-поглавје:** 3.23 Правосудство и фудаментални права

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фудаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0100.7910

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Се очекува донесување на ново законско решение, кое што ќе биде усогласено со најновите Директиви на ЕУ. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за плати за јавните обвинители***

**Образложение:** Усогласување со европските стандарди.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Се очекува да се зајакне самостојноста на јавното обвинителство и да се отстранат недостатоците во постоечкиот Закон за плати на јавните обвинители. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

*Предлог-закон за сопственост и други стварни права*

**Образложени е:** Согласно Статтегијата за реформи во правосудниот систем 2017-2022, предвидено е донесување на нов Закон за сопственост и други стварни права.

**НПАА-поглавје:** 3.23 Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0100.7908

**Очекувани влијанија:** Воспставување на стабилен граѓанско-правен систем преку пополнување на постоечките правни празнини и негово усогласување со европските стандарди и современите општествени текови.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

*Предлог - закон за наследување*

**Образло жение:** Согласно Стратегија за реформи во правосудниот систем 2017-2022, предвидено е донесување на нов Закон за наследување заради усогласување со европското законодавство и најсовремените европски практики во областа.

**НПАА-поглавје:** 3.23 Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0100.8181

**Очекувани влијанија:** Воспоставување на стабилен граѓанско - правен систем преку пополнување на постоечките правни празнини и негово усогласување со европските стандарди и современите општествени текови.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за плати на судиите***

**Образложение:** Усогласување со европските стандарди.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за плати на судиите се очекува да се зголеми независноста на судството преку унапредување на статусот и положбата на судиите.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

***Квалитетно образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот***

***Предлог - закон за научно-истражувачка дејност***

**Образложение:** Целта за изготвување и донесување на нов Закон за научно-истражувачката дејност произлегува од потребата за негово подобрување, функционалност, прагматичност, негово усогласување со Законот за високото образование, како и со Европските препораки и меѓународните добри практики.

**НПАА-поглавје:** 3.25 Наука и истражување

**НПАА-подрачје:** 3.25.1 Политика на истражување

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2017.1400.7439

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на овој закон се очекува подобрување на статусот на научно - истражувачкиот кадар во Република Северна Македонија и поголемо инвестирање во научниот потенцијал, зголемување на инвестициите во истражувачката инфраструктура во земјата, интегрирање и инкорпорирање на напредни научни концепти, технологии и иновации. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

***Модерна и ефикасна јавна администрација, базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти***

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за меѓуопштинска соработка***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Цел на Предлог законот е стимулирањето на меѓуопштинската соработка преку утврдување соодветни начини и средства, воведување облици на задолжителна меѓуопштинската соработка за единиците на локалната самоуправа кои не спроведуваат пренесени надлежности но и за надлежности чие спроведување налага воспоставување на соодветен облик на МОС како на пример: управување со ризици од поплави; управување со води и отпад; управување со заштитени подрачја; внатрешна ревизија; енергетска ефикасност; овластени инспектори, поедноставување на процедурата за воспоставување на меѓуопштинската соработка |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Зголемување на бројот на остварените облици на меѓуопштинска соработка, подобрено функционирање на општините кои имаат воспоставено облици на меѓуопштинска соработка, зголемен квалитет на услуги кон граѓаните.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа***

**Образложение:** Предлог законот има за цел подобрување на одредбите поврзани со примената на начелото на супсидијарност и споделувањето надлежности со централната власт; премин од модел на монотипни во политипни општини со делокруг на надлежности прилагоден на нивните карактеристики; унапредување на транспарентноста, инклузивноста (функционирањето на партиципативните тела и алатки) и отчетноста; функционирањето на месните и урбани заедници, доуредување на надлежностите поврзани со вршење надзор од страна на ЕЛС и над законитоста на работата на органите на ЕЛС; унапредување на функционирањето на советите на ЕЛС, усогласување со Законот за еднакви можности на жените и мажите и со сите секторски закони со кои се уредуваат пренесените надлежности, и други препораки опфатени со извршената оценката на спроведувањето на Законот.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Унапредување на системот на локалната самоуправа, подобрување на локалните јавни услуги, зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната отчетност, транспарентност и инклузивност.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

*Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Градот Скопје*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целта на Предлог законот е да се подобрат одредбите поврзани со: усогласување со изменетиот и дополнет ЗЛС (листа на надлежности, поделба на надлежностите на општините и градот Скопје) воспоставување меѓуопштинска соработка; проширување и унапредување на комуникацијата и координацијата опфаќајќи ги партиципативните тела и јавните служби; унапредена транспарентност, инклузивност и отчетност; поефикасно организирање на даночната администрација; распределбата на сопствените приходи; целосно усогласување со Законот за финансирање на ЕЛС, други секторски закони, и други препораки опфатени со оценката на спроведувањето на законот. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување и проширување на комуникацијата и координацијата, јасно разграничување на надлежностите на Градот Скопје и надлежностите на општинтие на подрачјето на градот Скопје, зголемување на отчетност, транспарентност и инклузивност, постиганата усогласеност со други закони. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

*Предлог-закон за безбедност на мрежи и информациски системи*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Овој Закон ги утврдува мерките со цел постигнување на високо ниво на безбедност на мрежните и информативните системи во Република Северна Македонија, соодветни на стандардите и мерките определени во рамките на Европската Унија со цел да се подобри функционирањето на внатрешниот пазар. Со овој закон ќе се транспонира НИС директивата на Европската унија (DIRECTIVE (EU) 2016/1148 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE |

COUNCIL concerning measures for a high common level of security of network and information systems across the Union).

**НПАА-поглавје:** 10. - Информатичко општество и медиуми

**НПАА-подрачје:** 10.1. Електронски комуникации и информациски технологии

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0007.7986

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Безбедност и стабилност на мрежи и информациски системи. Развој на економски активности. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

### *Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа*

| | |
|---|---|
| **Образложе ние:** | Изменувањето и дополнувањето на Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа ќе се изврши со разгледување на утврдената состојба со оценката на неговотто спроведување. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрено функционирање на Државниот инспекторат за локална самоуправа, јасно дефинирани надлежности, усогласување на одредбите на Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа со другите релевани закони. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

**Иницијатива со среден приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог- закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на проектот Водоснабдување и одведување на отпадни води во општините во Република Северна Македонија***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на Договор за заем со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за задолжување. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со склучување на Договорот за заем се обезбедуваат средства за дополнително финансирање на за дополнително финансирање на проектот Водоснабдување и одведување на отпадни води во општините во Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** Има: 3,075,000,000 ден

Други извори

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог - закон за вработување и осигурување во случај на невработеност***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Актуелниот Закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност е донесен во 1997 година и е менуван и дополнуван 38 пати, со што значително е нарушена првичната структура на законот и истиот станува нефункционален во одредени сегменти. Ова наметнува потреба од |

носење на нов закон кој во својата структурата и содржината ќе бидат формулирани во облик на современ текст кој ќе одговара на потребите на пазарот на трудот.

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0900.8117

**Очекувани влијанија:** Од новиот закон се очекува да биде ефективна помош на работодавачите и невработените лица, а истовремено да биде поддршка на политиките за осигурување на невработените лица и политиките за вработување на едно современо општество.

**Фискални импликации:** /

Предлагач: Министерство за труд и социјална политика

***Предлог - закон за социјално претприемништво***

**Образложение:** Постојната законска регулатива во Република Северна Македонија не ги препознава и не ги регулира социјалните претпријатија бидејќи сè уште не постои заедничко разбирање за концептите. Развојот на социјалните претпријатија се поврзува со ограничената финансиска поддршка за услугите што ги нудат граѓанските организации, децентрализацијата на системот за социјална заштита, како и зголеменото влијание на донаторската заедница за развој на социјалната економија и достапноста на меѓународна финансиската поддршка во ова насока.

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2017.0900.7410

**Очекувани влијанија:** Со донесување на Закон ќе се придонесе за препознавање на социјалното претприемништво и негово развивање и во економските политики, како и во сите тековни активности за постигнување на целите за одржлив развој, ќе се обезбедат решенија за постоечките општествени проблеми, особено во постигнување социјална кохезија, борба против сиромаштијата, зголемено вработување, особено на најранливите категории на граѓани и ќе придонесе во унапредување на конкурентноста на економијата, зачувување на ресурсите, вреднување на биолошката разновидност и подобрување на квалитетот на животот во целина.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

***Предлог - закон за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите***

**Образложение:** Со донесувањето на Законот за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите ќе се изврши усогласување на домашната регулатива во областа на пазарот на капитал со европските директиви и регулатива во оваа област и тоа со Директивите: - 2013/50/ЕУ за усогласување на барањата за транспарентност во врска со информациите за издавачите на хартии од вредност чии хартии од вредност се примени за тргување на регулиран пазар со која се менуваат Директивите 2004/109/ЕУ. - Регулативата (ЕУ) бр. 2017/1129 за проспектот што треба да се објави кога хартиите од вредност и се нудат на јавноста или се примени за тргување на регулиран пазар со која се заменува Директивата 2003/71ЕУ за издавање на проспект, - Директивата 2001/34/ЕЗ за прием на хартии од вредност на официјална котација на берзата и на информациите кои ќе бидат објавени за тие хартии од вредност. Законот ќе ја регулира постапката за издавање и понуда на хартии од вредност и барањата за прием на хартии од вредност на регулираниот пазар, како и обврските за транспарентност на издавачите при тргување со хартии од вредност.

**НПАА-поглавје:** 3.9 - Финансиски услуги

**НПАА-подрачје:** 4 – Пазари на хартии од вредност и инвестициски услуги

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2015.0700.7245

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на Законот за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите ќе се уреди можност за издавачите на хартии од вредност да издаваат проспект како единствен документ, или како проспект составен од повеќе документи како што се документ за регистрација, белешка за хартиите од вредноси и резиме на проспектот. Вака составениот проспект од повеќе документи ќе треба да има ја олесни постапката за издавање на ХВ на издавачите, бидејќи кога издавач еднаш веќе добил одобрение од Комисијата за документот за регистрација како составен дел од проспектот, при наредно издавање на хартиите од вредност до Комисијата ќе треба да достави на одобрување само белешка за хартиите од вредност и резиме на проспектот. Ќе има одредни олеснувања при изработката на проспектот и за оние компании кои почесто објавуваат јавни понуди на хартии од вредност. Ќе се воспостави единствен систем за одобрување на проспектот, односно проспектот кој ќе биде одобрен пред објавување на јавна понуда, истиот ќе важи и при прием на хартиите од вредност за тргување на берзата. Ќе се овозможат највисоки стандарди за заштита на инвеститорите во согласност со Европската унија во делот на обелоденување на информациите од страна на издавачите, со користење на идентичен систем за објавување на податоци од страна на издавачите. Исто така, ќе се зголеми транспарентноста на пазарот на капитал, а со тоа ќе се зголеми и довербата на инвеститорите во пазраот на капитал во Република Северна Македонија и ќе се подобри корпоративно однесување на издавачите на хартии од вредност .

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог - закон за финансиски инструменти***

**Образложение:** Со донесувањето на Законот за финансиски инструменти ќе се изврши усогласување на домашната регулатива од областа на пазарот на капитал со најновите европски директиви и регулативи во оваа област. Дел од директивите и регулативите кои ќе бидат имплементирани во Законот за финансиски инструменти се: Директива 2014/65/ЕУ за пазари на финансиски инструменти и Регулатива (ЕУ) бр. 600/2014 за пазарите на финансиски инструменти – МИФИД II, Директива 2014/57/ЕУ за злоупотреба на пазарот и Регулатива (ЕУ) бр. 596/2014 за злоупотреба на

пазарот – МАД II, Директивата 2013/36/ЕУ за вршење активности на кредитните институции и за пруденtна супервизија на кредитните институции и инвестициските друштва и Регулатива (ЕУ) бр. 575/2013 за пруденtните барања на кредитните институции и адекватност на капиталот на инвестициските фирми и кредитните институции и Регулатива (ЕУ) бр. 909/2014 за подобрување на порамнувањето на хартиите од вредност во ЕУ и за централни депозитари. Со имплементацијата на горенаведените Директиви и Регулативи ќе бидат воведени одредби кои се однесуваат на следното: - дефинирање на сите видови на финансиски инструменти кои ќе им се достапни за инвестирање на инвеститорите, - воведување на нови барања за начинот на вршење на дејност и барања за организациска поставеност на давателите на инвестициски услуги, односно брокерските куќи во постапката на нивно лиценцирање, - воведување на дополнителни организациски барања и други правила кои инвестициските фирми ќе треба да ги имплементираат и следат кога нудат инвестициски услуги на клиентите, вклучувајќи ги и барањата за чување на информации и известување на клиентите, - воведување на нов пристап за капиталните барања со што брокерските куќи ќе издвојуваат соодветно ниво на средства кое ќе ги одразува реалните ризици кои тие ги преземаат при вршењето на својата дејност, - воведување на одредби за заштита на имотот и интересите на клиентите на инвестициските друштва, со цел зајакнување на рамката за давање на услугата за инвестициско советување и управување со портфолио, како и подобрување на квалитетот на информациите поврзани со инвестициските услуги кои им се даваат на клиентите, - воведување на нови платформи за тргување МПТ (мултилатерална платформа за тргување) и ОПТ (организирана платформа за тргување), како дел од пазарот за тргување со хартии од вредност, - воведување на одредби во врска со обелоденувањето на податоци за реализирани трансакции пред јавноста, како и податоците за извршените трансакции пред контролните органи, во врска со голем број на финансиски инструменти, - попрецизно дефинирање на однесувањата на учесниците на пазарот на капитал, кои ќе се сметаат за злоупотреби на пазарот, вклучително и внатрешно тргување и незаконско обелоденување на инсајдерски информации, како и пазарните манипулации, со цел да се обезбеди поголема правна сигурност за учесниците на пазарот

НПАА-поглавје: 3.9 - Финансиски услуги

НПАА-подрачје: 4 – Пазари на хартии од вредност и инвестициски услуги

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: 2010.0700.6055

**Очекуван и влијанија:** Со донесувањето на Законот за финансиски инструменти ќе се обезбеди усогласеност на домашната регулатива со релевантните Европски Директиви и Регулативи во областа на пазарот на капитал, што ќе овозможи повисоко ниво на стабилност и ефикасност на пазарот, како и прилагодување кон работењето на овластените пазарни учесници на европските стандарди и принципи. Преку имплементацијата на директивите ќе се воспостави ефикасен, транспарентен и конкурентен пазар на капитал. Исто така, ќе се зајакне заштитата на инвеститорите во хартии од вредност, ќе се стимулира конкуренцијата помеѓу учесниците на пазарот на капитал, ќе се намалат трошоците за тргување, ќе се зајакне довербата во пазарот, ќе се зачува интегритетот на пазарот и ќе се поттикне развојот на пазарот на хартии од вредност во Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход***

**Образложение:** Согласно насоките на владата за воведување на фер и транспарентен даночен систем, предложените измени во Законот за данокот на личен доход би биле од аспект на точно дефинирање на доходот кој подлежи на оданочување како и утврдување на даночните стапки за истиот.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со донесување на Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за данокот за личен доход се очекуваат позитивни ефекти при неговата имплементација и негова еднообразна примена како и зголемени даночни приходи.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

*Справување со последиците предизвикани од светската пандемија предизвикана од Коронавирусот*

---

*Предлог-закон за изменување на Законот за здравствено осигурување*

**Образложение:** Согласно препораките од Комитетот за заштита на правата на лицата со попреченост на ООН во Женева, државата треба да ги отстрани ограничувањата во возраст за пристап до бесплатно лекување, односно ослободување од партиципација, како и секакви исклучоци во Законот за здравствено осигурување со кои се попречуваат односно ги занемаруваат нивните посебности како и овозможување на право на придружба на дете и лице со попреченост за време на неговиот престој во болничка здравствена установа.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Соодветен и олеснет пристап до здравствени услуги за децата и лицата со попреченост за кои е индицирана потреба од болничко лекување. Отстранети ограничувањата во возраст за пристап до бесплатно лекување, односно ослободување од партиципација, како и секакви други исклучоци во Законот за здравствено осигурување со цел за исполнување на обврската согласно препораката 45.б на Комитетот за заштита на правата на лицата со попреченост на ООН во Женева.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за здравство

*Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

---

*Предлог - закон за ревизија на ИПА*

**Образложение:** Во 2010 година се донесе Законот за ревизија на инструменот за претпристапна помош (ИПА) со кој се уреди предметот на ревизија, организацијата и надлежностите на Ревизорското тело и начинот на вршење на ревизија на инструментот на претпристапна помош. Со цел обезбедување

на натамошно ефективно и стабилното функционирање на надворешната ревизија на подобрување на надворешната ревизија на претпристапната помош на ЕУ во Република Северна Македонија и доусогласување со европската регулатива во оваа област во рамки на твининг проектот „ „Натамошен развој и засилување на организациските, административните и техничките капацитети на Ревизорското тело“ се подготви текст на закон.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 32-Финансиска контрола

**НПАА-подрачје:** Подрачје 2-Надворешна ревизија

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2016.0700.7335

**Очекувани влијанија:** Подобрување на функционирање на системите за управување и контрола на претпристапната помош на ЕУ во Република Северна Македонија и усогласеноста со соодветните правила на ЕУ и националните правила, за да се обезбеди законитост и регуларност на трансакциите и заштита на финансиските интереси на Унијата и националните интереси.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето***

**Образложение:** Измената и дополнувањето на наведениот закон е неопходна бидејќи потребно е да се направи усогласување во областа на огнено оружје и муниција со законската регулатива на Европската Унија. Во таа насока формирана е работна група во која учестваат претставници на Министерство за внатрешни работи, Македонска стрелачка федерација, Ловачка федерација, Комора на Република Северна Македонија за приватно обезбедување, како и претставник од Групацијата за оружје. Измените на наведениот Законот ќе се изработуваат со поддршка на експерт од Агенцијата за мало и лесно оружје во Југоисточна Европа (SEESAC).

**НПАА-поглавје:** 3.01 Слободно движење на стоки

**НПАА-подрачје:** 3.01.5 Процедурални мерки

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување на современи мерки за употреба огнено оружје и муниција согласно европските страндри и норми. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за внатрешни работи

***Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност***

---

***Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за пробација***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Законот за пробација е донесен во 2015 година и согласно Правилникот за внатрешна организација на Управата за извршување на санкциите, воспоставени се 15 пробациски канцеларии, а при крајот на 2018 година вработени се 24 пробациски службеници за почеток на определено, а потоа и на неопределено време. При примена на Законот за пробација од страна на пробациските службеници, како и од другите надлежни институции, се утврдија одредени недостатоци поради кои што се јавува потреба од подобрување на Законот за пробација. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на работата на пробациската служба во Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

*Предлог- закон за архивска дејност*

| | |
|---|---|
| **Образлож ение:** | Со овој закон се уредува заштитата, чувањето, обработката и користењето на архивскиот материјал, инспекцискиот надзор и надлежностите на Државниот архив на Република Северна Македонија. |

**НПАА-поглавје:** 1.2. - Реформа на јавна администрација

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0007.7734

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Соодветна имплементација на стандарди за обработка на архивски материјал. Воведување на дигитализација при вршење на архивската дејност. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

# II ДЕЛ

## Акти и материјали по кои одлучува Владата на Република Северна Македонија

Јануари

**Иницијатива со висок приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

***Предлог - програма за развој на туризмот за 2022 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерството за економија согласно Програмата на Владата на Република Северна Македонија секоја година има обврска да предложи до Влада Предлог Програма за развој на туризмот со конкретни активности за подобрување на туристичката понуда во Република Северна Македонија. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на бројот на домашни и странски туристи, подобрување на туристичката понуда и поддршка во развој на туризмот. |

**Фискални импликации:** Има: 31,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за економија

***Предлог-програма за семе и саден материјал во 2022 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Програмата за семе и саден материјал се овозможува запишување на сорти на земјоделски растенија во националната сортна листа, постконтрола над производството на сертифициран семенски и саден материјал, чување на семенски и саден материјал, имплементација на подзаконски акти од |

областа на семенски и саден материјал и нивно изготвување и усогласување со ЕУ законодавството.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 12 - Безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** Фитосанитарна политика

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија:** | Со активностите ќе се воспостави контрола над произведениот сертифициран семенски и саден материјал од земјоделските растенија со единствена цел зголемување на приносот по единица површина, како и запишување на сорти кои се пуштаат во трговија. |

**Фискални импликации:** Има: 1,500,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

***Предлог- програма за антимикробна отпорност за периодот 2022 – 2026 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Програмата за антимикробна отпорност за периодот 2022 – 2026 година се врши мониторинг на антимикробната отпорност со цел да обезбеди усогласеност со барањата пропишани со Законот за безбедност на храната за добивање на компаративни податоци за појавата на антимикробна отпорност кај предизвикувачите на зоонози, доколку тие претставуваат закана за јавното здравје или други предизвикувачи. Со Програмата за антимикробна отпорност се утврдуваат деталните правила за мониторинг и известување за антимикробна отпорност кои се вршат од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство во согласност со Правилникот за начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг на зоонози и предизвикувачи на зоонози и листа на зоонози и предизвикувачи на зоонози кои се редовно предмет на мониторинг земени |

од примероци од одредени популации на животни кои се одгледуваат за производство на храна

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Цел на оваа програма е утврдување на појавата на антимикробна отпорност кај предизвикувачите на зоонози. Со оваа програма се земаат примероци од различни популации на животни за производство на храна и свежо месо добиени од нив и се тестираат изолатите на бактериите добиени од нив за антимикробна отпорност, во согласност со техничките барања утврдени во Прилогот на Програма.

**Фискални импликации:** Има: 1,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

***Предлог-програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2022 година***

**Образложение:** Согласно член 57 став 1 и 4 од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/21 и 174/21), министерството за локална самоуправа спроведува Програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност, која програма ја донесува Владата на Република Северна Македонија. Со оваа програма се планира да се поддржат активности за изведба на градби во смисла на подобрување на пристапот до инфраструктура на ниво на плански региони и на локално ниво, како и финансирање и кофинансирање на подготовка на анализи, студии, плански документи, акциони планови и проектни документации кои исполнуваат услови за финансирање, како и финансирање на градењето на институционалните капацитети за регионален развој.

НПАА-поглавје: 22 Регионална политика и координирање на структурните инструменти

НПАА-подрачје: Правна рамка

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Во Програмата се наведени приоритетните мерки и активности со кои ќе се создадат законски услови за спроведување на активности кои придонесуваат за намалување на разликите во степенот на развиеност помеѓу планските региони и во рамки на планските региони, преку подршка на тековното работење на центрите за развој на планските региони, јавните претпријатија и јавните установи основани од државата, од општините во градот Скопје и од градот Скопје, високообразовните и научни институции и здруженијата. |

**Фискални импликации:** Има: 457,875,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

***Предлог - програма на економски реформи 2022-2024***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Програмата за економски реформи претставува кохерентен стратешки документ кој ја презентира националната економска политика на земјата. Програмата се осврнува на остварените економски движења, ги претставува предвидувањата за наредниот тригодишен период, тригодишната фискална рамка и ги презентира клучните структурни реформи за поддршка на економскиот раст и конкурентноста на земјата. Преку изработка на оваа Програма, Република Северна Македонија како земја кандидат за членство во ЕУ ја применува праксата на интегрирано економско управување со цел, по зачленувањето, полесно да се премине во процесот на Европскиот семестар на ЕУ за водење на економските политики, како и да биде способна да се справи со конкурентскиот притисок и пазарните сили во Унијата. |

**НПАА-поглавје:** Економски критериуми;

**НПАА-подрачје:** 3.17 Економска и монетарна унија

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со Програмата треба да се воспостави среднорочна макроекономска и фискална рамка, со агенда за структурни реформи, конзистентна со севкупните политики за обезбедување на економски раст и конкурентност на земјата, како и подготовка за постепено интегрирање во мултилатералното фискално известување во контекст на ЕМУ (Европска монетарна унија). |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог-програма за рамномерен регионален развој во 2022 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во Програмата за рамномерен регионален развој вкупните средства за поттикнување рамномерен регионален развој се распределуваат по намени, во согласност со одредбите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој (*) ( „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/21 и 174/21). Во таа смисла, во Програмата се определуваат износи на средства за тековната година наменети за финансирање на задачите и активностите на центрите за развој на планските региони, како и за проекти за поттикнување рамномерен регионален развој на државата. |

**НПАА-поглавје:** 3.22.Регионална политика и координација со структурни фондови

**НПАА-подрачје:** Правна рамка

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија** | Со донесувањето на Програмата за рамномерен регионален развој во 2022 година ќе се создадат законски услови за спроведување на активности кои придонесуваат за намалување на разликите во степенот на развиеност |

: помеѓу планските региони и во рамки на планските региони, како и за поддршка на тековното работење на центрите за развој на планските региони, за ефикасно извршување на нивните задачи утврдени со закон.

**Фискални импликации:** Има: 922,500,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

***Предлог - програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за 2022 година***

**Образложение:** Годишната програма е законска обрска на Агенцијата за стоковни резерви која произлегува од Законот за стоковни резерви („Службен весник на Република Македонија" бр.84/08, 77/09, 24/11, 43/14 и 83/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) и е услов за користење на средствата од Буџетот согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Со реализација на Програмата за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви ќе се овозможи редовно обновување на стоковните резерви, со што Агенцијата за стоковни резерви ќе располага со квалитетни стоки за интервенција во услови на воена состојба, вонредна состојба, елементарни непогоди, еколошки катастрофи, како и по поголемо нарушување на пазарот.

**Фискални импликации:** Има: 80,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Агенција за стоковни резерви

*Предлог - програма за промоција на обновливи извори на енергија и потикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2022 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и 96/19), како и Стратегијата за развој на енергетиката до 2040 потребно е поттикнување на развој на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. |

**НПАА-поглавје:** 3.15 Енергетика

**НПАА-подрачје:** 3.15.4 Обновлива енергија

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Министерството за економија, како надлежно Министерство за работите поврзани со енергетиката презема мерки и активности кои се во правец на промоција на обновливите извори на енергија како и унапредувањето на енергетската ефикасност како обврски кои произлегуваат од стратешка, законска регулатива и меѓународни договори од областа на енергетиката. Во оваа програма ќе бидат опфатени и ранливата категорија на потрошувачи на енергија. |

**Фискални импликации:** Има: 52,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за економија

*Предлог - програма за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи за 2022 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерството за економија согласно Програмата на Владата на Република Северна Македонија, има обврска да предложи Предлог-програма за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на бројот на домашни туристи, подобрување на туристичката понуда и поддршка во развој на туризмот . |

**Фискални импликации:** Има: 15,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за економија

Б) Материјали

***Предлог - правилник за начинот на вршење на мониторинг и контрола на присуството на резидуи и контаминенти во живите животни и храната од животинско потекло, начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи и недозволени супстанции и мерките кои се превземаат во случај на сомнение и на позитивен наод на присуство на резидуи и недозволени супстанции***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со правилникот се пропишува начинот на вршење на мониторинг и контрола на присуство на резидуи и контаминенти во живите животни и храната од животинско потекло, начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи и недозволени супстанции и мерките кои се преземаат во случај на сомнение и на позитивен наод на присуство на резидуи и недозволени супстанции. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0886.8016

**Очекувани влијанија:** Цел на овој правилник е начинот на вршење на мониторинг и контрола на присуство на резидуи и контаминенти во живите животни и храната од животинско потекло, годишниот мониторинг план за мониторинг на резидуи и контаминенти во живите животни и храната од животинско потекло, начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи и недозволени супстанции и мерките кои се преземаат во случај на сомнение и на позитивен наод на присуство на резидуи и недозволени супстанции. Овој правилник се применува во сите фази на производство, преработка и дистрибуција на храната од животинско потекло и на примарното производство на храна од животинско потекло (млеко, јајца, мед).

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија***

---

А) Подзаконски акти

***Предлог - програма за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2022 година***

**Образложение:** Целта на Програмата е да се поттикне учеството на граѓанскиот сектор во реализирање на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година. Програмата содржи опис на приоритетите, план за распределба на средства и вид на финансирање, како и областите на финансирање.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Донесувањето на Програмата е во функција на обезбедување транспарентна распределба и создавање на поповолни услови за финансиска одржливост на граѓанските организации, што е заложба на Владата на Република Северна Македонија согласно Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, Кодексот на

добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации, како и Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** Има: 15,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач: Генерален Секретаријат на Република Северна Македонија**

Б) Материјали

***Квартална информација за спроведувањето на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ за периодот јануари-март 2022***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Согласно заклучокот од 83-та седница на Владата одржана на 29 јуни 2021 година, Секретаријатот за европски прашања има обврска квартално да ги известува Владата и Собранието за спроведувањето на НПАА. |

НПАА-поглавје: - НПАА сите поглавја

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Владата ќе биде информирана за динамиката во спроведувањето на активностите од НПАА (Националната програма за усвојување на правото на ЕУ), постигнатиот напредок, обврските кои доцнат со реализација и причините за истото, евентуалните отворени прашања и ќе може да носи одлуки за насочување на работата на институциите. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

***Информација за подготовка на осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика на 30 март 2022 година во Скопје***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовките за одржување на осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика на 30 март 2022 година во Скопје, вклучувајќи ги и ставовите кои ќе бидат изнесени на состанокот. |

**НПАА-поглавје:** Редовен годишен циклус на состаноци на заедничките работните тела на ССА – Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика со Европската Комисија. |

**Фискални импликации:** Има: 38,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

***Информација за одржување на осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, одржан на 5 октомври 2021 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за одржувањето на осумнаесеттиотсостанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 5 октомври 2021 година, како и за |

превземените обврски од страна на државните институции и реализација на истите.

**НПАА-поглавје:** Редовен годишен циклус на состаноци на заедничките работни тела на ССА - Поткомитет за економско-финансиски прашања и статистика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Навремено и квалитетно остварување на обврските преземени од Поткомитетот. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

***Информација за одржување на втората годишна конференција во рамките на Преспа форумот за дијалог во текот на 2022 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно одлука на Влада, воспоставен е Преспа форумот за дијалог, како своевиден бренд кој ќе придонесе за афирмација на Република Северна Македонија на меѓународен план. Во негови рамки планирано е одржување на годишна конференција, со учество на видни домашни и меѓународни политички лидери и познати личности од бизнисот, академската средина и невладиниот сектор (првата конференција се одржа на 1 и 2 јули 2020). Политичката тежина и важност форумот ја црпи од пораките и искуството на Република Северна Македонија од потпишувањето и реализацијата на трите договора (Преспанскиот, ДПДС,Охридски рамковен), односно нивниот придонес во развојот и унапредувањето на Република Северна Македонија како современа, европска држава, како и во зајакнувањето на нејзината позитивна слика на меѓународен план. Проектот се реализира од Министерство за надворешни работи на Република Северна Македонија во соработка и координација со Владата и други владини и државни институции. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Континуитет во работата на Преспа форумот за дијалог со организирање на втората конференција на годишно ниво, а со тоа и промоција на „успешната приказна" на внатрешно и надворешно-политичкиот курс на Република Северна Македонија, поврзана со трите договори (Охридскиот рамковен договор, Преспанскиот договор и Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија). |

**Фискални импликации:** Има: 6,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Информација за подготовка на седумнаесетиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, 09 февруари 2022 година, во Брисел***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа Информација има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовката на седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација што ќе се одржи во Брисел, на 09 февруари 2022 година. |

**НПАА-поглавје:** Редовен годишен циклус на состаноци на зедничките тела на ССА - Поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани** | Се очекува Владата со заклучок да ги задолжи институциите да ги исполнат преземените нереализирани обврски од претходниот |

| | |
|---|---|
| **влијанија:** | Поткомитет што се одржа на 25 февруари 2021 година во Скопје. Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската Комисија. |

**Фискални импликации:** Има: 130,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

### *Информација за политиката за задржување на ИПА кадарот*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во изминатите години се забележува висока стапка на одлив на вработени од ИПА структурите во институциите, како и недостаток на пријавени кандидати за работни места во рамки на ИПА структурите. Сето ова особено влијае на организационите единици надлежни за управување со фондовите на ЕУ. Потребата за донесување на политиката на задржување на ИПА кадарот е нотирана не само од страна на ЕУ (во годишните извештаи за земјата), туку и во извештаите на Ревизорското тело за ИПА, како и во анализи подготвени од СЕП и НАО. Иницијативата има за цел да го претстави документот за политика за задржување на ИПА кадарот пред членовите на Владата, во кој врз основа на факти и докази се предвидени мерки за подобрување и унапредување на состојбата со ИПА кадарот во институциите во земјата. Усвојувањето на документот ќе се овозможи системско решение за ИПА структурите. |

**НПАА-поглавје:** Политички критериуми

**НПАА-подрачје:** 1.2. Реформа на јавната администрација

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Системско решение за зајакнување на административниот капацитет за управување со фондовите на ЕУ; Ефикасно задржување на постојните и привлекување на нови кадри во ИПА структурите; Намален одлив на кадар од ИПА структурите; Зголемување на апсорпциската моќ за ИПА средства. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

А) Подзаконски акти

***Предлог - одлука за усвојување/донесување на Концептот за поддршка од земјата домаќин***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно концептот на НАТО за Оспособување на областите на одговорност на Врховниот командант на сојузничките сили за Европа, при дефинирање на надлежностите, одговорностите и функциите за поддршка од земјата домаќин (ПЗД) на државните органи се применува холистички владин пристап. Ваквиот пристап е потребен со оглед на фактот дека оспособувањето е задача доста поширока од воената логистика бидејќи ги надминува националните, воените, цивилните и комерцијалните димензии. Република Северна Македонија почитувајќи ги обврските од членството во НАТО потребно е да воспостави национален систем за ПЗД. ПЗД побарува подготовка и соодветен ангажман на органите на државната управа и Армијата, како би се создале услови за непречен престој, изведување на операција или транзит на сојузничките сили низ територијата на државата. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Правилното функционирање на системот за ПЗД е од клучно значење за одбраната на земјата и нејзиниот кредибилитет како сојузник и партнер. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

*Предлог - одлука за поддршка од страна на Армијата на другите државни институции (во случај на природни и други настанати катастрофи), а во функција на јакнење на капацитетите и способностите на националниот систем за управување со кризи, за 2022 година*

**Образложение:** Врз основа на мисијата на Армијата на Република Северна Македонија, во последните 5 години Армијата ангажираше одредени капацитетите со кои активно учествуваше во операции за поддршка: на силите на МВР во справување со закани, ризици и опасности по безбедноста на Република Северна Македонија, а кои ги надминуваат нивните способности и капацитети, како и справување со кризната состојба со мигранти на јужната и северната граница на Република Северна Македонија; на дел од силите и средствата на Армијата кои се ангажираат како невооружени сили на извршување на задачи за поддршка на институциите на државата при справување со последиците од пандемијата со заразната болест COVID-19, предизвикана од вирусот SARS-CoV-2;на државни институции, единици на локалната самоуправа и други субјекти и институции во справување со поплави и посебно пожари на цела територија на Република Северна Македонија за што во 2021 година беше прогласена кризна состојба во траење од 1 месец.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со воспоставување на систем кој ќе гарантира реално и сигурно буџетирање на одбраната, каде Армијата ќе може да извршува операции за поддршка на државни институции, единици на локалната самоуправа и други субјекти и институции во случај на кризна состојба, како и во поддршка на институциите на државата при справување со последиците од пандемијата со заразната болест Covid-19, а при тоа редовното функционирање на Армијата да не биде доведено во прашање, додека Владата на Република Северна Македонија ќе располага со соодветни капацитети на Армијата опремени и оспособени за брза реакција и ангажирање во сите горе наведени состојби.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

Б) Материјали

***Информација за степенот на имплементација на обврските од НАТО процесот на одбранбено планирање (NDPP)***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | НАТО процесот на одбранбено планирање е комплексен и се спроведува во циклуси од по 4 години, преку пет фази во секој циклус. За имплементација потребна е меѓуресорска координација и соработка на национално ниво, со НАТО и со земјите членки. Овој процес покрај за Министерството и Армијата предизвикува обврски за повеќе национални институции, односно содржи и обврски за цивилна подготвеност и стабилизација и реконструкција. Порцесот побарува постојана координација, следење на реализацијата и превземање мерки за унапредување на националните капацитети, како и нивна подготовка за распоредување во НАТО операции, согласно прифатените рокови. |

**НПАА-поглавје:** \

**НПАА-подрачје:** \

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** \

**ЕПП:** \

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Северна Македонија се приклучи кон НАТО процесот на одбранбено планирање во јуни 2019 година. Во 2021 година Република Северна Македонија го прифати првиот пакет Цели на Способности, а во периодот септември/октомври го достави до НАТО и Прегледот на одбранбени способности 2021 (чекор 5 од NDPP). Од страна на Владата, Министерството за одбрана е задолжено редовно да ги следи сите чекори и обврски за Република Северна Македонија кои произлегуваат од НАТО Процесот на одбранбено планирање, да ги информира сите вклучени институции за следните чекори и да го координира целокупниот процес; по укажана потреба, во НАТО Процесот на одбранбено планирање за Република Северна Македонија да предложи вклучување и на други национални институции и да ја информира Владата на Република Северна Македонија, за периодичните препораки од НАТО во насока на унапредување на националните капацитети. Со континуирана имплементација на овој процес Република Северна Македонија ќе ги исполнува обврските од членството во НАТО. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

Б) Материјали

***Информација за обезбедување на објект за потребите на централниот дел на Државниот архив на Република Северна Македонија***

**Образложение:** Иницијатива за изградба на нов или преотстапување на веќе постоечки објект во државна сопственост по меѓународни архивски стандарди, за да може да се унапреди функцијата на архивот. Постоечкиот објект во кој е сместен архивот не е соодветен за чување на архивскиот материјал од трајна вредност, поради протекување на кровната конструкција, недоволен простор за чување на архивските материјали, како и несоодветни работни простории за вработените. Работните простории се без соодветна вентилација, со што се зголемува ризикот по здравјето на вработените ако се има предвид дека се работи со стари архивски документи кои се полни со прашина, аеросоли и нус продукти од инсекти и глодари и дополнителни хемиски агенси.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Овозможување на соодветни услови за чување и заштита на архивските материјали, нивна обработка и дигитализација. Подобрување на условите за работа на вработените од здравствен и професионален аспект.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Државен архив на Република Северна Македонија

*Информација за развој и имплементација на нов информациски систем*

**Образложение:** Креирање на модерна и ефикасна јавна администрација, базирана на дигитализација и брз пристап до информации.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Обезбедување на брзи и квалитетни услуги за граѓаните и деловните субјекти.

**Фискални импликации:** Има: 2,300,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Државен архив на Република Северна Македонија

*Информација за сукцесија односно продолжување на проектот за превземање на архивски материјал од Белград*

**Образложение:** Превземање и заштита на архивскиот материјал од Белград од културно и национално значење за Република Северна Македонија и продолжување на соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Надградување и проширување на примарната, секундарната и терцијарната заштита на архивскиот материјал и негова достапност до научната и пошироката јавност.

**Фискални импликации:** Има: 2,680,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Државен архив на Република Северна Македонија

***Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени***

---

Б) Материјали

***Информација за квалитетот на воздухот во Република Северна Македонија***

**Образложение:** Во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање е управувањето со Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздухот на Република Северна Македонија кои се состои од 18 фиксни автоматски мониторинг станици за квалитет на воздух и една мобилна автоматска мониторинг станица. Мониторинг станиците се поставени на следните мерни места: 5 станици во Скопје (Лисиче, Гази Баба, Ректорат, Карпош, Центар), 2 станици во Битола, и по една станица во Велес, Гостивар, Струмица, Кичево, Куманово, Кочани, Тетово, Кавадарци, с. Миладиновци, с. Лазарополе и Гевгелија. Мобилната станица, досега беше поставена во општина Бутел од март 2018 до јуни 2019 година, а од јуни 2019 година е поставена во општина Ѓорче Петров. Во рамките на ДАМСКВ постојат и уреди за земање примероци за следење на суспендирани честички со големина до 10 микрометри и калибрациона лабораторија. Воспоставувањето на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздухот на РСМ е во согласност со барањата на ЕУ регулативите.

**НПАА-поглавје:** НППА 2020 Ц4 Одржување и надоградба на автоматскиот мониторинг систем за квалитет на амбиентиот воздух

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Да се зголеми свесноста кај вработените во државните институции за можноста на нивното влијание врз животната средина со постапување согласно барањата на стандардот Редовното континуирано работење на овој систем овозможува идентификација на квалитетот на амбиентниот воздух на територија на Република Северна Македонија, со цел информирање на јавноста, научни и стручни институции, известување согласно барањата на меѓународните договори и институции и подготвување на планови и програми за подобрување на квалитетот на воздухот.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

***Информација за модерна и интерактивна ГИС апликација за далечинско набљудување и база на податоци за идентификација, дигитализација и следење на дивите депонии во Република Северна Македонија***

**Образложение:** Во Република Северна Македонија нелегалното депонирање на отпадот прдизвикува сериозни влијаниаја врз еколошката безбедност. Следењето на каталогизирани и откривање на неконтролирани депонии/сметилишта станува клучно еколошко прашање за земјата.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

ЕУ **преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Детекција на нелагално направените депонии и нивна контрола Следливост на депониите Модерен и интерактивен WEB-GIS систем без лиценци Лесно креирање на клуч за фотоинтерпретација Далечинско откривање и визуелно прикажување на постигнатите резултати Увоз на сателитски снимки и автоматска обработка Автоматско генерирање и анализа на извештаи Управување со корисници (флексибилно додавање,

уредување, бришење и преглед на корисници, улоги и привилегии) и систем за управување со документи Интерконекција со други системи

**Фискални импликации:** Има: 24,600,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

---

**Иницијатива со среден приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

---

А) Подзаконски акти

***Предлог- годишна програма за национална инфраструктура на просторни податоци за 2022 година***

**Образложение:** Обврската за доставување на Годишната програма за националната инфраструктура на просторни податоци за 2022 година произлегува од член 22 став 3 од Законот за национална инфраструктура на прсторни податоци на Република Северна Македонија според кој Годишната програма за националната инфраструктура на просторни податоци ја донесува Владата на Република Северна Македонија, по предлог на Агенцијата за катастар на недвижности, по претходно добиено мислење од Советот на НИПП. Годишната програма содржи активности поврзани со хармонизација на националното со европското законодавство во областа на просторните податоци, промоција на националната инфраструктура на просторни податоци, креирање на метаподатоци, креирање на веб услуги, хармонизација и стандрадизација на просторните податоци и услуги, како и информација за средствата потребни за нивна реализација и изворите на средствата. Наведените активности се во корелација со европската INSIRE директива.

**НПАА-поглавје:** /

НПАА-подрачје: /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија:** | Одржување и управување на националната инфраструктура на просторни податоци на Република Северна Македонија и олеснување на пристапот, размената, употребата и дистрибуцијата на стандардизираните просторни податоци и услуги помеѓу владините институции на ефикасен, ефективен и усогласен начин. |

**Фискални импликации:** Има: 922,500 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

Други извори

Предлагач: Агенција за катастар на недвижности

***Предлог- годишна програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2022 година***

| | |
|---|---|
| **Образл ожение:** | Обврската за доставување на Годишната програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2022 произлегува од член 4 став 3 од Законот за катастар на недвижности според кој: Годишната програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности ја донесува Агенцијата, на која согласност дава Владата на Република Северна Македонија. |

НПАА-поглавје: /

НПАА-подрачје: /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија** | Навремени и квалитени услуги за граѓаните и бизнис заедницата, зголемен процент на запишани недвижности во катастарот на недвижности, ажурни, усогласени и унифицирани податоци во катастар на недвижности, |

: усогласување на геодетска референтна инфраструктура во Република Северна Македонија со современи европски стандарди со референтни системи, воведување на Графички регистар на улици и куќни броеви кој ќе овозможи воведување на стандарди поврзани со адресите и куќните броеви, нивен графички приказ, можност за пребарување и идентификација на улиците, зградите и становите во просторот, одржување на Регистар на преземен недвижен имот наменет за продажба, ласерско скенирање на територијата на Република Северна Македонија, површина на која е извршено ласерско (LIDAR) скенирање на теренот и за која е изготвен соодветен DTM/DSM, изработени нови картографски производи и ставена во примена нова државна картографска проекција.

**Фискални импликации:** Има: 650,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Агенција за катастар на недвижности

***Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската Комисија (1 дополнување)***

Образложение: Со донесувањето на Уредбата, Република Северна Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската унија, а воедно се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од Уредбата и во Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Усогласеност со Комбинираната номенклатура на Европската Унија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог-програма за субвенционирање на дел од трошоците за вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво за 2022***

**Образложение:** Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), и член 5-в од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ број 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/19), произлегува Програмата.

**НПАА-поглавје:** 3.01- Слободно движење на стоки

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Владата на да ја усвои програмата.

**Фискални импликации:** Има: 15,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за економија

***Предлог - програма за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2022 година***

**Образложение:** Од 2022 година, досегашната Програма за конкурентност, иновации и претприемништво се подели на две посебни програми и тоа: Програмата за поддршка на конкурентност на преработувачката индустрија и општествена одговорност и Програма за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија. Во Програмата за поддршка на конкурентност на преработувачката индустрија и општествена одговорност се планирани мерки за: -Поддршка за зголемување на конкурентноста на деловните субјекти од преработувачката индустрија; -Надоместување на дел од трошоците за акредитирање на лаборатории, проширување на опсегот на акредитација на постоечките лаборатории за испитување или набавка на потребна опрема за лаборатории за пуштање на пазарот на квалитетни и

безбедни производи и -Финансиска поддршка за подобрување на вредносните синџири -Реализација на пилот проекти поврзани со спроведување на стратегијата за паметна специјализација, насочени кон воспоставување и зајакнување на стратешките партнерства помеѓу академија, бизнис и јавен сектор - Кофинансирање за организирање на специјализирани обуки - длабински и детални технолошки обуки за преработувачка индустрија и -Поддршка за развивање, одржување и применување социјално прифатливи практики на деловните субјекти.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика

**НПАА-подрачје:** Подрачје Подрачје 2: Инструменти

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општетсвена одговорност. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

Б) Материјали

***Годишен извештај за користење на средствата од резервите на Централниот буџет за 2021 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата се предлага со цел да се информира Владата на Република Северна Македонија за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет за првите шест месеци од годината. Обврската за изготвување на Извештај за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет произлегува од Законот за буџетите. Во рамките на Централниот буџет на Република Северна Македонија се планираат средства за непредвидени случаи како буџетска резерва. Планираните средства за непредвидени случаи се наменети за покривање на расходи во случај на виша сила, елементарни непогоди и други непредвидени случаи, како и за програми кои во текот на подготовката на буџетот не можеле да бидат |

предвидени. Постојаната и тековната резерва не можат да надминат 3% од вкупните тековни расходи на основниот буџет. За користење на средствата од резервите одлучува Владата на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Извештајот за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет се изготвува со цел информирање за намените за кои се искористени средствата од резервите. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог - Акциски план за 2022-2023 за имплементација на Индустриската стратегија на Република Северна Македонија 2018-2027***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Индустриската стратегија на Република Северна Македонија, со фокус на преработувачката индустрија е усвоена во 2018 година. Во неа е интегриран Планот за економски раст. Ова е втор акциски план кој ќе важи за периодот 2022-2023 година. Структурата на стратегијата и акцискиот план е поделена преку 5 Стратешки цели: зајакнување на производствената база, зголемување на продуктивноста и иновативноста и трансфер на технологии, катализирање на зелена индустрија, поттикнување на производството и создавање на производствен сектор во кој се учи. Новиот Акциски план ја задржува структурата со пет стратешки цели, со предлог мерки. Некои мерки продолжуваат да бидат валидни од Првиот Акциски план, а некои се нови согласно остварената консултација и новите документи на Владата. |

**НПАА-поглавје:** Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика

**НПАА-подрачје:** Подрачје 1: Принципи и Подрачје 2: Инструменти

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Интегриран пристап во поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија. Поголема прегледност на мерките кои ги импалментираат различни институции. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

***Информација за статусот на спроведување на ИПА програмите за прекугранична соработка, за периодот јули - декември 2021 година***

| | |
|---|---|
**Очекувани влијанија:** Со предвидените активности се очекува на воспоставување на одржлив и стабилен систем за координирање на професионална обука на администрацијата и со долгорочна цел развивање култура на континуирано учење и развој на човечкиот потенцијал во јавниот сектор и крајна цел да се обезбеди соодветен и квалитетен сервис на граѓаните и бизнисите.

**Фискални импликации:** Има: 300,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

***Информација за содржинско одржување на платформа за Е-учење (Систем за управување со учење –LMS)***

**Образложение:** Зајакнување и унапредување на професионалните квалитети и капацитети на вработените во јавниот сектор, односно зголемување на довербата во институциите и квалитетот на услугите.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со предвидените активности се очекува на воспоставување на одржлив и стабилен систем за координирање на професионална обука на администрацијата и со долгорочна цел развивање култура на континуирано учење и развој на човечкиот потенцијал во јавниот сектор и крајна цел да се обезбеди соодветен и квалитетен сервис на граѓаните и бизнисите.

**Фискални импликации:** Има: 192,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

**Иницијатива со висок приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

***Предлог-уредба за измена на Уредбата за методологијата за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2022 година***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Приходите од ДДВ кои се познати и сигурни приходи за општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје и се обезбедуваат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година и се врши распределба согласно утврдени и транспарентни критериуми. Средствата во износ од 5% од наплатениот ДДВ во претходната фискална година ќе се рапределуваат во три дела и тоа: основен дел - 4,5%, дел за перформанси - 0,25 % и дел за воедначување -0,25% од наплатениот ДДВ во претходната фискална година. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување на стабилна финансиска состојба на општините и развивање на локалната самоуправа врз основа на принципите на Европската повелба за локална самоуправа. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

Б) Материјали

*Предлог-Национален акциски план за одржлива употреба на фитофармацевтски производи 2022-2032 година*

**Образложение:** Со Националниот акциски план се утврдуваат целите, мерките, индикаторите и роковите за постигнување на одржлива употреба на фитофармацевтските производи и има за цел да се намалат ризиците и влијанијата на фитофармацевтските производи врз здравјето на човекот, животните и на животната средина и намалување на потребата од користење на фитофармацевтските производи, преку воведување и развој на интегрирана заштита на растенијата и други алтернативни пристапи или техники.

**НПАА-поглавје:** 12 Безбедност на храна ветеринарство и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** Фитосанитарна политика

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0800.8069

**Очекувани влијанија:** Намалена употреба на пестициди како и зголемена промоција на интегрална заштита на ратсенијата и побезбедни примарни земјоделски производи.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

*Информација за проект за воспоставување на единица за следење на Инфраструктурни проекти*

**Образложение:** Преку донесување на соодветна регулатива ќе се уреди воспоставување на единица за следење на реализација на инфраструктурни проекти, ќе се обезбеди кадар кој ќе работи на подобрување на реализацијата на проектите во државата на ефикасен и рационален начин. Единицата ќе ја следи имплементацијата на проектите и е истовремено дел од идниот Центар за испорака како пошироко координативно тело за реализација на проектите во

земјата кои се финансираат од националниот буџет или донаторски односно позајмени средства од меѓународните финансиски организации.

НПАА-поглавје: /

НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Воспоставување на единицата за следење на инфраструктурни проекти е неопходност за да се обезбеди поголема ефикасност на трошењето на јавните средства при изградба на инфраструктурни проекти кои имаат влијание на капиталните инвестиции во земјата како и на обезбедување услови за подобри услови за живот на граѓаните и подобрено деловно опкружување и услови за бизнисите. |

**Фискални импликации:** Има: 20,000,000 ден

Други извори

**Предлагач: Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции**

***Предлог-акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2022 година***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Заради обезбедување на континуитет на реформските активности во управувањето со јавните финансии, потребно е донесување на нова Програма за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот 2022 - 2025. Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2022-2025 година ќе се спроведува преку годишни Акциски планови со што ќе се обезбеди соодветно временско подредување на реформските активности. Подготовката на Акцискиот план ќе ја координира Министерството за финансии, врз основа на интензивна соработка на релевантните институции во областа на управување со јавни финансии (Министерство за финансии, Министерство за економија, Државен завод за ревизија, Управа за јавни |

приходи, Царинска Управа, Биро за јавни набавки, Државна комисија за жалби по јавни набавки и др.). Акцискиот план за 2022 година пред доставување на усвојување до Владата треба да биде одобрен од страна на членовите на Советот за управување со јавни финансии.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со усвојување на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2022 година од страна на Владата ќе се обезбеди посветеност на највисоко ниво во спроведувањето на реформите во областа на управувањето со јавни финансии. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија***

Б) Материјали

***Информација за постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Република Кореја за укинување на визи за носители на дипломатски и службени пасоши***

**Образложение:** Укинување на визи за носители на дипломатски и службени пасоши.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Зголемена соработка помеѓу двете држави, развој на економија и туризам.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Информација за постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Државата Катар за укинување на визи за носители на дипломатски и службени пасоши***

**Образложение:** Укинување на визи за носители на дипломатски и службени пасоши.

НПАА-поглавје: /

НПАА-подрачје: /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Зголемена соработка помеѓу двете држави, развој на економија и туризам.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Информација за донесување на Национална стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија 2022 – 2025***

**Образложение:** Националната стратегија за борба против измама и заштитата на финансиските интереси на Европската унија 2019-2022, заедно со Акцискиот план за спроведување на Стратегијата е усвоена од Владата Република Северна Македонија на Сто и единаесеттата седница одржана на 20.12.2018 година со цел обезбедување ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на ЕУ и националните финансиски интереси преку подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка во превенцијата, откривањето и борбата против неправилностите и измамите при имплементацијата на ЕУ фондовите. Во 2022 година, ќе биде спроведено ревидирање на Националната Стратегија за борба против измама и заштита на финансиските интереси на ЕУ и подготовка на нова Стратегија за периодот 2022-2025, Изработувањето на нова Националната стратегија за борба против измами е неопходна со цел да се воспостават ефективни и пропорционални мерки за спречување измама согласно идентификуваните ризици. Ова ќе обезбеди преземање на неопходните чекори за ефикасна превенција, откривање и санкционирање измами и неправилности и враќање на неправилно искористените средства од ЕУ во буџетот на ЕУ.

**НПАА-поглавје:** 3.32- Финансиска контрола

**НПАА-подрачје:** 3.32.2- Заштита на финансиските интереси на ЕУ

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија 2022–2025 ги прикажува договорените приоритети и активности на надлежните државни органи во областа на заштитата на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија при користењето на фондовите од Европска Унија. Имајќи ги предвид стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во однос на членство во ЕУ, како и решителна и неселективна борба против организираниот криминал и корупцијата, оваа Стратегија ќе придонесе за постигнување на овие приоритети на високо ниво.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Информација за реализираниот објаснувачки аналитички преглед и подготовка за билатерален аналитички преглед (скрининг) за 2022 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да даде преглед на состојбите, статусот на усогласеност на националното законодавство со правните акти на ЕУ презентирани на објаснувачкиот аналитички преглед (скриниг), идентификуваните GAP-ови и динамиката и потребните ресурси за понатамошно усогласување и јакнење на капацитетите како подготовка за билатералниот аналитички преглед (скрининг) и дефинирање на преговарачки позиции. |

**НПАА-поглавје:** НПАА сите поглавја, спроведени објаснувачки состаноци за сите 33 поглајва како прв дел од аналитичкиот преглед (скрининг)

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Ефикасна координација на преговарачката структура во процесот на преговори. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

***Развивање на одбранбена политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност***

А) Подзаконски акти

***Предлог- одлука за реализација на билатералната вежбата „ПРЕДИЗВИК 22“***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Вежбата е дел од билатералната соработка со Република Словенија и истата се одвива на две години (освен минатата година кога се откажа поради пандемијата со COVID 19). |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Позитивно влијание во стекнување на искуство и знаење на персоналот кој ќе учествува на вежбата, достојно презентирање на Армијата и зголемување на угледот на Република Северна Македонија на меѓународен план. |

**Фискални импликации:** Има: 3,100,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Предлог- уредба за безбедност на лица-корисници на класифицирани информации***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Уредбата се уредуваат мерките и активностите за безбедност на лица-корисници на класифицирани информации коишто произлегува од Законот за класифицирани информации. |

**НПАА-поглавје:** 3.31 Заедничка, надворешна и безбедносна политика

**НПАА-подрачје:** Безбедносни прашања – класифицирани информации

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2021.1000.8204

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување на регулативата за безбедност на класифицирани информации како и нејзино усогласување со меѓународно прифатените стандарди за безбедност на лица-корисници на класифицирани информации. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Предлог - одлука за придонес во активности на НАТО за одвраќање и одбрана на источното крило на Алијансата преку „Засилено истурено присуство " (Enhanced Forward Presence - eFP) во Република Летонија (март)***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со придонесот во активностите кои НАТО ги спроведува за одвраќање и одбрана преку „Засилено истурено присуство на источното крило на НАТО" (Enhanced Forward Presence - eFP) во Република Летонија, се потврдува посветеноста на Република Северна Македонија кон мирот и безбедноста како и одлучноста кон почитување на вредностите и целите на Алијансата и подготвеноста за споделување на предизвиците како нејзина полноправна членка. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Придонес на Република Северна Макдонија како полноправна членка на Алијансата преку активно учество во активностите на НАТО за одвраќање и одбрана на источното крило на НАТО преку учество во „Засилено истурено присуство" (eFP). Продлабочување на билатералната соработка со Република Словенија, Република Летонија и Канада и создавање на предуслови за нејзино проширување во иднина. |

**Фискални импликации:** Има: 19,882,910 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

Б) Материјали

***Информација за состојбата со Системот за тревожење и предлог за модернизација и набавка на нови сирени и систем за далечинско управување и командување со сирените***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Потребата од горенаведената информација е Владата да ја разгледа и ако оцени нејзина потреба да донесе соодветени заклучоци за реализација. Сметаме дека Центарот за управување со кризи е надлежен орган на државната управа за реализација на оваа законска задача. |

**НПАА-поглавје:** 10 – Информатичко општество и медиуми

**НПАА-подрачје:** Телекомуникациски услуги и мрежи, радио комуникација

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** Уредување на раното предупредување, потребно е да се уреди и со телеком операторите за испраќање на известувања-пораки за наидување на голема опасност би требало да се уреди и со активирање на сирените од системите за тревожење. Целата оваа проблематика во ЕУ е урердена со Европскиот електронски код за комуникација и членот 110, за земјите членки во кој стои следното:

До 21 Јуни 2022 година земјите членки се должни да обезбедат активирање на системи за јавно предупредување, во случај на наидување на опасност по животот на населението и загрозување на материјалните добра. Предупредувањата се пренесуваат преку Телеком операторите во земјите членки, до засегнатите крајни корисници

ЕПП: Согласно - Европскиот комуникациски код, член 110

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Јакнење на капацитетите и способностите на националниот систем за управување со кризи во областа на превенција, рано предупредување и справување со кризи, преку доведување во употреба на сирените од системот за тревожење на Републиката, која задача е законски доделена на Центарот за управување со кризи. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Центар за управување со кризи

Б) Материјали

***Информација за потреба од донесување на нов Закон за државно правобранителство***

**Образложение:** Имајќи ја во предвид одговорната улога на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, постапување на органот во инстанци пред сите судови во Република Северна Македонија и постапување пред надлежните управни органи исто така во сите инстанци, сеопфатноста на материјата по која се постапува, сметаме дека за независно остварување на државноправобранителската функција неопходно е да се донесе Закон за државното правобранителство со кој ќе бидат регулирани покрај другото и правата и обврските на државноправобранителските службеници.

**НПАА-поглавје:** работна група 23 Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** работна група 23 Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Обезбедување висококвалитетна, професионална, независна и пред се ефикасна државноправобранителска служба.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Државно правобранителство на Република Северна Македонија

Б) Материјали

***Информација за пристапување на Република Северна Македонија кон Меѓународната организација за сеќавање на Холокаустот и за прифаќање на третата правно необврзувачка дефинција на ИХРА за дискриминација на Ромите***

**Образложение:** Пристапувањето на Република Северна Македонија кон ИХРА ќе значи потреба од засилување на активностите во областите на трите основни столбови на ИХРА - сеќавањето, образованието и истражувањето на холокаустот. Во тој контекст, усвојувањето на третата правно необврзувачка дефиниција на ИХРА за дискриминација на Ромите ќе придонесе за подигање на свеста за интеграцијата на Ромите и нивна заштита од дискриминација.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Дејствување на земјата согласно статус на полноправен член во ИХРА, како и интегрирање на третата правно не обврзувачка работна дефиниција на ИХРА во доменот на учењето за холокаустот и геноцидот над Ромите.

**Фискални импликации:** Има: 487,805 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

Б) Материјали

***Информација за предлог - проект за зголемување на функционалноста на Националниот совет за одржлив развој и имплементација на Агендата 2030 и Целите за одржлив развој на Обединетите нации***

**Образложение:** Следењето на имплементацијата на Агендата 2030 и Целите за одржлив развој ќе се реализира преку Националниот совет за одржлив развој како советодавна платформа на Владата која е составена од претставници од владиниот, приватниот, граѓанскиот сектор и академијата. Советот има за дел да ја следи имплементацијата на Агендата 2030 и Целите за одржлив развој на Обединетите нации, како и Националната стратегија за одржлив развој. Советот го следи процесот на интегрирање на Целите за одржлив развој при изработка на национални стратешки документи, разгледува прашања од областа на политиките за одржлив развој и дава мислења по предлоги на документи од областа на одржливиот развој, економијата, социјалниот развој, заштитата на животната средина, енергетиката, земјоделството, здравството, образованието и други релевантни документи. Дополнително, преку иницијативата ќе се развиваат соработки на регионално и меѓународно ниво.

**НПАА-поглавје:** Иницијативата ги опфаќа сите Поглавја од ЕУ

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Иницијативата ќе придонесе за зајакнување на институционалните капацитети, квалитетно образование, квалитетен здравствен систем, зголемена конкурентност на компаниите, обезбедување средства за истражување и развој, зголемување на вработеноста, подобрување на економијата, одржливо користење на ресурсите, а во исто време постигнување економски развој и креирање услови за одржлив развој.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции

**Иницијатива со среден приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

***Предлог - одлука за забрана на продажба на одделни нафтени деривати***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Одлуката се носи врз основа на член 30 од Законот за трговија. Со Одлуката како времена мерка, на правни и физички лица кои вршат промет на нафтени деривати се забранува да вршат промет на маслото за горење екстра лесно масло за домаќинство ЕЛ-1 со содржина на сулфур најмногу до 0,1% (m/m) на бензинските станици за временскиот период од 15 април 2022 година до 15 октомври 2022 година, од причина што грејната сезона завршува на 15 април, а маслото за горење екстра лесно е наменето само за греење и не смее да се користи како погонско гориво. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Регулирање и контрола на употребата на маслото за горење. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

***Предлог - програма за сузбивање и ерадикација на Бруцелоза кај овци и кози***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај овци и кози се спроведуваат превентивни и заштитни мерки како и мерки за заштита на јавното здравје намалување на потенцијалните економски штети од појавата |

на болести кај животните, и навремено спречување на вносот и ширењето на причинителите на оваа зооноза.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Непречено ќе се спроведуваат превентивни мерките и активностите за за надзор на Бруцелозата кај овци и кози. |

**Фискални импликации:** Има: 109,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

***Предлог - националната програма за развој на социјалната заштита 2022-2027 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Врз основа на направена анализа и оцена на имплементацијата на Националната Програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година, ќе се изготви нова Национална Програма за развој на социјалната заштита, со кој документ ќе се утврдуваат целите, приоритетите и правците на развојот на социјалната заштита на граѓаните на Република Северна Македонија и ќе се предвидат конкретни мерки и носители за спроведување за натамошниот развој на оваа област на среден рок од пет години. |

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** 3.19.5 Социјална вклученост

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Основна цел на Националната програма за развој на социјалната заштита 2022-2027 година е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

Б) Материјали

***Извештај за реализацијата на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година***

**Образложение:** Извештајот се подготвува согласно дел V од Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021, согласно кој Министерството за економија, заклучно со 31 март 2022 година, до Владата на Република Северна Македонија ќе достави извештај со финансиски показатели за реализација на програмата и наменско користење на средствата.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 20: Претпријатија и Индустриска политика: Имлементирање на проактивна индустриска политика која води кон раст, зголемување на конкурентноста базирана на знаење, иновации, истражувања, развој, инвестиции и технологии, понатамошен раст и развој на МСП.

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Нема

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

*Годишен извештај за работата и функционирањето на Економско-социјалниот совет*

**Образложение:** Годишниот извештај за работата и функционирањето на Економско-социјалниот совет претставува преглед на реализираните активности на ова тело во претходната година согласно Годишната програма за работа на ЕСС и согласно Програмата на Владата за донесување или изменување и дополнување на Закони.

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Зголемена транспарентност и видливост на Економско-социјалниот совет како советодавно и консултативно тело на Владата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

***Годишен извештај за степенот на реализација на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година***

**Образложение:** Обврската на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија-Секторот за стратегија, планирање и следење да подготвува Годишен извештај за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија, со мониторинг индикатори е согласно Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/19).

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со Годишниот извештај, Владата на Република Северна Македонија се информира за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата за 2021 година. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** **Генерален Секретаријат на Република Северна Македонија**

***Информација за реализација на Програма за фитосанитарна политика за 2021 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информација за систематско прибирање и чување на податоци за присуство на штетни организми, кое вклучува здравствен преглед, земање на примероци, следење на здравствената состојба на растенијата, како и прометот со фитофармацевтски производи и одржлива употреба на пестициди. Оваа програма е во рамките на програмата за Фитосанитарна програма која ја подготвува Фитосанитарната управа во соработка со Државната фитосанитарна лабораторија и Државниот инспекторат за земјоделство. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Владата на Република Северна Македонија се информира со степенот на реализација и добиените резултати при спроведување на Програмата за фитосанитарната политика за 2021 година. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

***Информација за имплементација на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година***

**Образложение:** Редовно информирање за имплементација на програмата.

**НПАА-поглавје:** 20 Претпријатија и индустриска политика

и 25 Истражување и развој

**НПАА-подрачје:** 2 Инструменти

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** - Имплементација на програмата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

***Извештај за активностите на Координативното тело за надзор на пазарот за 2021 година и на надлежните органи за надзор на пазарот***

**Образложение:** Извештај за активностите на Координативното тело за надзор на пазарот за 2021 година и на надлежните органи за надзор на пазарот, е подготвена согласно член 8 од Законот за надзор на пазарот („Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10 и 79/13), со кое се задолжува Координативното тело да достави до Владата на Република Северна Македонија, Извештај за својата работа за претходната календарска година. Активностите кои се преземени од страна на надзорните органи е согласно Националната програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2021 и 2022 година („Службен весник на Република Македонија" бр.79/21).

**НПАА-поглавје:** 3.1 Слободно движење на стоки

**НПАА-подрачје:** /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Владата на Република Северна Македонија да се информира за активностите на Координативното тело за надзор на пазарот за 2021 година и на надлежните органи за надзор на пазарот. |

Фискални импликации: /

Предлагач: Министерство за економија

***Информација за учество на делегација на Република Северна Македонија на Меѓународната конференција на трудот во Женева, во јуни 2022 година***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Република Северна Македонија е членка на Меѓународната организација на трудот чијшто главен орган е Меѓународната конференција на трудот која се одржува во месец јуни секоја година. Делегацијата треба да биде трипартитна, со претставници од Министерството за труд, претставници од репрезентативните здруженија на работодавачи и синдикати. |

НПАА-поглавје: 3.19 Социјална политика и вработување

НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Унапредување на трудовите стандарди и со тоа, унапредување на човековите права. |

Фискални импликации: Има: 600,000 ден

Други извори

Предлагач: Министерство за труд и социјална политика

А) Подзаконски акти

***Предлог - уредба за воспоставување институционална рамка на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целта на оваа иницијатива е да се донесе Уредба од страна на Владата на Република Северна Македонија за формирање на институционална рамка за системот за заштита на финансиски интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија) со цел координација на законодавните, оперативните и управните активности и јакнење на меѓуинституционалната соработка во борбата против неправилности и измами при имплементацијата на фондовите на Европската Унија со цел заштита на финансиските интереси на Европската Унија. Системот за заштита на финансиски интереси на фондовите на Европската Унија во Република Северна Македонија ќе вклучи претставници од ИПА структурите, АФКОС одделението и АФКОС мрежата. |

**НПАА-поглавје:** 3.32-Финансиска контрола

**НПАА-подрачје:** 3.32.1 - Заштита на финансиските интереси на ЕУ

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување на институционална рамка за системот за заштита на финансиските интереси на фондовите на Европската Унија во Република Северна Македонија, Европската Унија преку обезбедување на ефикасен систем за координација на законодавните, оперативните и управните активности и јакнење на меѓу институционалната соработка во борбата против неправилности и измами при имплементацијата на фондовите на Европската Унија со цел заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

Б) Материјали

***Информација за одржување на прва заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Хрватска, во Република Северна Македонија***

**Образложение:** Одржувањето на Заеднички седници на Влади се дополнителен поттик кон унапредувањето на билатералните односи и соработката со земјите од поширокото соседство и јакнењето на регионалната соработка.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 1.3 НАЦИОНАЛЕН ПЛАН ЗА АДАПТИРАЊЕ НА ЕВРОПСКОТО ЗАКОНДАВСТВО, РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Интензивирање и продлабочување на севкупните билатерални односи и регионална соработка со земјите од пошироко соседство.

**Фискални импликации:** Има: 60,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Информација за реорганизација на националните структури надлежни за управување со средства од Европската унија со цел нивна подготовка за ефикасно управување со ИПА III***

**Образложение:** Целта на оваа иницијатива е да се зајакнат и/или реорганизираат административните национални капацитети со цел подготвување за ефикасно управување со ИПА III како и управување со структурните и кохезионите фондови. Согласно тоа се јавува потреба од подготовка на подзаконска регулатива. Економскиот развој на земјата е во користењето и управувањето со Кохезионата политика на ЕУ, која е насочена кон

намалување на економските и општествените диспаритети кај земјите членки. Процесот на кохезија се спроведува преку внатрешни инструменти и надворешни инструменти. За Република Северна Македонија од големо значење е успешното управување со ИПА и структурните и кохезиони фондови. Доколку Република Северна Македонија го засили својот капацитет за искористување на ИПА, тоа практично значи и засилен капацитет за искористување на структурните и кохезионите фондови на ЕУ. Овие фондови предвидуваат поголема финансиска поддршка (во споредба со ИПА) откако една земја ќе стане членка на ЕУ. Посебен поттик треба да даде и стимулативниот карактер од користењето на ИПА 2, бидејќи инструментот се фокусира на резултатите. Затоа, потребно е да се реорганизира постојната ИПА структура за успешно управување со овие фондови.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 22-Регионална политика и координација на структурни инструменти

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** - Воспоставување на соодветно национално законодавство, - Реорганизација на административните национални капацитети со цел подготвување на структурите за ефикасно управување со структурни фондови. - Измени и дополнувања на подзаконски акти и други акти со цел нивно усогласување со новата воспоставена/реорганизирана национална структура .

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Информација за воспоставувавање на тренинг центар за обуки за родово одговорно креирање на политики и буџетирање (Ресурсен центар)***

**Образложение:** Унапредување на капацитетите за родова еднаквост на родовите механизми и субјектите на национално и локално ниво . Оваа иницијатива произлегува од проектот "Унапредување на институционализацијата на родово одговорно буџетирање преку систематска интеграција на родовата перспектива во стратешко планирање и програмирање на владините институции во Северна Македонија" согласно договорот меѓу Министерството за труд и социјална политика и UN-Women (ОН - жени) Тело на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените.

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување односно

**НПАА-подрачје:** 19.7 Антидискриминација и еднакви можности

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрување на статусот и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите со почитување на принципот на еднаквост и недискриминација по сите основи , кој ќе обезбеди зајакнување и следење на капацитетите за родова еднаквост на родовите механизми и субјектите.

**Фискални импликации:** Има: 130,200 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

А) Подзаконски акти

***Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за Методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Уредбата е донесена на Седница на Владата одржана на 25.01.2011 година. Измените се во контекст на подобрување на целосна дигитализација на активностите во рамките на Системот за управување со кризи, во сегментот на мониторинг и процена на ризици, превенција и рано предупредување, преку одржување на Веб базираните апликации Е-процена (http://procena.cuk.gov.mk) и прилагодување на последните уставни промени. |

**НПАА-поглавје:** Поглавје 27 – Животна средина

**НПАА-подрачје:** Цивилна заштита

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Јакнење на капацитети и способностите на националниот систем за управување со кризи во областа на превенција, рано предупредување и справување со кризи, преку континуиран процес на изработка и ажурирање на „ Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности “ и „ Процените на загрозеност на подрачјата на општините и градот Скопје од сите ризици и опасности “, со целосна инклузивност на сите субјекти на системот на национално и локално ниво. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Центар за управување со кризи

***Предлог - одлука за измена на Уредбата за методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина, начинот на чување и ажурирање, ако и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна, извод од процената***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Уредбата е донесена на Седница на Владата одржана на 25.01.2011 година. Измените се во контекст на подобрување на целосна дигитализација на активностите во рамките на Системот за управување со кризи, во сегментот на мониторинг и процена на ризици, превенција и рано предупредување, преку одржување на Веб базираните апликации Е-процена (http://procena.cuk.gov.mk) и прилагодување на последните уставни промени. |

НПАА-поглавје: /

НПАА-подрачје: /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /**

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Јакнење на капацитети и способностите на националниот систем за управување со кризи во областа на превенција, рано предупредување и справување со кризи, преку континуиран процес на изработка и ажурирање на „ Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности “ и „ Процените на загрозеност на подрачјата на општините и градот Скопје од сите ризици и опасности “, со целосна инклузивност на сите субјекти на системот на национално и локално ниво. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

Б) Материјали

***Информација за активностите, состојбите и проблемите на Центарот за обука на Дирекцијата за заштита и спасување***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Дирекцијата за заштита и спасување согласно член 29 од Законот за заштита и спасување формира Центар за оспособување и обука на републичките сили за заштита и спасување и командниот и раководен кадар за превентивно оперативно справување со природните непогоди и други несреќи. Во моментов во Република Северна Македонија нема соодветен центар за обука за потребите на заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи. Невозможно е спроведување на едукацијата, обуката и тренинзите за потребите на силите за заштита и спасување. Согласно Законот за пожарникарството, во овој центар треба да се врши и стручното оспособување на пожарникарите во Република Северна Македонија. Како услов за едно лице да работи како професионален пожарникар потребно е да има минимум средно образование и уверение за стручно оспособување - пожарникар издадено од Центарот за оспособување и обука на Дирекцијата за заштита и спасување. Постоечкиот објект што се користеше за оваа намена беше одземен со одлука на Владата на Република Северна Македонија. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставувањето на Центарот за оспособување и обука е неопходна потреба во Република Северна Македонија. Истиот ќе го овозможи потребното ниво на едукација за потребите на системот на заштита и спасување како и активно спроведување на утврдениот и потребниот раководен и команден кадар. Дополнително ќе се овозможи систем на континуирано оспособување на потребните вештини, знаења и способности на потребниот кадар. Предлогот се дава со цел надминување на сегашната состојба и обезбедувањето на модерен и функционален центар за обука согласно на ЕУ и НАТО за кои меѓународните субјекти придаваат големо значење и постојано укажуваат на потребата од остварување на овој приоритет. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Дирекција за заштита и спасување

Б) Материјали

***Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, за периодот октомври-декември 2021 година***

**Образложение:** Целта на оваа иницијатива е квартално да се информира Владата на Република Северна Македонија за преземените мерки и активности по обраќањата и препораките на Народниот правобранител, упатени до Владата, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Воспоставениот механизам на известување на Владата на Република Северна Македонија за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител придонесува кон унапредување на соработката со Народниот правобранител во насока на целосно почитување на уставните гаранции и меѓународните стандарди за почитување на човековите слободи и права, одговорно, совесно и навремено постапување и одлучување за правата на граѓаните, како и транспарентност во работењето на органите на државната управа

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** **Генерален Секретаријат на Република Северна Македонија**

***Информација за потреба од утврдување на уште едно седиште на државни правобранители и подрачјата на судовите каде се врши државноправобранителската функција - надлежност на Основен суд Дебар***

**Образложение:** Имајќи ја во предвид одговорната улога на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, постапување на органот во сите инстанци пред сите судови во Република Северна Македонија, и постапување пред надлежните управни органи исто така во сите истанци, сеопфатноста на материјата по која постапува и постојаната потреба Државното правобранителство за подрачје Струга да патува во Основниот суд во Дебар, што претставува дополнителен напор за државните правобранители за подрачје Струга и финансиски трошоци за Буџетот на Република Северна Македонија, сметаме дека за професионално оставрување на државноправобранителската функција потребно е Владата на Република Северна Македонија да донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на седишта на државните правобранители и подрачјата на судовите каде се врши државноправобранителската функција и да се утврди постоење на Државно правобранителство за подрачје на Дебар.

**НПАА-поглавје:** работна група 23 Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** работна група 23 Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Обезбедување висококвалитетно, професионално и ефикасно вршење на државноправобранителската функција.

**Фискални импликации:** Има: 4,660,644 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** **Државно правобранителство на Република Северна Македонија**

Б) Материјали

***Информација за имплементација на Работниот план 2018-2021 Преглед за занимања (Occupation Outlook) со предлог работен план 2022-2027***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со прегледот на занимања ќе се обезбедат поверодостојни информации за побарувачката на работна сила, како и подобрување на усогласеноста на понудата на занимањата со барањата на пазарот на трудот. За секое занимање ќе има информации за опис на работно место, образование, обука и работно искуство, услови за работа (плата, работно време, работна средина, професионални заболувања и повреди) и слични занимања. |

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** 3.19.4 Политики за вработување и Европскиот социјален фонд

ЦЗ Ефикасна и ефективна имплементација на претпристапната помош (IPA) во секторот „Вработување, образование и социјална политика"и евалуација на политиките за вработување

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Моделот за Преглед на занимања ќе овозможи зголемување на информираноста за пазарот на трудот за целата популација. Се очекува да влијае врз понудата на работна сила преку подобрување на понудата согласно со потребите на работодавачите, а со тоа и на конкурентноста |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

Б) Материјали

***Информација за спроведување на ИПА проектот "Техничка ревизија на инвестициските проекти во секторот животна средина"***

**Образложение:** Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот.

**НПАА-поглавје:** Информацијата е поврзана со Секторската оперативна програма за животна средина и климатска акција 2014-2020

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Позитивни влијанија врз заштитата на животната средина преку инвестирање во опрема за собирање и прочистување на урбаните отпадни води пред нивно испуштање, со цел да се оптимизира одржувањето и работењето на изградените системи за собирање и пречистување на урбаните отпадни води.

**Фискални импликации:** Има:

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

***Информација за спроведување на ИПА проектот "Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Град Скопје" (градба и надзор)***

| | |
|---|---|
| Образложен ие: | Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот. |

НПАА-поглавје: Информацијата е поврзана со Секторската оперативна програма за животна средина и климатска акција 2014-2020

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Позитивни влијанија врз заштитата на животната средина преку инвестиции во инфраструктурата, како и создавање на услови за еколошки одржлив развој со спречување на загадувањето на површинските и подземните води во Град Скопје. |

**Фискални импликации:** Има:

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

**Иницијатива со висок приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

***Предлог-одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2023 година***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Донесувањето на Одлуката ќе овозможи започнување на процесот на стратешкото планирање и буџетскиот процес за 2023 година и подготвување на Годишната програма за работа на Владата и на стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа за периодот 2023-2025 година. |

**НПАА-поглавје:** 4. Административни капацитети

4.1.Хоризонтални прашања - Реформа на јавната администрација

Ц10 Унапредување и координирање на функионалниот процес на стратешко планирање

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Владата ја поставува границата на вкупните трошоци врз основа на буџетскиот биланс или планираниот дефицит, како и предвидувањата на приходите. Во Фискалната стратегија задолжително се вградуваат утврдените стратешки приоритети на Владата. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Генерален Секретаријат на Република Северна Македонија

Б) Материјали

***Информација за искористување на можностите на Зелениот климатски фонд за финансиска поддршка за ублажување и прилагодување кон климатските промени***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Преку иницијативата ќе се овозможи обезбедување на дополнителна финансиска, техничка и експертска помош во насока на прилагодување кон климатските промени и ублажување на последиците кои се резултат на климатските промени. |

**НПАА-поглавје:** Поглавје 27 Животна средина и климатски промени

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Преку иницијативата ќе се унапредат капацитетите на националните институции, приватниот сектор и граѓанскиот сектор, како и на други засегнати чинители за справување со предизвиците од климатски промени и постигнување одржлив развој. Дополнително, ќе се постигне повисоко ниво на заштита на животната средина, подобрување на координацијата за ублажување и прилагодување кон климатските промени, особено во областите на земјоделството, водите, шумите, енергетската ефикасност, енергетиката, транспортот, градските и руралните средини за живеење, здравјето и културните богатсва и други области засегнати од климатските промени. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции

*Информација за „Проектот за подобрување на*

*железничката пруга на Коридорот 10“*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Сообраќајот е многу густ особено на делницата Табановци-Скопје-затоа ремонт над оваа делница е извршен и брзината достигнува до 120км/h. Во недостаток на инвестиционо одржување во последните години, ќе биде неопходно значително да се зголеми одржувањето, или ќе треба да се воведат и ограничувања на брзините на делници во блиска иднина. Овие делници процентуално би се зголемувале во број и во должина и најверојатно би имало значително зголемување и на трошоците и последици по приходите на железницата. Всушност, најголем број на делници се со животен век на колосекот кој се приближува кон 40 години (околу 100 км) и освен ако не дојде до поголеми инвестиции во иднина, трошоците за одржување би се зголемиле значително.Од ремонтот останаа уште 13км да се реализираат. |

**НПАА-поглавје:** 3.14 - Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на железничките врски долж меѓународниот Коридор X, зголемување на нивниот капацитет за подобра кохезија во рамки на земјите членки на ЕУ и соседните земји и промовирање на одржлив развој преку минимизирање на негативните ефекти од транспортот врз животната средина, како и преку подобрување на безбедноста на сообраќајот. |

**Фискални импликации:** Има: 1,027,050,000 ден

Други извори

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

***Информација за нацрт–годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2021 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари – декември 2021 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2018-2021 година се спроведува преку годишни Акциски планови. Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2021 година беше усвоен од страна на Владата на 27 април 2021 година, по негово одобрување од Советот за управување со јавни финансии. Истиот ги содржи активностите кои започнаа/продолжија со реализација во текот на 2021 година. Извештајот е основна алатка за следење на напредокот во спроведување на Акцискиот план за 2021 година и истиот пред доставување на усвојување до Владата ќе биде одобрен од страна на Советот за управување со јавни финансии. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со Информација за нацрт- годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2021 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари – декември 2021 година ќе се информира Владата за напредокот во спроведувањето на реформите во областа на управувањето со јавни финансии и ќе се обезбеди основа за донесување на информирани одлуки, како и посветеност на највисоко ниво кон процесот на реформи. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Информација за изградба на нова и реконструкција на постојната железничка делница Бељаковце-Крива Паланка железнички Коридор 8, фаза 2***

**Образложение:** Со цел да се поврзе Република Северна Македонија со соседните држави и исполнување на ЕУ стандардите наменети за градба и обавување на сообраќај во блиска иднина.

**НПАА-поглавје:** 3.14 - Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Зголемување на сообраќајот, намалување на времето на патување, хармонизација на техничките карактеристики со ЕУ регулативите.

**Фискални импликации:** Има: 1,027,050,000 ден

Други извори

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

***Информација за рехабилитација на источен дел од железничка пруга на Кориодор VIII, фаза 1-делница Куманово-Бељаковце (должина =31км)***

**Образложение:** Со цел да се поврзе Република Северна Македонија со соседните држави и исполнување на ЕУ стандардите наменети за градба и обавување на сообраќај во блиска иднина.

**НПАА-поглавје:** 3.14 - Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

Очекувани влијанија: Зголемување на сообраќајот, намалување на времето на патување, хармонизација на техничките карактеристики со ЕУ регулативите.

**Фискални импликации:** /

Предлагач: Министерство за транспорт и врски

***Информација за изградба на пругата од Кичево до границата со Албанија***

Образложение: Започнување на постапка за изнаоѓање на средства за финансирање на изградбата на железничката пруга од Кичево до границата со Албанија.

НПАА-поглавје: 3.14 -Транспортна политика

НПАА-подрачје: /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Железничкото поврзување кон Албанија е многу важно заради поголема трговска соработка, како и излез на нашите компании на алтернативни морски пристаништа.

**Фискални импликации:** /

Предлагач: Министерство за транспорт и врски

***Извештај за реализација на Буџетските средства за 2021 година наменети за реализација на Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за период 2020 – 2022 година***

**Образложение:** Врз основа на член 119 став (1) од Законот за железничкиот систем, на предлог на Министерот за транспорт и врски, Владата на Република Северна Македонија на седница одржана на 28.12.2019 година донесе Одлука за определување на услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 277/19). Врз основа на точка 3 од Одлуката, Министерството за транспорт и врски во име на Владата на Република Северна Македонија и Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, склучија Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за период 2020 – 2022 година, заведен во архивата на Министерството за транспорт и врски под број 13 – 77/1 од 03.01.2020 година и ЖРСМ Транспорт АД – Скопје број 54/1 од 02.01.2020 година.

**НПАА-поглавје:** 3.14 - Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Услуги за јавен патнички превоз како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за период 2020 – 2022 година, согласно важечки возен ред.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

***Информација за предлог за изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“, помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Регионален развој, намалување на времето за задржување при премин на железничката граница помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија. |

**НПАА-поглавје:** 3.14 - Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Функционалност и организациска поставеност во железничкиот сообраќај од страна на сите инволвирани институции. |

**Фискални импликации:** Има: 335,570,199 ден

Други извори

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија***

Б) Материјали

***Информација за доделување на средства за специјализирани обуки за државни службеници од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ во странство, во насока на јакнење на админситративните капацитети за ЕУ и ЕУ фондови како и за јакнење на капацитетите на членовите на идната преговарачка структура***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа активност е еволуирана како идеја од претходното доделување на стипендиите „Габриела Коневска Трајковска“ за академски студии од втор циклус во странство во областа на ЕУ (право, економија и политики), со оглед на искуствата од претходните години. Трансформацијата на активноста се насочува околу истиот домен на работа, јакнење на административните |

капацитети на администрацијата за ЕУ и ЕУ фондови, но исто така и за јакнење на капацитетите на идната преговарачка структура.

**НПАА-поглавје:** IV.2 јакнење на капацитетите од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ во странство во рамки на политиките на јакнење на човечкиот капитал и политиките на задржување на кадри во процесот на ЕУ интеграција

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Јакнење на капацитетите на администрацијата и институционална надградба, јакнење на капацитетите на преговарачката структура. |

**Фискални импликации:** Има: 1,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

***Информација за одржаниот осумнаесетти состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 16 декември 2021 година, во Брисел***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за одржаниот осумнаесетти состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 16 декември 2021 година, како и за преземените обврски од страна на државните институции и реализација на истите. |

**НПАА-поглавје:** Редовен годишен циклус на состаноци на заедничките работните тела на ССА -Поткомитет за трговија, индустрија, царина и оданочување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Навремено и квалитетно остварување на обврските преземени од Поткомитетот. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

***Квартална информација за спроведувањето на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ за периодот април-јуни 2022 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно заклучокот од 83-та седница на Владата одржана на 29 јуни 2021 година, Секретаријатот за европски прашања има обврска квартално да ги известува Владата и Собранието за спроведувањето на НПАА. |

**НПАА-поглавје:** НПАА сите поглавја

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Владата ќе биде информирана за динамиката во спроведувањето на активностите од НПАА, постигнатиот напредок, обврските кои доцнат со реализација и причините за истото, евентуалните отворени прашања и ќе може да носи одлуки за насочување на работата на институциите. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

***Информација за подготовка на осумнаесетиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 17 мај 2022 година, во Скопје***

**Образложение:** Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за текот на подготовките за одржување на осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство. Воедно, Информацијата содржи преглед на наодите на ЕК во последниот Извештај за напредокот на Република Северна Македонија, како и предлог ставовите кои ќе бидат презентирани од страна на македонска делегација во однос на точките од Дневниот ред. Поткомитетот ги опфаќа следниве области: • Билатерална трговска размена - земјоделски производи; • Земјоделство и рурален развој; • Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанотарна политика и • Рибарство.

**НПАА-поглавје:** Редовен годишен циклус на состаноци на заедничките работни тела на ССА - Поткомитет за земјоделство и рибарство

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската Комисија.

**Фискални импликации:** Има: 38,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

***Информација за одржаниот седумнаесетти состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, 09 февруари 2022 година, во Брисел***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Оваа Информација има за цел да ги информира членовите на Владата за одржувањето на седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Европската унија и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, во Брисел, на 09 февруари 2022 година. |

**НПАА-поглавје:** Редовен годишен циклус на работата на заедничките тела на ССА - Поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција

**НПАА-подрачје:** /

ЕУ **преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Се очекува Владата со заклучок да ги задолжи институциите да ги исполнат преземените обврски од Поткомитетот во предвидениот рок. Навремено и квалитетно остварување на обврските преземени од Поткомитетот. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

А) Подзаконски акти

***Предлог - одлука за реализација на национална вежба „БЛЕСОК 22" во Република Северна Македонија***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оценување на целта на способност лпб, согласно стандардите за оценување на борбена готовност на копнени команди и единици на Здружената команда за операции на НАТО (AFS Vol. VII – CREVAL). |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Демонстрирање на високо ниво на борбена готовност на лпб согласно НАТО стандардите. |

**Фискални импликации:** Има: 23,300,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

*Предлог- уредба за административна безбедност на класифицирани информации*

**Образложение:** Со Уредбата се уредуваат мерките и активностите за административна безбедност на класифицирани информации коишто произлегува од Законот за класифицирани информации, односно поблиску се пропишуваат мерките и активностите за административна безбедност на класифицираните информации кои се применуваат од страна на орган на државната и локалната власт основан согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со закон, правно лице основано од Републиката или од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, физичко лице или правно лице, како и од странски државен орган, односно странско физичко или правно лице, кои се однесуваат на безбедноста и одбраната на државата, нејзиниот територијален интегритет и суверенитет, уставниот поредок, јавниот интерес и слободите и правата на човекот и граѓанинот.

**НПАА-поглавје:** 3.31 Заедничка, надворешна и безбедносна политика

**НПАА-подрачје:** Безбедносни прашања – класифицирани информации

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2021.1000.8202

**Очекувани влијанија:** Унапредување на регулативата за безбедност на класифицирани информации како и нејзино усогласување со меѓународно прифатените стандарди за административна безбедност на класифицирани информации.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Предлог - уредба за критични специјалности од доменот на Комуникациско Информациски Системи – КИС и Сајбер одбрана во Министерството за одбрана и Армијата***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија од доменот на Комуникациско Информациски Системи и Сајбер одбрана има потреба од дефинирање на уредба за критични специјалности од доменот на Комуникациско Информациски Системи и Сајбер одбрана согласно работните обврски и услови на работа на персоналот, со цел одредување и дефинирање на работните обврски, обука, специјализирање во одредени области од доменот на Комуникациско Информациски Системи и Сајбер одбрана како и мотивирање за регрутирање на нов персонал во областа. Во Министерството за одбрана и Армијата се вработува персонал за кој е потребна дополнителна едукација и обука со цел да се стекнат со специфични специјалности кои треба да работат во областа на Комуникациско Информациски Системи и Сајбер одбраната и истите треба да достигнат ниво на знаење за исполнување на НАТО стандардите. Со донесување на оваа уредба би се дефинирале и начинот на прием на персонал од цивилните структури за работа со специфична КИС и Сајбер опрема во Министерство за одбрана и Армијата. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Дефинирани клучни и критични специјалности од доменот на Комуникациско Информациски Системи и Сајбер одбрана во Министерство за одбрана и Армијата, - Задржување на постоечкиот и поставување на обучен и оспособен персонал на функционални должности кои се клучни и критични од доменот на Комуникациско Информациски Системи и Сајбер одбрана во Министерството за одбрана и Армијата, - Развој на мотивирачки систем на награди и унапредувања на стручниот персонал од доменот на Комуникациско Информациски Системи и Сајбер одбраната кој ќе биде заснован на квалитетот и покажаните резултати на персоналот преку определување на специјален додаток на плата, - Зголемување на иницијативата и самодовербата кај персоналот и намалување на ризиците на специфичните работни места на кои бараат соодветна доверливост, интегритет и автентичност. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

Б) Материјали

***Информација за степенот на имплементација на Европскиот број за итни повици Е-112 во Република Северна Македонија и наредни задачи и активности***

**Образложение:** Известување за состојба, релизација на имплементација на Европскиот број за итни повици Е-112, во Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика, Поглавје 10, Информатичко општество и медиуми

**НПАА-подрачје:** Телекомуникациски услуги и мрежи, радио комуникација

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** Еввропскиот број за итни повици Е-112 е проект и задача која е потребно да биде реализиран и имплементиран да функционира согласно Директиви на ЕУ. 2002/ЕС/22, 2009/ЕС/136, и Европскиот електронски комуникациски код (European Electronic Communication Code - EEOC).

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Јакнење на капацитетите и способностите на националниот систем за управување со кризи во областа на превенција, рано предупредување и справување со кризи и навремена акција во случај на појава на опасност по животот на луѓето и загрозување на материјалните добра во Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Центар за управување со кризи

***Модерна и ефикасна јавна администрација, базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти***

Б) Материјали

***Информација за Дигитализација на архивскиот материјал во Државниот архив на Република Северна Македонија***

**Образложение:** Да се овозможи современо работење согласно меѓународните архивски стандарди за користење и чување на архивските материјали и усогласување со новите ИКТ технологии.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрување на услугите и олеснување на пристапот за користење на архивските материјали, зголемување на ефикасноста на работните процеси, подобрена заштита на архивскиот материјал и документи.

**Фискални импликации:** Има: 2,300,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Државен архив на Република Северна Македонија

***Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени***

Б) Материјали

***Информација за спроведувањето на прекршочните постапки во текот на 2021 година и изречените глоби од страна на Прекршочната комисија и Комисијата за спогодување при Министерството за животна средина и просторно планирање***

**Образложение** Согласно Законот за животна средина, како и останатите закони од областа на животната средина, Министерството за животна средина е надлежно да

: води прекршочни постапки и постапки за спогодување за сторени прекршоци, иницирани од страна на државни инспектори за животна средина, овластени инспектори за животна средина и други овластени лица. Во текот на 2021 година Прекршочната комисија и Комисијата за спогодување постапуваше по голем број на барања за поведување на прекршочни постапки и постапки за спогодување, изречени се глоби и други санкции. Изречените парични казни се приход на буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на општините, во зависност за каков прекршок се работи. Станува збор информација со која се добива увид на за изречени санкции, висина на изречени парични санкции кои се приход на буџетите, ниво на ажурност на инспекциските служби вклучувајќи ги и општинските.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Да се добие претстава и евиденција за нивото на прекршување на законите од областа на животната средина, изречените санкции, видот на најчести прекршувања на законите и како крајна цел да се подигне свеста за правилно спроведување на законите од областа на животната средина од страна на поединци и правни лица како и институции во насока на заштита на животната средина. Исто како очекувано влијание е и поставување на конкретни предлози за подобрување на работата во однос на спроведување на прекршочната постапка од страна на Комисијата за прекршоци и Комисијата за спогодување.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

***Информација за спроведен надзор над работата на општините за спроведување на законите од областа на животната средина во 2021 година, со дадени препораки за подобрување заради заштита на животната средина***

**Образложение:** Согласно член 211 од Законот за животна средина и согласно останатите закони од областа на животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање е надлежно да врши надзор над законитоста на работата на органите на општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје. Надзорот е заснован на начелата на законитост, одговорност и самостојност во остварувањето на нивните надлежности. Општините се надлежни за спроведување на дел од надлежностите утврдени во законите за животна средина и имаат значајна улога во зачувување на истата. За постигнување усогласеност на работата на општините во областа на животната средина како и информираност и поддршка при спроведувањето на надлежноста, министерството, преку Секторот за соработка со локална самоуправа и управни и надзорни работи, го врши надзорот над работата на општините за спроведување на законите од областа на животната средина и при тоа им укажува на општините за утврдените недостатоци и неусогласености и дава препораки за понатамошно правилно вршење на надлежностите од оваа област.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Да се добие претстава за степенот на спроведување на законодавството од областа на животната средина од страна на општините и истиот да се подобри во насока на заштита на животната средина на локално ново. Истовремено да се постават основи за конкретни усогласени препораки за подобрување на општините во однос на спроведување на законодавството од областа на животната средина кои општините ќе треба да ги спроведат во определен рок.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

**Иницијатива со среден приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

***Предлог - одлука за утврдување на листата на стоки и технологии со двојна употреба***

**Образложение:** Согласно член 5 точка 1 од Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба и предлага на Владата на Република Северна Македонија донесување Одлука за утврдување на Листа на стоки и технологии со двојна употреба. Листата на стоки и технологии со двојна употреба ќе се усогласи со новата Листа на стоки и технологии со двојна употреба на ЕУ за 2021 година, а која е усвоена на 20 Мај 2021 (Регулатива на ЕУ бр. 2021/821).

**НПАА-поглавје:** 3.30. Надворешни односи

**НПАА-подрачје:** 3.30.1. Заедничка трговска политика

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** Нема

**ЕПП:** 2019.0400.7806

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на листата ќе се оствари напредок во усогласувањето на националното законодавство со законодавството на ЕУ и ќе се исполнат меѓународните обврски на Република Северна Македонија во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици, вклучително тероризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странските борци Оваа листа ја имаат прифатено сите земји кои го подржуваат меѓународниот режим за контрола на извозот и имаат донесено национална легислатива по однос на контролата на извозот, брокеринг и транзит на стоки и технологии со двојна употреба.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

***Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската Комисија (2 дополнување)***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со донесувањето на Уредбата, Република Северна Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската унија, а воедно се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од Уредбата и во Република Северна Македонија. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Усогласеност со Комбинираната номенклатура на Европската Унија. |
| **Фискални импликации:** | / |
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

***Предлог - програма за контрола и сузбивање на болести на пчели***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Агенцијата за храна и ветеринарство преку спроведувањето на оваа програма за сузбивање и искоренување на болестите кај пчелите со што се исполнуваат обврските кои ги имаме во областа на здравствената заштита на животните и нивна хармонизација со соодветната легислатива на ЕУ. Со оваа програма се пропишуваат мерки за заштита на здравјето на пчелите и се обезбедуваат основни предуслови за ставање во промет и извоз на пчели и нивни производи. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Поддршка на индустриско производствените капацитети со цел овозможување на основни предуслови за ставање во промет производи како и зголемување на извозниот потенцијал на овие производи. |

**Фискални импликации:** Има: 210,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

Б) Материјали

***Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите ( I квартал)***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Информацијата има за цел да ја извести Владата на Република Северна Македонија по однос на напредокот на проектите како и степенот/процентот на повлечени средства за проектите на квартална основа. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со усвојувањето на информацијата и доставувањето на акциски планови од страна на институциите за секој проект кој го подготвуваат и/или имплементираат и истиот се финансира со заеми и/или инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори ќе се следи реализацијата на проектите и ке се предлагаат активности за забрзување на истите. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

*Информација за здравствената состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2021 година*

**Образложение:** Целта на оваа информација е да ја прикаже општата здравствена состојба на шумите во Република Северна Македонија во 2021 година. Центарот за извештајно-дијагнозно-прогнозната служба (ИДП служба) при Шумарскиот факултет - Скопје, во соработка со правните субјекти кои стопанисуваат и вршат одгледување и заштита на шумите, ја следи здравствената состојба на шумите, а добиените податоци од терен ги систематизира, обединува, дава прогноза и предлага мерки за сузбивање на болестите и штетните инсекти, доколку се јават во поголем обем.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Позитивни влијанија: Превентивна заштита на шумите, намалување на штетите на шумите од биотски и абиотски фактори и заштита и подобрување на животната средина.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

*Информација за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2021 година*

**Образложение:** Согласно член 26 од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 53/11, 158/11, 137/13, 163/13, 166/14, 42/14, 147/15, 193/15, 31/16, 52/16, 63/16, 71/16, 35/18 64/18, и 302/20), министерот за транспорт и врски врз основа на Извештајот за реализација на Годишната програма изработен од Јавно претпријатие за железничка инфраструктира Железници на Република Северна Македонија-Скопје, доставува до Владата

на Република Северна Македонија, Извештај за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2021 година.

**НПАА-поглавје:** 3.14-Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Железничката инфраструктура се карактеризира со застареност и неможност да се одвива сообраќајот со проектираните брзини на движење, а со планираното вложување во одржувањето на железничката инфраструктура се очекува обезбедување на сигурен и безбеден сообраќај. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

***Информација за иницијатива за организирање на бизнис форум во САД и Канада во соработка со дијаспората и мрежата на Почесни конзули на Република Северна Македонија како и со американските/канадските бизнис заедници***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Интензивирање на економската промоција на Република Северна Македонија преку анимирање на групите во САД и Канада кои би можеле да придонесат за подобра економска соработка. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Позасилено економско присуство и соработка со САД и Канада. |

**Фискални импликации:** Има: 2,500,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Извештај за работа на Агенцијата за стоковни резерви за 2021 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Агенцијата за стоковни резерви согласно член 16 став (4) од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија" бр.84/08, 77/09, 24/11, 43/14 и 83/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) до Владата на Република Северна Македонија доставува годишен извештај за работата на Агенцијата за претходната година. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Агенцијата за стоковни резерви дава отчет пред Владата на Република Северна Македонија за сработеното во претходната година и реализацијата на годишната програма. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Агенција за стоковни резерви

Б) Материјали

***Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2021 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерството за финансии согласно член 22 од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/13, 43/14, 153/15 и 164/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21), до Владата на Република Северна Македонија доставува годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во претходната година, најдоцна до 31 март во тековната година". |

НПАА-поглавје: /

НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Целта на годишниот извештај е транспарентно информирање на Владата на Република Северна Македонија за спроведените постапки на финансиска инспекција над трошењето на јавните средства и заштита на финансиските интереси на субјектите од јавниот сектор согласно закон. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Извештај за спроведување на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации за 2021 година***

**Образложение:** Извештајот дава приказ за спроведување на Програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2021 година, бројот на доделени грантови и начинот на користење на доделените средства, со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати, согласно доставените извештаи од здуженијата и фондациите.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Разгледувањето на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2021 година од страна на Владата ќе придонесе кон зголемена транспарентност во користењето на финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија од страна на здруженија и фондации и јакнење на довербата во граѓанските организации.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** **Генерален Секретаријат на Република Северна Македонија**

***Информација за одржување на прва заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Словенија, во Република Северна Македонија***

**Образложение:** Одржувањето на Заеднички седници на Влади се дополнителен поттик кон унапредувањето на билатералните односи и соработката со земјите од поширокото соседството и јакнењето на регионалната соработка.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 1.3 НАЦИОНАЛЕН ПЛАН ЗА АДАПТИРАЊЕ НА ЕВРОПСКОТО ЗАКОНДАВСТВО, РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Интензивирање и продлабочување на севкупните билатерални односи и регионална соработка со земјите од пошироко соседство. |

**Фискални импликации:** Има: 60,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Информација за одбележување на 30-годишнина од воспоставување на дипломатски односи со Република Словенија, Република Хрватска и Република Турција***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во 2022 година се навршуваат 30 години од воспоставувањето на дипломатски односи на Република Северна Македонија со Република Словенија, Република Хрватска и Република Турција. Одбележувањето на годишнината е со цел одржување на добрите и пријателски односи со трите држави. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија** | Организирањето на заеднички настани за одбележување на 30-годишнината од воспоставувањето на дипломатски односи на Република Северна Македонија со Република Словенија, Република Хрватска и |

: Република Турција ќе допринесе за натамошно унапредување и продлабочување на односите и соработката со трите држави.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Развивање на одбранбена политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност***

А) Подзаконски акти

***Предлог - одлука за покренување постапка за изработка на национална Стратегија за геопросторна и метеоролошка поддршка***

**Образложение:** Согласно Доктрината за геопросторна поддршка на НАТО (AJP-3.17 – Allied Joint Doctrine for Geospatial Support) и Геопросторната политика на НАТО (MC 0296/3 - NATO Geospatial Policy), земјите членки на НАТО се одговорни/надлежни за продукција и обезбедување на геопросторни податоци за својата суверена територија (копно, воздух и водени површини). Притоа, геопросторни податоци треба да се доставaт до НАТО, со цел да се изврши проверка и верификација на истите, по што се вклучуваат во сет на геопросторни податоци (NATO Designated Geospatial Information – NATO DesGI). За сите активности одобрени од Северноатлантскиот совет, земјите членки и командните структури на НАТО, треба да ги користат исклучиво геопросторните податоци од NATO DesGI, со цел да се задоволи принципот „operating off the same map“. Покрај наведеното, постојат и национални обврски за развој и имплементација на Географски Информациски Систем (ГИС) на национално ниво, дефинирани во публикацијата „NATO GIS strategy and vision“.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Донесувањето на национална стратегија за геопросторна и метеоролошка поддршка, би ги дефинирало надлежностите и обврските на инволвираните државни институции, при обезбедување на геопросторна и метеоролошка поддршка, согласно стандардите на НАТО, како национална обврска. Со дефинирање на носители и соработници за националните обврски по конкретни области, значително би се унапредила реализацијата на активностите од предметната област.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

Б) Материјали

***Информација за состојбата со УКБ радио системот за известување, доведување во работа и исправна состојба како и набавка на нови радио репетитори и радио станици***

**Образложение:** Потребата од горенаведената информација е Владата да ја разгледа и ако оцени нејзина потреба да донесе соодветени заклучоци за реализација. Сметаме дека Центар за управување со кризи како орган на управата задолжен да обезбеди постојана комуникација, координација и соработка со субјектите во системот за управување со кризи е надлежен оваа задача да ја обезбеди и да функционира во сите можни услови и како резервна варијанта, кога сите други телекомуникациски системи може да престанат со функционирање поради голема опасност, катастрофа или криза. да има алтернативна можност од потребна комуникација. Со воспоставување на модерен сопствен радио систем Центар за управување со кризи ќе го реши и проблемот на далечинско управување со сирените од системот за тревожење во Републиката.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 10, Информатичко општество и медиуми

**НПАА-подрачје:** Телекомуникациски услуги и мрежи и радио комуникација

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Јакнење на капацитетите и способностите на националниот систем за управување со кризи во областа на превенција, рано предупредување и справување со кризи, преку доведување во употреба на постојните неисправни и застарени радио мрежи од системот на радио врски на Центар за управување со кризи, нивна замена и изградба на нов и модерен систем на радио врски.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Центар за управување со кризи

***Квалитетно образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот***

---

А) Подзаконски акти

***Предлог-програма за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа во областа на културата за 2022 година***

**Образложение:** Министерството за култура согласно со планираните и обезбедените финансиски средства како капитални дотации до ЕЛС за 2022 година, за реализацијата на истите ќе донесе Критериуми, процедури и рокови за распределба на капиталната дотација за користење на средства за одделни градби во областа на културата, за што согласно член 11 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, потребно е донесување на Програма за користење на средства од страна на Владата.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Донесување на програма за распределба на средства како капитални дотации. Со донесување на Програмата и со нејзина реализација, директно се влијае на подобрувањето на условите за работа на установите од областа на културата и развојот на културата, а индиректно влијае врз севкупните економски параметри во државата.

**Фискални импликации:** Има:

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за култура

***Модерна и ефикасна јавна администрација, базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти***

---

А) Подзаконски акти

***Предлог - одлука за реорганизација на министерски системи***

Образложение: По усвојувањето на новиот Закон за организација на органите на државната управа потребно е да се продолжи со реорганизација на министерските системи и усогласување на законската рамка и подзаконските акти со новиот системски закон. Освен усогласувањето на законската рамка, во рамки на предвидената иницијатива потребно ќе биде да се адресираат и прашања во однос на човечките ресурси, постојните договорни обврски, прашања во однос на имотот на органите во рамки на министерските системи, како и други аспекти. Министерските системи кои ќе се реорганизираат во првата фаза и ќе се дефинираат со адендум/анекс на договорот „Support to state reorganization" финансиран во рамки на ИПА 2017 година.

**НПАА-поглавје:** Кластер 1 – Темели

**НПАА-подрачје:** Политички критериуми: Реформа на јавната администрација

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Воспоставување јасни и рационални линии на отчетност и институционална рамка со јасни надлежности.

**Фискални импликации:** Има: 43,050,000 ден

Користење и имплементација на фондови од ЕУ ИПА

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

Б) Материјали

***Годишен извештај за спроведувањето и унапредувањето на процесот на проценка на влијанието на регулативата (ПВР) со оценка на консултациите за периодот јануари-декември 2021 година***

**Образложение:** Согласно Методологијата за ПВР, МИОА во соработка со министерствата го следи спроведувањето и квалитетот на процесот и методологијата за ПВР. Врз основа на анализа на нацрт Извештаите за ПВР доставени од министерствата и мислењата дадени во однос на примената на актите кои ја уредуваат материјата која се однесува на ПВР и спроведените консултации на ЕНЕР, од страна на МИОА во соработка со министерствата и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, се подготвува Годишен извештај за Владата на Република Северна Македонија во однос на спроведување и унапредување на процесот на ПВР. Исто така, консултациите со засегнатите страни во процесот на донесување на закони, други прописи и акти, се неизоставен дел од современиот, демократски процес на управување со јавните политики, но и еден од клучните чекори во зајакнувањето на отвореноста, одговорноста и ефикасноста на работата на државните институции. Извештајот дава квантитативна и квалитативна оценка на спроведените консултации и на активностите на министерствата во текот на процесот на подготовка на соодветните предлог - закони како и анализа со оценка на консултациите за сите предлог закони утврдени на седница на Влада.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Препораките од годишните анализи треба да обезбедат унапредување на процесот на ПВР кој треба да обезбеди почитување на основните начела за добро владеење преку постигнување на поголема транспарентност и отвореност при подготовка на предлог законите, нивно ефективно и ефикасно спроведување, а со тоа и зголемување на отчетноста на работата на Владата на Република Северна Македонија. Исто така, оценката на консултациите треба да обезбеди унапредување на квалитетот на консултации, нивната релевантност како и на перформансите на

соодветните министерства во овој процес и почитување на основните начела за добро владеење преку поголема транспарентност и отвореност при подготовка на предлог законите и зголемување на отчетноста на работата на Владата на Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

***Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени***

Б) Материјали

***Информација за спроведување на ИПА проектот "Набавка на специфична опрема за информатички систем за мониторинг на води"***

**Образложение:** Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот.

**НПАА-поглавје:** Информацијата е поврзана со Секторската оперативна програма за животна средина и климатска акција 2014-2020

**НПАА-подрачје:** /

ЕУ **преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Позитивни влијанија преку зајакнување на капацитетите за мониторинг за води.

**Фискални импликации:** Има:

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

***Информација за спроведување на ИПА проектот "Подобрување на капацитетите на NATURA 2000 и CITES"***

| | |
|---|---|
| Образложен ие: | Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот. |

**НПАА-поглавје:** Информацијата е поврзана со Секторската оперативна програма за животна средина и климатска акција 2014-2020

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Позитивни влијанија со тоа што ќе се подобри подготвеноста на земјата корисник за пристапување кон ЕУ во областа на животната средина. |

**Фискални импликации:** Има:

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

***Информација за спроведување на ИПА проектот "Имплементација и планирање за апроксимација на приоритетни сектори во животната средина"***

| | |
|---|---|
| Образложен ие: | Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот. |

**НПАА-поглавје:** Информацијата е поврзана со Секторската оперативна програма за животна средина и климатска акција 2014-2020

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за реализацијата на ИПА проектот и ќе предизвика финансиски импликации за Буџетот на Република Северна Македонија заради националното кофинансирање на проектот согласно правилата за искористување на ИПА средства.

**Фискални импликации:** Има:

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

***Информација за спроведување на ИПА проектот "Развивање на мониторинг и информативен систем за животна средина"***

**Образложение:** Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот.

**НПАА-поглавје:** Информацијата е поврзана со Секторската оперативна програма за животна средина и климатска акција 2014-2020

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Позитивни влијанија преку зајакнување на капацитетите за мониторинг, собирање на податоци, управување со истите и известување преку воспоставување на национален информативен систем за животна средина и мониторинг мрежа.

**Фискални импликации:** Има:

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

***Информација за спроведување на ИПА проектот "Поддршка во спроведување на регионален систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион"***

**Образложение:** Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот.

**НПАА-поглавје:** Информацијата е поврзана со Секторската оперативна програма за животна средина и климатска акција 2014-2020

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Позитивни влијанија со тоа што ќе се подобри подготвеноста на земјата корисник за пристапување кон ЕУ преку поддршка во спроведување на регионален систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион и решавање на проблемите со управувањето со отпадот во двата региони.

**Фискални импликации:** Има:

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

***Информација за спроведување на ИПА проектот "Изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Битола" (градба и надзор)***

**Образложение:** Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот.

**НПАА-поглавје:** Информацијата е поврзана со Секторската оперативна програма за животна средина и климатска акција 2014-2020

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Позитивни влијанија врз заштитата на животната средина преку инвестирање во инфраструктура за собирање и прочистување на урбаните отпадни води пред нивно испуштање во Битола. |

**Фискални импликации:** Има:

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

**Мај**

---

**Иницијатива со висок приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

---

А) Подзаконски акти

***Предлог - програма за сузбивање и ерадикација на Бруцелоза кај говедата***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај говедата се спроведуваат превентивни и заштитни мерки за рано откривање и навремено спречување на вносот и ширењето на оваа болест како и заштита на јавното здравје. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Непречено ќе се спроведуваат превентивни мерките и активностите за за надзор на Бруцелозата кај говедата. |

**Фискални импликации:** Има: 31,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

***Предлог-одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на плански региони во 2022 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во член 37 став 1 и 2 од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/21 и 174/21), е утврдено дека средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за поттикнување на рамномерниот регионален развој се распределуваат со одлука која ја донесува владата и тоа: - 55% за финансирање на проекти за развој на планските региони, - 15% за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја и оддржлив и урбан развој, - 15% за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и - 15% за финансирање на проекти за развој на селата |

**НПАА-поглавје:** 22 Регионална политика и координација на структурните инструменти

**НПАА-подрачје:** Правна рамка

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2022 година, ќе се создадат |

нормативни услови за реализација на конкретните проекти за развој на планските региони во тековната година.

**Фискални импликации:** Има: 457,875,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

Б) Материјали

***Информација за донесување на Стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2023-2025 (со изгледи до 2027 година)***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Основната цел на Стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија е да се обезбедат неопходните средства за финансирање на буџетскиот дефицит и отплата на претходни долгови, како и средства за проектно финансирање, без притоа да се предизвика неоправдано зголемување на долгот до ниво кое може да ја загрози стабилноста на економијата и економскиот раст на државата. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Стратегијата за управување со јавен долг на Република Северна Македонија и дава рамка на Владата на Република Северна Македонија за дејствување во насока на прудентно управување со јавниот долг на државата на среден рок. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

*Предлог- фискална стратегија на Република Северна Македонија за среднорочен период 2023-2025 година (со изгледи до 2027 година)*

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со Фискалната стратегија на Република Северна Македонија 2023-2025 година се дефинираат насоките и целите на фискалната, макроекономската и политиката на јавниот долг на среден рок и се утврдуваат износите на главните категории на приходите и расходите и буџетскиот дефицит за дадениот среднорочен период. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со Фискалната стратегија се обезбедува финансиска сигурност и стабилност на јавните финансии во нареден среднорочен период и се воспоставува појака врска меѓу дефинираните стратешки приоритети и расположивите извори на финансирање. Истата претставува основа за изготвување на Предлог-Буџетот за наредната година. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија***

Б) Материјали

***Информација за одржан осумнаесетти состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика на 30 март 2022 година во Скопје***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за одржаниот осумнаесетти состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика на 30 март 2022 година во Скопје, вклучувајќи ги преземените обврски. |

**НПАА-поглавје:** Редовен годишен циклус на работата на заедничките тела на ССА – Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Навремено задолжување и спроведување на преземените обврски од состанокот со Европската комисија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

***Развивање на одбранбена политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност***

А) Подзаконски акти

***Предлог-одлука за реализација на меѓународна вежба „TROJAN FOOTPRINT 22" во Република Северна Македонија***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Реализација на дел од вежбата „TROJAN FOOTPRINT 22" на територијата на Република Северна Македонија ја истакнува способноста на Армијата и институциите во државата да поддржат вежби со широк размер (LARGE SCALE EXERCISE). Овие вежби се едни од најкомплексните активности во организација на USAREUR-AF и истите се реализираат на различни локации во Европа, Азија и Африка со значителен број на лица и персонал. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Позитивно влијание во стекнување на нови искуство и знаење на персоналот кој ќе учествува на вежбата, достојно презентирање на Армијата и зголемување на угледот на Република Северна Македонија на меѓународно ниво.

**Фискални импликации:** Има: 252,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Предлог - одлука за учество во операцијата на НАТО во Косово-КФОР во 2022 година-(мај)***

**Образложение:** Се потврдува посветеноста на Република Северна Македонија кон мирот и безбедноста во регионот, како и одлучноста кон почитување на вредностите и целите на Алијансата и подготвеноста за споделување на предизвиците како нејзина полноправна членка.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Придонесуваме кон меѓународните напори за развој на стабилни и демократски институции на Косово, способно самостојно да се грижи за својата безбедност.

**Фискални импликации:** Има: 41,124,725 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

*Предлог-одлука за реализација на меѓународна вежба „COMBINED RESOLVE XVII" во Сојузна Република Германија*

| | |
|---|---|
| **Образложе ние:** | Меѓународна соработка, подобрување на интероперабилноста помеѓу Република Северна Македонија и земјите сојузници и партнери при изведување на операции во меѓународна средина. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Позитивно влијание во стекнување на искуство и знаење на персоналот кој ќе учествува на вежбата, достојно презентирање на Армијата и зголемување на угледот на Република Северна Македонија на меѓународен план. |

**Фискални импликации:** Има: 1,200,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

*Предлог- одлука за реализација на меѓународна вежба „SWIFT RESPONSE 22" во Република Северна Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образл ожение :** | Реализација на дел од вежбата „SWIFT RESPONSE 22" на територијата на Република Северна Македонија ја истакнува способноста на Армијата и институциите во државата да поддржат Вежби со широк размер (LARGE SCALE EXERCISE). Овие вежби се едни од најкомплексните активности во организација на USAEUR-AF и истите се реализираат на различни локации во Европа, Азија и Африка со значителен број на лица и персонал. Дополнително значење на вежбата „SWIFT RESPONSE 22" која ќе се реализирани на нашата територија и дава фактот што за прв пат ќе се изведат воздушно десантни операции од ваков размер (употреба на авиони, хеликоптери, изведување на десант, изведување на офанзивни и дефанзивни борбени операции и сл.). |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Позитивно влијание во стекнување на нови искуство и знаење на персоналот кој ќе учествува на вежбата, достојно презентирање на Армијата и зголемување на угледот на Република Северна Македонија на меѓународно ниво. |

**Фискални импликации:** Има: 10,700,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Предлог - одлука за реализација на меѓународна вежба „EFES 22" во Република Турција***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Меѓународна соработка, подобрување на интероперабилноста помеѓу Република Северна Македонија и земјите сојузници и партнери при изведување на зададени задачи во операции во меѓународна средина. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Позитивно влијание во стекнување на искуство и знаење на персоналот кој ќе учествува на вежбата, достојно презентирање на Армијата, зголемување на угледот на Република Северна Македонија на меѓународен план и зајакнување на односите со ВС на Република Турција. |

**Фискални импликации:** Има: 2,700,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

Предлагач: Министерство за одбрана

***Предлог- уредба за физичка безбедност на класифицирани информации***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со Уредбата се уредуваат мерките и активностите за физичка безбедност на класифицирани информации коишто произлегува од Законот за класифицирани информации, односно поблиску се пропишуваат мерките и активностите за физичка безбедност на класифицираните информации кои се применуваат од страна на орган на државната и локалната власт основан согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со закон, правно лице основано од Републиката или од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, како и од физичко лице или правно лице. |

НПАА-поглавје: 3.31 Заедничка, надворешна и безбедносна политика

НПАА-подрачје: Безбедносни прашања – класифицирани информации

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2021.1000.8203

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Унапредување на регулативата за безбедност на класифицирани информации како и нејзино усогласување со меѓународно прифатените стандарди за физичка безбедност на класифицирани информации. |

**Фискални импликации:** /

Предлагач: Министерство за одбрана

***Квалитетно образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот***

А) Подзаконски акти

***Предлог - уредба за мерила и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите***

| | |
|---|---|
| Образл ожение : | Согласно член 43, став 6 од Законот за високото образование, Владата на Република Северна Македонија донесува Уредба за мерила и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите, на предлог на Националниот совет за високо образование. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Стимулирање на талентираните студенти, подобрување на студентскиот живот и стандард на младите со цел нивно задржување во земјата. |

**Фискални импликации:** Има: 49,005,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

Б) Материјали

***Информација за Национална стратегија за развој на концептот едно општество и интеркултурализмот во Република Северна Македонија за 2023 - 2025 година***

| | |
|---|---|
| Образл ожение | Со значително присуство на владини претставници и мнозинство од присутни членови од Оперативното постојано тело, тоа едногласно го усвои Извештајот за реализирани активности за 2020 година, ги усвои и |

: ревидираните оперативни обрасци од активностите за имплементација, ја разгледа и поздрави електронската база на податоци на релевантни меѓународни документи насочени кон унапредување на меѓу културниот дијалог и интеграција на општеството. Владата на Република Северна Македонија на 101-та седницата одржана на 24.8.2021 година ја усвои Информацијата со Извештај за релизирани активности за 2020 година од Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам и го разгледа и прифати Акцискиот план за спроведување за 2021-2022 година (ажурирана верзија).

**НПАА-поглавје:** 2.2.1

**НПАА-подрачје:** 23

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Оваа стратегија треба да помогне во понатамошен развој на концептот Едно општество и интеркултурализмот, во втор стратешки циклус, доведувајќи го во нов степен на развиток општеството со признаени различности и еднакви можности за сите.

**Фискални импликации:** Има: 1,000,000 ден

Странски донации ОБСЕ

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

***Информација за одржување на меѓународна конференција за промовирање на резултати од спроведување на Националната стратегија за развој на концептот едно општество и интеркултурализмот и препораки од експерти и стручна јавност за понатамошен развој на концептот***

**Образложение** Целта на настанот е одржување на меѓународна конференција, во која ќе учествуваат домашни и странски невладини организации и експерти, владини и меѓународни меѓувладини претставници, кои ќе бидат повикани

: да дадат своја оценка на постигнатите резултати од спроведување на Националната стратегија за развој на концептот едно општество и интеркултурализмот , како и предлози и препораки за понатамошен развој на концептот во вториот стратешки циклус. Тие ќе бидат базирани на Извештајот за спроведување на Акцискиот план 2020-2022 година, на постигнатите резултати од спроведувањето на мерките и активностите по приоритетните области, преглед на мерките и активностите чие што спроведување уште трае и преглед на планираните но од разни причини нереализирани мерки и активности со образложение за нивното неспроведување. Со тоа треба да се унапреди веќе започнатиот процес на создавање модел на општество во кој различните заедници соработуваат, се надополнуваат и меѓусебно се збогатуваат во градењето на државата.

**НПАА-поглавје:** 2.2.1

**НПАА-подрачје:** 23

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Анализа на постигнати резултати и меѓународна оценка на спроведување на Стратегијата, како и препораки и предлози за понатамошен развој на концептот Едно општество и интеркултурализмот, во вториот стратешки циклус.

**Фискални импликации:** Има: 2,000,000 ден

Странски донации ОБСЕ

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

**Иницијатива со среден приоритет**

Приоритет:

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

***Предлог - програма за сузбивање и ерадикација на Трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во Програмата за сузбивање и искоренување се утврдуваат правила за спречување, контрола и искоренување за трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии кај животните со цел ставање во промет на живи животни. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Добивање на статус земја со незначителен ризик од појава на Трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии. |

**Фискални импликации:** Има: 10,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

*Предлог-одлука за Дваесет и прва емисија на обврзници за денационализација*

**Образложение:** Владата на Република Северна Македонија со Одлука го утврдува годишниот износ на обврзниците за денационализација што ќе се издаваат. Со Предлог Одлука ќе се утврди износот на Дваесет и првата емисија на обврзници за денационализација.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со Дваесет и првата емисија на обврзници за денационализација се очекува да се збогати понудата на хартии од вредност со кои ќе се тргува на пазарот на капитал во Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** Има: 492,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за финансии

Б) Материјали

*Информација за иницијатива за организирање годишен настан со претставници на дијаспората*

**Образложение:** Воспоставување соработка со научната дијаспора и вмрежување со научните кадри во земјата, во насока на нејзино вклучување во високото образование и при реализација на научно-истражувачки проекти.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Попродуктивно користење, како и унапредување на условите за поголема вклученост на бизнис-дијаспората во сите форми на инвестициски активности во земјата.

**Фискални импликации:** Има: 6,100,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија***

---

Б) Материјали

***Годишен извештај за спроведување на „Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022 – (р) ЕСРП 2022" за 2022***

**Образложение:** „Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022 – (р) ЕСРП 2022"ги утврдува реформите во три приоритетни области: 1. Пазар на труд и вработување, 2. Човечки капитал и вештини и 3. Социјална инклузија и социјална заштита. Со усвојувањето на програмата, во декември 2019, Владата на Република Северна Македонија ја утврди обврската за редовно годишно известување за постигнатите резултати, што е неопходно и за повлекување на средствата од ИПА програмата „ЕУ за младите.

НПАА-поглавје: 3.19 Социјална политика и вработување

НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Штитење и унапредување на економските и социјалните човекови права на граѓаните, како и спроведување на реформите кои се во насока на интегративните процеси на Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

*Извештај за работа на Државниот завод за статистика за 2021 година*

Образложение: Во согласност со Законот за државната статистика, Државниот завод за статистика е должен да подготви и достави извештај до Владата за својата работа за претходната година.

**НПАА-поглавје:** 3.18 - Статистика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Извештајот ќе биде објавен на Веб страната на Државниот завод за статистика.

**Фискални импликации:** /

Предлагач: Државен завод за статистика

*Информација за одржување на трета заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија, во Република Србија*

Образложение: Одржувањето на Заеднички седници на Влади се дополнителен поттик кон унапредувањето на билатералните односи и соработката со земјите од непосредното соседството и јакнењето на регионалната соработка.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 1.3 НАЦИОНАЛЕН ПЛАН ЗА АДАПТИРАЊЕ НА ЕВРОПСКОТО ЗАКОНДАВСТВО, РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Интензивирање и продлабочување на севкупните билатерални односи и регионална соработка со земјите од непосредното соседство. |

**Фискални импликации:** Има: 30,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Развивање на одбранбена политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност***

А) Подзаконски акти

***Предлог- одлука за потпишување на Договор за соработка во одбраната меѓу Владите на РСМ и Португалската Република***

| | |
|---|---|
| Образложе ние: | Договорот е инициран од Република Северна Македонија при посетата на министерката за одбрана во Португалија во месец јули, а во насока на воспоставување на соработка во одбраната. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Влијанијата од имплементацијата на оваа иницијатива се позитивни. Се очекува реализација на активности од бенефит за двете страни. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

Б) Материјали

***Информација за работата на Националното координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали во 2021 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Националното координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали (ХБРН) е формирано со одлука на Владата бр. 41-4420/1 („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/12) и Решение за именување Претседавач, членови и заменици членови на Националното координативно тело за ХБРН бр. 41-4420/2 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/12). Делокругот на работата на Национално координативно тело за за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали (ХБРН) се состои од: координација на надлежните органи инволвирани во предметната област, следење и координација на процесите кои произлегуваат од предметната област, обезбедување на конзистентност во националните политики на ова поле, предлагање и иницирање на проекти кои би се финансирале од други меѓународни организации, остварување на меѓународна соработка, следење на меѓународните политики во оваа област и обезбедување на стручна помош во спроведувањето на националните политики. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Да се информира Владата за работата на телото во претходната година. |
| **Фискални импликации:** | / |
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

Б) Материјали

***Годишен извештај за примена на Законот за бесплатна правна помош***

**Образложение:** Годишна обврска што произлегува од член 44 од Законот за бесплатна правна помош.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Информирање на Владата на Република Северна Македонија за прамена на одредбите од Законот.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

***Информација за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2021 година***

**Образложение:** Се презентираат постигнатите резултати од работата на извршителите, примени барања на извршување и реализирани извршни предмети, извршени надзори над работењето на извршителите и поднесени предлози за поведување на дисциплински постапки против извршители. Воедно, со Информацијата ќе се предлагаат и мерки за унапредување и обезбедување на ефикасно и законито спроведување на извршувањето.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Запознавање на Владата и општата јавност со ефектите на системот на извршувањето на извршните исправи и остварување на правата на доверителите. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

***Квалитетно образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот***

Б) Материјали

***Информација за Предлог - проект „Изградба на атлетски патеки“***

**Образложение:** Подобрување на спортската инфраструктура.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Преку подобрување на спортската инфраструктура, односно преку изградба на атлетски патеки ќе се овозможи подобрување на уловите за тренирање на спортистите кои се занимаваат со атлетика, со цел постигнување на врвни резултати. |

**Фискални импликации:** Има: 35,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Агенција за млади и спорт

Б) Материјали

***Информација за спроведување на ИПА проектот "Поддршка во спроведувањето на законодавството за управување со отпад и проширена одговорност на производителот"***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот. |

**НПАА-поглавје:** Информацијата е поврзана со Секторската оперативна програма за животна средина и климатска акција 2014-2020

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зајакнување на капацитетите за спроведување на законодавството за управување со отпад и проширена одговорност на производителот со цел да се овозможи ефикасно и ефективно функционирање на модерна, одговорна индустрија за рециклирање и обновување, следејќи ги принципите на циркуларна економија. |

**Фискални импликации:** Има:

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

***Информација за спроведување на ИПА проектот "Набавка на ИТ и друга специфична опрема за информатички систем и мониторинг на животната средина"***

Образложение: Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот.

**НПАА-поглавје:** Информацијата е поврзана со Секторската оперативна програма за животна средина и климатска акција 2014-2020

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Позитивни влијанија преку зајакнување на капацитетите за мониторинг, собирање на податоци, управување со истите и известување преку воспоставување на национален информативен систем за животна средина и мониторинг мрежа.

**Фискални импликации:** Има:

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

***Извештај за реализација на Програма за инвестирање во животната средина за 2021 година***

Образложение: Согласно Законот за животна средина член 172 став (7), Министерството за животна средина и просторно планирање до Владата на Република Северна Македонија поднесува годишен извештај во врска со реализација на Програмата за инвестирање за претходната година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Запознавање на Владата на Република Македонија за реализацијата на Програмата за инвестирање во животната средина за претходната година. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

**Јуни**

---

**Иницијатива со висок приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

---

А) Подзаконски акти

***Предлог-уредба за методологијата за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2023 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Се врши распределба на дотации од ДДВ кои се познати и сигурни приходи за општините и градот Скопје од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, кои се распределуваат согласно утврдени и транспарентни критериуми. Средствата се во износ од 4,5% од просечните проценети приходи од данокот на додадена вредност во трите претходни фискални години. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Воспоставување на стабилна финансиска состојба на општините и развивање на локалната самоуправа врз основа на принципите на Европската повелба за локална самоуправа.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за висината на трошоците во врска со постапката за издавање на одобрение за ставање во промет на ветеринарно медицински препарат***

**Образложение:** Со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за висината на трошоците во врска со одобрение за ставање во промет на ветеринарно медицински препарат се определува висината на трошоците во постапката за издавање на одобрение за ставање на ветеринарно медицински препарат во промет, обнова како и варијации кои што треба да ги плати подносителот на барањето согласно измените во законското повикување (расчленување).

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со донесување на Закон за ветеринарно-медицински препарати (нов) ќе се изврши соодветно транспонирање на Европското законодавство.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

***Предлог-одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на селата 2022 година***

**Образложение:** Во член 37 став 1 и 2 од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/21 и 174/21), е утврдено дека средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за поттикнување на рамномерниот регионален развој се распределуваат со одлука која ја донесува владата и тоа: - 55% за финансирање на проекти за развој на планските региони, - 15% за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој, - 15% за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и - 15% за финансирање на проекти за развој на селата

**НПАА-поглавје:** 22 Регионална политика и координирање на структурните инструменти

**НПАА-подрачје:** Правна рамка

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со донесување на Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2022 година, ќе се создадат нормативни услови за реализација на конкретните проекти за развој на селата во тековната година.

**Фискални импликации:** Има: 124,875,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

***Предлог-одлука за доделување средства за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби во 2022 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во член 37 став 1 и 2 од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/21 и 174/21), е утврдено дека средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за поттикнување на рамномерниот регионален развој се распределуваат со одлука која ја донесува владата и тоа: - 55% за финансирање на проекти за развој на планските региони, - 15% за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој, - 15% за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и - 15% за финансирање на проекти за развој на селата. |

**НПАА-поглавје:** 22 Регионална политика и координација на структурните инструменти

**НПАА-подрачје:** Правна рамка

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби во 2022 година, ќе се создадат нормативни услови за започнување на реализацијата на конкретните проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби во тековната година. |

**Фискални импликации:** Има: 124,875,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

***Предлог-одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој за 2022 година.***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во член 37 став 1 и 2 од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/21 и 174/21), е утврдено дека средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за поттикнување на рамномерниот регионален развој се распределуваат со одлука која ја донесува владата и тоа: - 55% за финансирање на проекти за развој на планските региони, - 15% за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја и оддржлив и урбан развој, - 15% за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и - 15% за финансирање на проекти за развој на селата |

**НПАА-поглавје:** 22 Регионална политика и координација на структурните инструменти

**НПАА-подрачје:** Правна рамка

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја во 2022 година, ќе се создадат нормативни услови за започнување на реализацијата на конкретните проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој во тековната година. |

**Фискални импликации:** Има: 124,875,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

Предлагач: Министерство за локална самоуправа

Б) Материјали

***Информација за имплементирани активности за решавање на проблемот со нерегистрирани лица во Матична книга на родени во Република Северна Македонија, преку имплементација на Законот за лицата без регулиран граѓански статус***

| | |
|---|---|
| Образложение: | По усвојувањето на Законот за лицата без регулиран граѓански статус, се спроведуваат активности за негова имплементација. Со овие документи за идентификација овие лица ќе може да ги остварат своите права (здравствена заштита, социјално осигурување, вработување и образование). |

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** 23 Фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Да се сведе на минимум или да нема воопшто граѓани кои не се евидентирани во Матичната книга за евиденција во Република Северна Македонија. Да може секој граѓанин да си извади свои лични потребни документи за идентификација. |

**Фискални импликации:** Има: 396,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

***Информација за реализираните активности во рамки на имплементирањето на Стратегијата за Роми во Република Северна Македонија и иницијативата за Интеграција на Ромите 2020***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Република Македонија е членка на Меѓународната иницијатива Интеграција на Ромите 2020 во чии рамки има и обврската за доставување на редовни извештаи за имплементација на целите од приоритетните области (вработување, образование, здравство и домување) од Стратегијата за Роми. |

Во истите ќе се прикаже нивото на имплементација на Стратегијата за Роми во Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** 23 Фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Подобрување на информираноста за реализираните активности во рамки на Стратегијата за Роми во Република Северна Македонија како и разгледување на можностите за подобрување и унапредување на состојбата на Ромите на ниво на носење на одлуки и политики од страна на претставниците на Владата на Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

***Информација за процесот на подготовка на Програмата на економски реформи (ПЕР) 2023-2025 година со Акциски план за исполнување на заедничките заклучоци од Економско - финансискиот дијалог со Европската унија од мај 2022 година***

**Образложение:** Секоја година, Европската Комисија спроведува детална анализа на буџетскиот план, макроекономските проекции и структурните реформи претставени во Програмата на Економски реформи. Програмата е основа за дефинирање на заеднички насоки за политики (т.н. "Policy guidance") со препораки за наредниот период, за кои земјата треба да преземе соодветни активности и за нивното спроведување да извести при подготовка на следниот циклус на Програмата. Препораките во форма на заеднички заклучоци формално се усвојуваат во рамки на Економско-финансискиот дијалог со ЕУ, кој се одржува секоја година на пролет, со учество на министрите за финансии и гувернерите на централните банки на земјите од Западен Балкан и Турција. ЕК го следи степенот на исполнувањето на препораките согласно методологија која се користи за оценување на земјите членки. Се подготвува акциски план со конкретни активности и носители за

исполнување на препораките. За степенот на реализација, земјата треба да извести при подготовка на наредната Програма на економски реформи.

**Образложение:** Во Планот за имплементација на Гаранција за млади 2023-2025 година ќе се наведе степенот на реализација на планот по однос на трите "столбови"- (рана интервенција, теренски активности и услуги на пазарот на трудот и програми за вработување) од шемата на Гаранција за млади.

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Намалување на стапката на невработеност кај младите лица од 15-29 години, активација на NEET младите (млади кои не се во евиденција на Агенција за вработување на Република Северна Македонија, не се во образование и не се вклучени во некои обуки), преку нивно изнаоѓање, мотивирање за евиденција во Агенција за вработување на Република Северна Македонија и вклучување во сет на услуги и мерки за вработување или директно вработување на редовниот пазар на труд во Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** Има: 650,000,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

***Информација за спроведување на Планот за економски раст преку Законот за финансиска поддршка на инвестициите и Програмата за поддршка на микро, мали и средни претпријатија***

**Образложение:** Во декември 2017 година Владата усвои План за економски раст кој содржи мерки за поттикнување на инвестициите и конкурентноста на економијата, поделени во 3 столба. Со цел спроведување на Планот за економски развој, во 2018-та година беше изработен и донесен Законот за финансиска поддршка на инвестиции со кој се постави правната основа за формализирање на поддршката и спроведување на мерките од првиот и вториот столб. По однос на мерките од 3-тиот столб, Владата во февруари 2018 по предлог на Фондот

за иновации и технолошки развој донесе среднорочна Програма за финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија. Оваа активност континуирано се остварува имајќи ги предвид потребите на приватниот сектор за раст и развој и воедно раст и развој на економијата во целост.

**НПАА-поглавје:** 20: Претпријатија и индустриска политика

**НПАА-подрачје:** Економски критериуми

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Обезбедува зголемување на обемот на инвестиции во економијата преку поддршка на приватниот сектор (производствени компании) во процесот на инвестирање, технолошки напредок, зголемување на производството, подобрување на конкурентноста на странски пазари и сл. Со ова се создаваат можности за поголем извоз, поголем приход на компаните, креирање на подобро платени работни места и др.

**Фискални импликации:** Има: 1,107,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** **Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции**

***<u>Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија</u>***

Б) Материјали

***Информација за Петтиот периодичен извештај по Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права на ОН***

Образложение: Обврска за редовно известување согласно пристапувањето кон договорните тела на ОН.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Исполнување на меѓународно преземени обврски согласно пристапување на земјата кон меѓународни договорни тела на ОН за човекови права. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Информација за подготовка на деветнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи во ноември 2022 година, во Скопје***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовките на деветнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, што ќе се одржи во ноември 2022 година. |

**НПАА-поглавје:** Редовен годишен циклус на состаноци на заедничките тела на ССА - Поткомитет за трговија, индустрија, царина и оданочување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската Комисија. |

**Фискални импликации:** Има: 38,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

*Квартална информација за спроведувањето на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, за периодот октомври-декември 2022 година*

**Образложение:** Согласно заклучокот од 83-та седница на Владата одржана на 29 јуни 2021година, Секретаријатот за европски прашања има обврска квартално да ги известува Владата и Собранието за спроведувањето на НПАА.

**НПАА-поглавје:** НПАА сите поглавја

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Владата ќе биде информирана за динамиката во спроведувањето на активностите од НПАА, постигнатиот напредок, обврските кои доцнат со реализација и причините за истото, евентуалните отворени прашања и ќе може да носи одлуки за насочување на работата на институциите.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

*Информација за Годишниот извештај на Европската Комисија за Република Северна Македонија за 2021 година*

**Образложение:** Информацијата има за цел да даде преглед на клучните наоди и препораки во Извештајот на Европската Комисија преку детална GAP анализа (Детална анализа на отстапувања) како и препораки за мерки и активности кои треба да бидат дел од реформската агенда.

**НПАА-поглавје:** НПАА сите поглавја и воопшто системот на координација на процесот на европска интеграција, имплементација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и пристапните преговори

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Идентификување на клучни области и мерки за реализација во процесот на европска интеграција и насочување на работата на органите на државна управа. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

---

**Иницијатива со среден приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

---

А) Подзаконски акти

***Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската Комисија (4 дополнување)***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со донесувањето на Уредбата, Република Северна Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската унија, а воедно се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од Уредбата и во Република Северна Македонија. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Усогласеност со Комбинираната номенклатура на Европската Унија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

Б) Материјали

***Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите (III квартал)***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Информацијата има за цел да ја извести Владата на Република Северна Македонија по однос на напредокот на проектите како и степенот/процентот на повлечени средства за проектите на квартална основа. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со усвојувањето на информацијата и доставувањето на акциски планови од страна на институциите за секој проект кој го подготвуваат и/или имплементираат и истиот се финансира со заеми и/или инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори ќе се следи реализацијата на проектите и ке се предлагаат активности за забрзување на истите. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија***

---

А) Подзаконски акти

***Предлог - уредба за утврдување на меѓусебни односи помеѓу органите и структурите за имплементација на ИПА III***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Целта на оваа иницијатива е да утврдат меѓусебните односи помеѓу органите и структурите за имплементација на ИПА III програмата во насока да се обезбеди прилагодување и воспоставување на систем за управување и контрола согласно програмите од новата финансиска перспектива 2021-2027. |

Крајната цел е прилагодување на земјата за понатамошно користење на структурните и кохезионите фондови на ЕУ и зголемувалње на апсорцијата од ЕУ фондовите

**НПАА-поглавје:** 22. Регионална политика и координација на структурни инструменти

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставен систем за ефикасно користење на прет-пристапната помош од Европската Унија ИПА III. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

Б) Материјали

***Годишен извештај за превземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Обезбедување на континуиран развој и приод кој се заснова на промоција и обезбедување на еднакви можности на жените и мажите и принцип на не дискриминација со цел остварување на човековите права. |

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување односно

**НПАА-подрачје:** 19.7 Антидискриминација и еднакви можности

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрување на статусот на најранливите категории на граѓани во општеството, обезбедување континуитет во остварувањето на еднаквоста и не дискриминацијата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

***Развивање на одбранбена политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност***

Б) Материјали

***Информација за одржување на Совет за партнерство, трговија и соработка на Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, во Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска***

**Образложение:** Одржувањето на Совет за партнерство, трговија и соработка на Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска придонесува за следење на имплементацијата на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Интензивирање и продлабочување на севкупните билатерални односи и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

**Фискални импликации:** Има: 120,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Информација за процесот за имплементација на Стратегискиот концепт на НАТО 2022***

**Образложение:** Придонес кон обврските во рамки на НАТО и унапредување на меѓу институционалната соработка.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Видлива улога на Република Северна Македонија како кредибилен член на НАТО.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност***

---

Б) Материјали

***Информација за потпишување на Договор меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска за дополнување на Европската конвенција за екстрадиција од 1957 година***

**Образложение:** Склучувањето на договорот ќе ја олесни примената на Европската конвенција за екстрадиција, чии потписници се двете земји.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Олеснување и подобрување на соработката меѓу двете држави во областа на екстрадицијата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

***Информација за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Договор за соработка од областа на праводството меѓу Владата на Република Северна Македонија и Државата Катар***

**Образложение:** Договорот за соработка во правосудството меѓу Владата на Република Северна Македонија и Државата Катар ќе претставува правна основа за соработка помеѓу двете држави, која ќе се реализира преку размена на искуства и експерти, организирање на симпозиуми, обуки и семинари.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Развивање на соработката во областа правосудството, поефикасно остварување на правата и интересите на државјаните на двете зеји, како унапредување на односите и соработката меѓу правосудните органи.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

*Информација за потпишување на Договор за правна помош во граѓански и кривични предмети за екстрадиција и за извршување на кривичните санкции во странство помеѓу Република Северна Македонија и Федеративна Република Бразил*

| | |
|---|---|
| Образложение: | Склучувањето на четирите предметни договори ќе допринесат за засилување на правнаа соработка меѓу двете земји во кривичната и граѓанската материја. |

НПАА-поглавје: /

НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Развивање на соработката во областа на правосудството, поефикасно остварување на правата и интересите на државјаните на двете земји, како и унапредување на односите и соработката меѓу правосудните органи. |

**Фискални импликации:** /

Предлагач: Министерство за правда

***Информација со Стратегија за превенција и борба против компјутерски криминал 2022-2026 година***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Во Министерството за внатрешни работи се имплементира „Стратегија за компјутерски криминал 2022-2026 година", преку утврден Акциски план 2018 -2022. Донесувањето на нова Стратегија ќе значи надоградба на постојната Стратегија за компјутерски криминал согласно новите препораки и трендови на компјутерскиот криминал. Исто така новата Стратегија за превенција и борба против компјутерски криминал ќе дефинира рамка за вклучување на други институции во справувањето со компјутерскиот криминал. |

НПАА-поглавје: 3.24 Правда,слобода,безбедност

**НПАА-подрачје:** 3.24.6 Полициска соработка и борба против организиран криминал

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување на соработката помеѓу институциите, како и јакнење на капацитетите на сите идентификувани институции за справување со компјутерски криминал и превенција. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за внатрешни работи

***Квалитетно образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот***

Б) Материјали

***Информација за Предлог-проект „Промена на подлогата на теренот во спортските сали“***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Поради не исполнување на меѓународните стандарди за одржување на меѓународни натпревари и домашни натпревари од највисок степен во спортските сали, како и професионални тренинзи во повеќе спортови, во кои подлогата на теренот е гума, потребно е да се промени во паркет – таркет. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со промената на подлогата на терените во спортските сали ќе се овозможи исполнување на условите за одржување на меѓународни натпревари и домашни натпревари од највисок степен во повеќе спортови. |

**Фискални импликации:** Има: 35,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Агенција за млади и спорт

***Информација за Предлог - програма за развој на спортот во периодот 2022 - 2026 година***

| | |
|---|---|
| **Образложе ние:** | Согласно Законот за спорт, член 22 и 23 Владата донесува пет годишна Програма за развој на спортот, по предлог на органот на државна управа надлежен за работата од областа на спортот. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија :** | Со програмата за развој на спорт се планира и утврдува стратегија за развој на спортот во Република Северна Македонија за период од 5 години, со истата треба да се овозможи рационалност, економичност и ефикасност во управување на спортот, како и утврдување на приоритети и цели за развој на спортот. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Агенција за млади и спорт

Б) Материјали

***Информација за спроведување на ИПА проектот "Подготовка и ревизија на националните плански документи за отпад"***

| | |
|---|---|
| **Образложен ие:** | Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот. |

**НПАА-поглавје:** Информацијата е поврзана со Секторската оперативна програма за животна средина и климатска акција 2014-2020

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зајакнување на капацитетите за спроведување на законодавството за управување со отпад. |

**Фискални импликации:** Има:

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

Ноември

Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија***

Б) Материјали

***Информација за билатерални програми за развојна соработка***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел запознавање на Владата со статусот на реализација/можностите за поддршка во рамки на билатералните развојни програми во кои учествува Република Северна Македонија. |

**НПАА-поглавје:** 3.22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Информирање за статусот на реализација на билатералните развојни програми и можностите за соработка. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

***Информација за финансиска спогодба за годишна акциска Програма за ИПА 2021***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ги запознае членовите на Владата со содржината на финансиската спогодба за годишната акциска Програма за ИПА 2021 (за која во овој момент нема податоци што ќе содржи), клучните фази во нејзината подготовка и краток опис на акциите во рамките на Програмата, како и добивање овластување за ЗПВ за европски прашања за потпишување на истата во име на Владата. |

НПАА-поглавје: 3.22 - регионална политика и координација на структурни инструменти

НПАА-подрачје: /

ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Поддршка во спроведувањето на реформите во областите кои ќе бидат поддржани преку инструментот за претпристапна помош ИПА 3 (во овој момент не се знае кои области ќе бидат поддржани). |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

***Информација за подготовка на седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи во ноември 2022 година, во Брисел.***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за текот на подготовката на шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи кој ќе се одржи во Брисел. На состанокот ќе бидат разгледани следните области: реформа на правосудство, судска соработка во граѓанска и кривична материја, анти-корупциска политика, темелни права, реформа на полиција, борба против организиран криминал, перење пари, економски и финансиски криминал, трговија со луѓе, борба против тероризам, превенција од дроги, азил, миграција и реадмисија и визна политика и гранично управување. Информацијата дава преглед на моменталната состојба и дадените оценки од страна на Европската комисија по одделните области, отворените прашања, насоки за реализација на одредени прашања, како и ставови кои треба да бидат презентирани на состанокот во однос на постигнатиот напредок. |

НПАА-поглавје: Редовен годишен циклус на состаноци на заедничките работни тела на ССА - Поткомитет за правда и внатрешни работи

НПАА-подрачје: /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /**

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската Комисија. |

**Фискални импликации:** **Има: 130,000 ден**

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

***Информација за одржан дванаесетти состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација кој ќе се одржи во октомври 2022 година во Скопје***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за одржаниот дванаесетти состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација кој ќе се одржи во октомври 2022 година во Скопје, вклучувајќи ги преземените обврски. |

НПАА-поглавје: Редовен годишен циклус на работата на заедничките тела на ССА - Специјална група за реформа на јавната администрација

НПАА-подрачје: /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција: /**

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Навремено задолжување и спроведување на преземените обврски од состанокот со Европската комисија. |

**Фискални импликации:** /

Предлагач: Секретаријат за европски прашања

***Информација за ангажирање на надворешни економски оператори за превод на правото на Европската Унија и други документи од важност за процесот на пристапување како и формирање на Работен комитет за стручна и правна ревизија на преведените документи за квалитетна подготовка на националната верзија на правото на ЕУ***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Правото на ЕУ е збир на сериозни правни инструменти кои се транспонираат во националните законодавства. Се предвидува националното тело за терминологија да го сочинуваат претставници од Сектор за подготовка на националната верзија на Acquis Communautaire (правото на Европската Унија) /Секретаријат за европски прашања, научната и академската заедница, (МАНУ, Институт за македонски јазик, Филолошки факултети), експерти од специјализирани области да работат на дефинирање, утврдување, верификација и стандардизирање на правната и стручната терминологија од правото на ЕУ. Потребата за стручна и правна ревизија е поради усогласена и верификувана терминологија, но и заради униформно толкување и примена на правото на ЕУ, со постојана и недвосмислена употреба на терминологија од актите опфатени со правото на ЕУ. Техничките комитети ќе работат на стручната и правната ревизија на преводот на правото на ЕУ. Националното тело за терминологија ќе работи на правната и стручната терминологија од правото на ЕУ, сè со цел за постигнување единствена правна терминологија, „стратификација на различни значења" во правните концепти, избегнување на недоследност на термините и сл. |

**НПАА-поглавје:** НПАА сите поглавја

- квалитетна подготовка на правото на ЕУ заради усогласување на acquis со националното законодавство во сите подрачја

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зајакнување на структурата и капацитетите во подготовка на националната верзија на правото на ЕУ (acquis) за поефикасно и поделотворно исполнување на обврската за превод на правото на ЕУ и сите придружни документи важни за процесот на евроинтеграција на земјата. Употребата на усогласена и верификувана терминологија како предуслов, за успешна реализација процесот на подготовка на националната верзија на правото на ЕУ. Градење на структури за изработка на национална |

стратегија за заштита на македонскиот јазик и македонскиот правен јазик во ЕУ. Националната верзија на еден правен акт на ЕУ не е обичен информативен превод, туку правно-обврзувачки документ на национален јазик што е директно применлив во идната земја членка и во иднина може да има несогледливи фискални импликации и правна несигурност.

**Фискални импликации:** Има: 24,300,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

***Информација за ратификација на Рамковната спогодба помеѓу Европската Комисија и Владата на Република Северна Македонија и за постапките за спроведување на финансиската помош од Европската унија преку инструментот за предпристапна помош ИПА III***

Образложение: Информацијата има за цел да ги запознае членовите на Владата со содржината на финансиската спогодба за годишната акциска Програма за ИПА 2021 (за која во овој момент нема податоци што ќе содржи), клучните фази во нејзината подготовка и краток опис на акциите во рамките на Програмата.

**НПАА-поглавје:** 3.22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Поддршка во спроведувањето на реформите во областите кои ќе бидат поддржани преку инструментот за претпристапна помош ИПА 3 (во овој момент не се знае кои области ќе бидат поддржани).

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

А) Подзаконски акти

***Предлог - одлука за донесување Уредба за методологија за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици за 2022 година***

**Образложение:** Средствата за плати и додатоци на плати за вработените во Територијалните противпожарни единици -ТППЕ, се утврдуваат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, во раздел 05001- Министерство за одбрана, Програма А-Децентрализација, Потпрограма А2-Пренесување на надлежности на единиците на локалната самоуправа и истите се распределуваат по општини, според следните критериуми: - број на вработени во ТППЕ согласно бројот на склучени спогодби за преземање во надлежност на градот Скопје и општините, какои други вработени со добиена согласност од Министерството за финансии, а во рамките на одобрените средства по општини обезбедени во Буџетот на Министерството за одбрана за 2023 година, и - износ на основни плати и додатоци на плати по вработен во ТППЕ во согласност со закон.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Распределбата на средствата по општини, се врши преку Министерството за одбрана. Остатокот од средствата за исплатени плати и додатоци на плати за ТППЕ за тековниот месец се пренесува во наредниот месец, а остатокот од средствата на 31.12.2023 година, Министерството за финансии го враќа во Буџетот на Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** Има: 420,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

Б) Материјали

*Годишен извештај за спроведување на Просторен План на Република Северна Македонија за 2021*

**Образложение:** Извештајот се подготвува врз основа на годишни извештаи добиени од органите на државната управа, единиците на локална самоуправа, јавните служби, организациите, претпријатијата, установите, институциите, и другите правни лица, доставени до Министерството надлежно за работите на просторното планирање во функција на координатор а го изготвува Агенцијата за планирање на простор. Се презентира пред Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Следење на состојбата со спроведување на Просторниот План на Република Северна Македонија и спроведување на Законот за спроведување на Просторниот План на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2004).

**Фискални импликации:** Има: 1,200,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

**Иницијатива со среден приоритет**

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

***Предлог - програма за развој на дејноста за заштита на децата за 2023 година***

**Образложение:** Развојот на дејноста за заштитата на децата се утврдува секоја година со Програма која согласно со Законот за заштита на децата, ја носи Владата на Република Северна Македонија. Програмата е во функција на спроведување и унапредување на системот на заштитата на децата. Остварувањето на програмата ќе биде во согласност со утврдената програма со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, како и врз основа на одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година во делот на надоместоците за заштита на децата.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Дејноста заштита на децата е од јавен интерес, и ќе се остварува преку обезбедување на определени права согласно законот за заштита на децата, средства и облици за заштита на децата преку установи за деца и преку вршење одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од правни и физички лица. Вклучување на поголем број на деца од популацијата деца од 0 до 6 години живот со проширување на постоечките капацитети, реконструкција и адаптација на јавни детски градинки како и на други објекти и просторни услови. Доближување на детските градинки и центри за ран детски развој до поголем број на население со посебен акцент на руралните средини, а со тоа ќе се создадат услови и за нови вработувања.

**Фискални импликации:** Има: 6,500,866,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

***Предлог - одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2023 година***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со донесувањето на Одлуката, Република Северна Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската унија, а воедно се врши усогласување и менување на Царинската тарифа согласно со Комбинираната номенклатура донесена од страна на Европската комисија, а кои се однесуваат на системот на имиња на стоката, системот на нумеричко означување, единичните мерки, како и забелешките кон соодветните оддели и глави. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Усогласеност со Комбинираната номенклатура на Европската Унија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

Б) Материјали

***Информација за спроведување на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија 2019 – 2023***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Оваа Информација се изготвува за да ја информира Владата на Република Северна Македонија за превземените активностите со цел спроведување на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија 2019 – 2023. Основ за изготвување на оваа информација е Заклучокот од сто и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 04.12.2018 година со кој: „3. Се задложува Министерство за економија еднаш годишно да ја информира Владата за текот на имплементација на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија 2019 – 2023 “. |

**НПАА-поглавје:** 20: Претпријатија и Индустриска политика: Имлементирање на проактивна индустриска политика која води кон раст, зголемување на конкурентноста базирана на знаење, иновации, истражувања, развој, инвестиции и технологии, понатамошен раст и развој на МСП.

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Нема

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

***Информација за реализација на Акциски план за спроведување на Националната стратегија за деинституционализација на Република Македонија 2018-2027 „Тимјаник"***

**Образложение:** Акциски план за спроведување на Националната стратегија за деинституционализација на Република Македонија 2018-2027 „Тимјаник", има за цел планирање и следење на спроведувањето на деинституционализацијата во земјава, преку детален преглед на активности за да се постигнат целите и приоритети и потребните средства за импементација овој стратешки документ. Со Акцискиот план се утврдуваат и мерат показатели за успешност и извори на верификација, со што се овозможува следењето и оценка на успешноста на спроведувањето на процесот на деинституционализација.

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** 3.19.5 Социјална инклузија

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со спроведувањето на Акциски план за спроведување на Националната стратегија за деинституционализација на Република Македонија 2018-2027 „Тимјаник“, се поттикнува и системското учење од процесот и се придонесува за донесување одлуки и креирање политики врз основа на факти, утврдување на клучните предизвици и потребните реформи во согласност со насоките на ЕУ, особено преку проширување на мрежата на социјални услуги во заедницата и воспоставување на нови форми на заштита блиска до граѓаните и соодветна на нивните потреби и подобрување на нивниот квалитет, за сите ранливи категории во заедницата. |

**Фискални импликации:** Има: 60,246,235 ден

Користење и имплементација на фондови од ЕУ ИПА

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

***Информација за спроведување на Стратегијата за мали и средни претпријатија 2018-2023***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа Информација се изготвува со цел да ја информира Владата на Република Северна Македонија за спроведувањето на Стратегијата за мали и средни претпријатија 2018-2023 со Акциски план. Основ за изготвување на оваа информација е Заклучокот од Шеесет и втората седница на владата на Република Македонија одржана на 3.04.2018 година со кој: „3. Се задложува Министерство за економија еднаш годишно да ја информира Владата за текот на реализацијата на стратегијата“; |

**НПАА-поглавје:** 20: Претпријатија и Индустриска политика: Имлементирање на проактивна индустриска политика која води кон раст, зголемување на конкурентноста базирана на знаење, иновации, истражувања, развој, инвестиции и технологии, понатамошен раст и развој на МСП.

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Нема

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

***Информација за иницијатива за воспоставување на регулатива за неформален ризичен капитал (бизнис ангели) во Република Северна Македонија***

**Образложение:** Иницијативата ќе овозможи анализа на можностите за воспоставување на правна рамка за неформален ризичен капитал (бизнис ангели). Иницијативата има за цел долгорочно привлекување и зголемување на бројот на инвестициите во Република Северна Македонија. Се работи за креирање на регулатива која би овозможила полесен пристап до финансии за новооснованите претпријатија преку формата на бизнис ангели, како и стимулирање на потенцијалните инвеститори. Активностите ќе бидат спроведени во соработка со Министерство за финансии, Министерство за економија, Фонд за иновации и технолошки развој, Универзитетот Св. Кирил и Методиј кој што има потпишано Меморандум за соработка со Светскиот инвестициски форум на бизнис ангели и претставници на асоцијациите на бизнис ангели во Република Северна Македонија. Генерално, активностите ќе ги опфатат и можностите за формирање на официјални ризични фондови кои би ја поддржале реализацијата на квалитетни бизнис идеи, менторство и искуство.

**НПАА-поглавје:** II. Економски критериуми (економски развој и конкурентност)

2.1. Постоење на функционална пазарна економија

Кластер 2: Внатрешен пазар

Поглавје 3.06. Право на трговски друштва

Кластер 3: Конкурентност и инклузивен раст

Поглавје 3.20. Претпријатија и индустриска политика

**НПАА-подрачје:** 3.20.2 Инструменти на претпријатија и индустриска политика

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** се реализираат во многу мал обем. Очекувањата се во насока да прераснат во солиден извор на финансирање на бизнис секторот, што ќе значи и унапредување на севкупниот економски амбиент. Преку интензивните активности коишто ќе произлезат со реализација на оваа иницијатива ќе се анимираат малите и средни претпријатија во насока на запознавање со еден нов модел на инвестирање, кој што ќе има за цел да го пополни јазот што постои помеѓу понудата и побарувачката на финансиски средства. Во моментот, малите и средните претпријатија, особено новооснованите претпријатија, се соочуваат со ограничени можности за финансирање, поради ригидната кредитна политика на комерцијалните банки. Влезот на капитал преку бизнис ангели ќе обезбеди полесен пристап до инвестиции и ќе овозможи валоризација на иновативните бизнис идеи, привлекување на потенцијални инвеститори, и воедно да придонесе кон поволна инвестициска клима и севкупен економски раст.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

***<u>Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија</u>***

---

А) Подзаконски акти

***Предлог - програма за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година***

**Образложение:** Законскиот основ за донесување на Програмата за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година е член 20 став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија бр.54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18, 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20) во кој е наведено дека Владата на Република Северна Македонија ја донесува Програмата за статистички истражувања.

**НПАА-поглавје:** 3.18 - Статистика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Програмата за статистички истражувања ќе биде објавена на Веб страната на Државниот завод за статистика.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Државен завод за статистика

Б) Материјали

***Информација за потпишување на Договор за разбирање помеѓу Дирекцијата за радијациона сигурност на Република Северна Македонија и Директоратот за радијациона и нуклеарна сигурност и безбедност на Република Србија за соработка на полето на радијационата заштита***

**Образложение:** Оваа иницијатива е почната кон крајот на 2019 година и се очекуваше да се заврши на почетокот на 2020 година, но поради Пандемијата КОВИД-19 се одложи до крајот на 2021 година. Во однос на конечниот текст на Договорот, со мислење од страна на Министерство за одбрана на Република Северна Македонија е побарано внесување на дополнителен член (чл.5 став 2) за кој од страна на регулаторното тело на Србија, Дирекцијата нема добиено согласност за внесување на истиот во текстот на Договорот. Доколку не се добие согласноста би се довело во прашање склучувањето на Договорот. Во текот на 2022 година ќе се направат напори за разрешување на оваа новонастаната состојба и Владата на Република Северна Македонија ќе биде информирана доколку се надмине проблемот и се склучи Договорот за разбирање меѓу Дирекцијата за радијациона сигурност на Република Северна Македонија и Директоратот за радијациона и нуклеарна сигурност и безбедност на Република Србија за соработка на полето на радијационата заштита.

**НПАА-поглавје:** 3.15 - Енергетика

**НПАА-подрачје:** 3.15.7

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со потпишувањето на Договор за разбирање ќе се придонесе во зајакнувањето на регионалната соработка во областа на радијационата и нуклеарната сигурност и радијационата заштита помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија, а со тоа и размената на технички информации и искуства помеѓу двете регулаторни тела. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Дирекција за радијациона сигурност

***Информација за одржување на втора заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово, во Република Косово***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Одржувањето на Заеднички седници на Влади се дополнителен поттик кон унапредувањето на билатералните односи и соработката со земјите од непосредното соседството и јакнењето на регионалната соработка. |

**НПАА-поглавје:** Поглавје 1.3 НАЦИОНАЛЕН ПЛАН ЗА АДАПТИРАЊЕ НА ЕВРОПСКОТО ЗАКОНДАВСТВО, РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Интензивирање и продлабочување на севкупните билатерални односи и регионална соработка со земјите од непосредното соседство. |

**Фискални импликации:** Има: 30,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

А) Подзаконски акти

***Предлог- одлука за ажурирање на Планот за одбрана***

**Образложение:** Одбраната на Република Северна Македонија се организира како систем за одбрана на независноста и територијалниот интегритет на Републиката. Одбраната на Републиката може да се остварува самостојно или во рамките на Организацијата на Северноатлантскиот договор.Планот за одбрана на Република Северна Македонија треба да се третира како динамичен документ кој треба постојано да се следи и, врз основа на новите сознанија и промени на состојбите, да се дополнува и менува. Со досегашните решенија кои ја регулираат оваа проблематика предвидено е тековно ажурирање на документите од Планот за одбрана, но задолжително еднаш годишно.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со полноправното членство во НАТО нашата држава е обврзана да ја дефинира својата улога во системот за колективна безбедност, во отстранувањето најпрвин на евентуалните ризици, а потоа и на евентуалните последици од истите. За таа цел потребно е усогласување на досега понудените решенија во Планот за одбрана со ново настанатата состојба и нејзините побарувања.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

Б) Материјали

***Информација за формирање на меѓуресорска работна група за измена и дополнување на на Методологијата за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето***

**Образложение:** Потребно е да се формира меѓуресорска работна група од експерти во надлежните субјекти заради измена и дополна на постоечкиот документ заради надминување на долгогодишниот проблем со кој се соочува Дирекцијата за заштита и спасување, а согласно насоките и препораките на Унијата на Механизмот за Цивилна заштита. Основ е член 52 од Законот за заштита и спасување, Владата ја утврдува Методологијата за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето. Ќе се подобри процесот за процена на ризиците од природни непогоди и други несреќи а со тоа ќе има и практична употреба при планирање. Измени и дополни во делот на прибирање на податоци за загуби од природни непогоди и други несреќи. Воспоставување на мапирање и пропишан формат на сценарија и матрици. Резултатите од процесот од интегрираната и заверената процена ќе се користат да се дефинираат политики во областите на управување со ризик и да се намалат нивните ефекти.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Образложение:** Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед за умрени лица за 2023 година претставува континуитет на активностите кои се предвидуваат во оваа Програма.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подигнување на нивото на стручното знаење и унапредување на квалитетот на здравствените услуги преку стекнување на најнови знаења и примена на најсовремени техники на лекување, зголемување на бројот на специјалистички кадри во здравствениот систем, како и обезбедување на обучени лица овластени за преглед на умрени лица на ниво на Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** Има: 40,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

*Предлог-Национална програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2023 година*

**Образложение:** Предвидените активности ќе овозможат континуитет на активностите кои државата ги превзема за спречување на појава и ширење на заразни и други заболувања кои настануваат преку храна, вода, воздух и ќе овозможат мирна санитарно-хигиенска и епидемиолошка состојба во државата.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Програмата се изготвува со цел да се зачува и унапреди здравјето на населението, да се овозможи спроведување на основните функции и задачи на јавното здравје, преку организирани мерки и активности што ги превземаат државните органи, институциите, единиците на локалната самоуправа и други правни и физички лица во соработка со здравствените установи, во случај на јавно здравствена потреба и итност при појава на јавно здравствена вонредна околност согласно Стратегијата и Националниот план за справување со климатските промени.

**Фискални импликации:** Има: 65,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

*Предлог - програма за превенција за кардиоваскуларни заболувања за 2023 година*

**Образложение:** Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2023 година е заснована на одредбите од Законот за здравствената заштита. Болестите на кардиоваскуларниот систем претставуваат голема, хетерогена група на заболувања и водечка причина за смрт во Република Македонија. Исхемичната болест на срцето со своите четири клинички форми - ангина пекторис, акутен инфаркт на миокардот, ненадејна срцева смрт и исхемична кардиомиопатија, е најчеста болест од

оваа голема група на заболувања, а настанува како последица на атеросклероза во коронарните артерии. Од посебен интерес и значење се и цереброваскуларните болести, особено цереброваскуларниот инфаркт, субарахноидалното, интрацеребралното и друг вид крвавење кои се вбројуваат во десетте најчести причини за смрт на населението.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** слободно движење на стоки, животна средина, заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекуван и влијанија:** | - Превенција на факторите на ризик; - Навремено препознавање на КВБ; - Намалување на смртноста и инвалидитетот; - Едукацијата на тимот од државната кардиохирургија од страна на едукатори кои со своето искуство и знаење го надоградуваат и пренесуваат на останатите инволвирани колеги. Тимот се состои од специјалисти по кардиохирургија, васкуларна хирургија, анестезија како и среден медицински персонал (медицински сестри, инструментарки, анестетичари и перфузионисти); - Едукација на нашиот тим за неонатална хирургија и интензивна хируршка нега од страна на тимот кој е составен од доктори (хирурзи,, васкуларни, анестезиолози, интензивисти, интернисти, кардиолози) и среден медицински персонал (медицински сестри, перфузионисти, анестетичари, инструментарки и медицински сестри за во интензивна нега) - Лекување на пациенти од цереброваскуларни болести, особено цереброваскуларниот ин-фаркт, субарахно¬идално, интрацеребрално и друг вид крвавење, со должина на болнички престој повеќе од 5 години; - Подобрување во лекувањето на секундарно и терциерно ниво; - Подобрување на квалитетот на живот кај адултни пациенти со кардиоваскуларни болести Северна Македонија, како би бил во состојба да одговори на се поголемото оптеретување на населението со кардиоваскуларни болести. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за здравство

*Предлог - програма за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2023 година*

**Образложение:** Со Програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија, се обезбедува медикаментозна/терапија за лицата со ретки заболувања во Република Северна Македонија кои се вклучени во листата/регистерот на лицата ретки болести по основ на специфични критериуми и без разлика на статусот на осигурување.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Програмата ќе овозможи континуитет на активностите кои државата ги превзема за набавка на медицинска терапија за лекување и третман за пациентите со ретки болести во Република Северна Македонија и обезбедува стандард на лекување на лицата со ретки болести сличен на стандардот на лекување на другите болести во здравствениот систем (ќе се применуваат лекови препорачани во меѓународни раководства за лекување на одредена болест и нема да опфаќа експериментална терапија или терапија без докажан ефект) и ќе ги покрива само лековите кои спаѓаат во листата на Орфандрагс, а нема да покрива лекови кои се применуваат регуларно во здравствениiот систем преку ФЗОРСМ.

**Фискални импликации:** Има: 580,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

*Предлог - пограма за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2023 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Образложение: (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање и предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акти) Според проценките на експертскиот тим на Светската банка и Министерството за здравство, во моментот само околу 50% од лицата што живеат со ХИВ се дијагностицирани, односно околу половина од нив не се свесни за својот ХИВ статус. Токму затоа главна цел на Националната програма за ХИВ е припадниците на клучните популации да бидат опфатени со програмите за превенција и ХИВ-тестирање, лицата кои се инфицирани да бидат детектирани и поврзани со системот на здравствената заштита во врска со ХИВ-инфекцијата и да пристапат кон лекување и терапија. |

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Намалувањето на стигмата и дискриминацијата и воопшто на нееднаквостите во пристапот до здравствените и социјалните услуги се основен предуслов за успешна реализација на целите на програмата и одржување на ниско ниво на епидемијата на ХИВ во земјата. - Да се одржи ниска преваленца на ХИВ кај клучни популации во Република Северна Македонија во 2023 година; - Да се зголеми бројот на лица од клучни популации кои го знаат својот ХИВ статус; - Секое лице кое живее со ХИВ да има пристап до квалитетен и сеопфатен третман за ХИВ и услуги за грижа и поддршка како дел од сеопфатен третман за ХИВ. |

**Фискални импликации:** Има: 87,700,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

***Предлог - програма за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2023 година***

**Образложение:** Оваа програма се изготвува заради реализација на мерките и активностите предвидени во Програмата кои се обврска од Законот за здравствена заштита и Законот за здравствено осигурување. Во Програмата се содржани мерки и активности за основна здравствена заштита на лицата кои се заболени од потешки специфични заболувања кои се од посебен интерес на државата како и на родилките и доенчињата до 1-на годишна возраст.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Слободно движење на стоки, животна средина, заштита на потрошувачи и јавно здравје.

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Целта на донесувањето на ова програма е обезбедување грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на лицата кои се заболени од потешки специфични заболувања кои се од посебен интерес на државата како и на родилките и доенчињата до 1-на годишна возраст.

**Фискални импликации:** Има: 350,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

***Предлог-програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2023 година***

**Образложение:** Основна цел на програмата е вклучување на што поголем број на лица зависни од дроги во програмите за лекување со агонистичка терапија со опоиди ( бупренорфин и метадон), со што ќе се намали употребата на илегални дроги, смртноста од предозирање, честотата на инјектирање, употребата на нестерилен прибор за инјектирање, ширење на инфекции со

ХИВ/Хепатит Б и Ц и ќе се намалат криминалните активности. Ефикасноста на терапијата со метадон и бупренорфин се состои и во подобрување на квалитетот на животот, здравјето, можноста за вработување, социјалното функционирање и физичкото (телесното) функционирање. Во Програмата се содржани мерки и активности за лекување во дневни болници и болничко лекување на зависници од алкохол и дрога над 30 дена и зависници судски случаи како и обезбедување на метадон за околу 1600 лица и бупренорфин за 300 лица со болести на зависности.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** -Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Напредок во однос на достапност на услугите за пациентите во местото на живеење преку отворање на нови Служби за превенција и третман од злоупотреба на droги. Напредок во однос на достапност на услугите за пациентите во местото на живеење преку отворање на нови Служби за превенција и третман од злоупотреба на дроги. Вклучување на што поголем број на лица зависни од дроги во програмите за лекување со супституциона метадонска терапија и терапија со бупренорфин. Со овие мерки, ќе се овозможи: постигнување апстиненција, намалување на зачестеноста и остринатa на рецидивите, намалување на морбидитетот и на морталитетот предизвикани со злоупотреба на незаконската опоидна дрога или како последица од тоа, особено ризикот од ХИВ, хепатитис Б и Ц и други по крвен пат преносливи болести од инјектирање со нестерилна опрема, подобрување на физичкото и психолошкото здравје, намалување на криминалното однесување за обезбедување на финансиски средства за злоупотреба на дрога, овозможување и поддршка за реинтеграција на работното место и во системот на образованието и унапредување на социјалното функционирање. |

**Фискални импликации:** Има: 84,500,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

*Предлог-програма за обезбедување на трошоци за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2023 година*

**Образложение:** Во Програмата за обезбедување на трошоци за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2023 година опфатени се средства за: - Средства за хемодијализа за странски државјани опфатени со Спогодба меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за соработка во областа на здравството и медицинските науки - Покривање на трошоци за дијализа на лица без здравствено осигурување за хроничен дијализен третман за лица кои во периодот на отпочнување на хемодијализниот третман немаат здравствено осигурување во временски период од најмногу 60 дена кој е доволен за регулирање на здравственото осигурување - Превенција од вирусен хепатит Б за пациентите со хроничен дијализен третман кои се државјани на Република Северна Македонија, преку набавка на Хепатит Б адулт вакцини, спроведување на вакцинација на нови пациенти, невакцинирани пациенти на хемодијализен третман, како и ревакцинација, активност која ќе ја реализираат 10-те Центри за јавно здравје. - Средства за секундарна и терциерна превенција, односно превентивно едукативни активности за пациентите кои боледуваат од хемофилија. - Планирани активности за унапредување на грижата за лица со коагулопатии во 2023 година, за која е неопходна координација помеѓу Министерството за здравство, Центарот за хемофилија при ИТМ, ЈЗУ УК за хематологија, ЈЗУ УК за детски болести и граѓанските здруженија на лица со коагулопатии. - Се планира организирање на работилници со заедничко учество на Министерството за здравство, Центарот за хемофилија при ИТМ, ЈЗУ УК за хематологија, ЈЗУ УК за детски болести и граѓанските здруженија на лица со коагулопатии. - Планирани се превентивни кардиоваскуларни прегледи за возрасните лица со хемофилија и лица со останати коагулопатии. Активностите треба да бидат спроведени во соработка помеѓу Центарот за хемофилија при ИТМ, ЈЗУ УК за кардиологија, ЈЗУ Универзитетски Институт за Клиничка биохемија и граѓанските здруженија на лица со коагулопати.

**НПАА-поглавје:** 28

**НПАА-подрачје:** 3.28 -Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Програмата ќе овозможи навремено згрижување на пациентите со дијализа и превентивно едукативни активности за хемофилијата. |

**Фискални импликации:** Има: 7,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

***Предлог - програма за активна здравствена заштита на мајки и деца за 2023***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Намалување на морбидитетот и морталитетот на мајките и новороденчињата, преку интегриран пристап во унапредување на здравјето на мајките и новороденчињата, кој ги содржи во себе мерките на планирање на семејството, пренаталната заштита и здравствената заштита во текот на породувањето и леунството, како и пристап до соодветни здравствени пакети за социјално ранливи популациони групи. |

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Континуирано унапредување на здравјето на децата и жените во репродуктивен период во насока на намалување на доенечката и матернална смртност. |

**Фискални импликации:** Има: 17,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

*Предлог- програма за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2023 година*

**Образложение:** Со Програмата се обезбедуваат потребните количини на вакцини за задолжителна имунизација и вакцини по епидемиолошки индикациии, како и мерки и активности за спроведување на задолжителна имунизација на населението која се спроведува континуирано и по епидемиолошки индикации. Во истата се опфатени возрасните групи подложни за поедини вакцинации, видот на вакцини кои се даваат и начинот на давање. Програмата го содржи Календарот за имунизација на деца од 0 до 18 години и Календарот за catch-up имунизација за нередовно вакцинираните деца од 5 до 18 година. Исто така преку оваа програма се набавуваат и КОВИД-19 вакцини.

**НПАА-поглавје:** 28

**НПАА-подрачје:** 3.28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Активностите предвидени во оваа програма ќе овозможат континуитет на активностите кои државата ги презема за задолжителна имунизација на населението, се со цел за постигнување на поголем опфат кај популацијата со поедини вакцини, спречување на појава на заразни заболувања кои се превенираат со вакцинација и елиминација и ерадикација на поедини заболувања. Во услови на пандемија, се спроведува вакцинација против КОВИД-19, со цел да се спречи ширењето на инфекцијата и да се намали морбидитетот и морталитетот, како и оптоварувањето на здравствениот систем.

**Фискални импликации:** Има: 1,538,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

*Предлог-програма за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2023 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Програмата преставува подршка на крводарителството во Република Северна Македонија, во неа се содржани мерки и активности за организирање и спроведување на крводарителски акции, изготвување на здраствено-воспитни пропагандни материјали, мотивациски средства за крводарителите, надоместок на трошоци за организирање на крводарителски акции за општинските организации на Црвениот крст на Република Северна Македонија по единица крв, активности на Институтот за трансфузиологија и партиципација при користење на здраствени услуги на дарители со над 10 крводарувања. Недостаток во обезбедување крв во државата, ќе предизвика застој на хирушки и други интервенции за кои е потребно апликација на крв и спасување на многу животи. |

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** слободно движење на стоки, животна средина, заштита на потрошувачии и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Програмата ке овозможи континуитет на активностите кои државата ги превзема за обезбедување на доволни количини крв во државата, ќе се овозможи навремена и квалитетна здравствена заштита при интервенции за кои е потребна крв и спасување на многу животи. |

**Фискални импликации:** Има: 50,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

***Предлог - програма за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2023 година***

Образложение: Со Програмата се обезбедуваат услови за плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување.

**НПАА-поглавје:** заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** 3.28

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

Очекувани влијанија: Да се обезбеди здравствено осигурување на сите државјани во Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** Има: 3,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

***Предлог-програма за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2023 година***

Образложение: Со програмата се обезбедуваат услови за зачувување и унапредување на здравјето на сите деца од училишна возраст и студентите, преку превенција и рана детекција на здравствените ризици и нарушување на здравјето.

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Опфаќање на сите ученици од I, IV, VI и VIII одделение и I, IV година средно и I–ва година студенти преку спроведување на превентивни систематски прегледи (тежина, висина, вид, лабораторија, крв и урина) на учениците, средношколците и студентите.

**Фискални импликации:** Има: 10,770,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

***Предлог-програма за трансплантација во Република Северна Македонија за 2023 година***

**Образложение:** Програмата има за цел да го зголеми бројот на донори од починато лице во интерес на пациентите кои чекаат за трансплантација и за кои не постои друг начин на лекување и терапија, проширување на трансплантации освен на бубрези, срце и коскени ткива и во делот на црн дроб, корнеа и трансплантација кај педијатриски пациенти, воспоставување систем (Национални листи за трансплантација) кој ќе обезбеди правичен пристап кон органите и ткивата, подигнување на свеста кај населението за донирање на органи и ткива, особено преку информирање на јавноста за важноста на трансплантацијата, подигнувањена свеста кај медицинскиот персонал за важноста на трансплнатацијата и организирање на курсеви и обуки за доедукација и на крајот воспоставување на мрежа на болници спремни да препознаат потенцијален донор, болници кои можат да го извадат органот, и да се осигураат дека истиот ќе стигне во центрите каде би се изведувала трансплантацијата.

**НПАА-поглавје:** 3,28

**НПАА-подрачје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Зголемување на број на трансплантации од починати донори. Детектирање на што поголем број на починати донори и развој на мултиорганската трансплантација. Воспоставување на стабилно годишно ниво на број на трансплантации на срце, бубрези и коскени ткива. Започнување со трансплантации на црн дроб и рожница кај адултни пациенти и развој на трансплантации на срце и бубрези кај деца. Програмата треба да овозможи воспоставување на систем на редовен трансплантациски програм во сите болници кои се референтни центри во земјава.

**Фискални импликации:** Има: 10,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

***Предлог - програма за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2023 година***

**Образложение:** Програма за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2023 година, обезбедува грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите и на корисниците на правото на социјална парична помош.

**НПАА-поглавје:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** 3.28

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Целта на донесувањето на оваа програма е обезбедување грижа во чување, следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите и

на корисниците на социјална парична помош како и на члеовите на нивните домаќинства.

**Фискални импликации:** Има: 70,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

Б) Материјали

***Информација за потребата од воведување на систем за следење и менаџирање на возилата на итна медицинска помош во сите градови во Република Северна Македонија за 2022 година***

**Образложение:** На територијата на Република Северна Македонија има вкупно 33 центри за итна медицинска помош. Системот е замислен како интегрирано решение кое повиците на бројот 194 на територија на Република Северна Македонија ќе пристигнуваат на едно место, а од тоа место ќе бидат соодветно распределувани до регионалните центри на итна медицинска помош соодветно нивната географска локација и локацијата од каде доаѓа повикот. Примањето на повиците кон итната помош треба да биде интегрирано со системот, додека системот треба да обезбедува интерактивно мени (IVR-Interactive voice response), и сите повици треба да бидат снимени. Интеграцијата на системот треба да им овозможува на операторите одговор на повик, пренасочување на повик и завршување на повик преку нивните работни станици со кликање во софтверот со користење на глувче или кратенки преку тастатура. Говорните функции треба да се вршат преку компјутерот на операторот со користење на headset уред (микрофон и слушалка со висок квалитет).

**НПАА-поглавје:** 3.28

**НПАА-подрачје:** заштита на потрошувачи и јавно здравје

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Зајакнување и подобрување на здравствените услуги од страна на ИМП.

**Фискални импликации:** Има: 12,000,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија***

---

Б) Материјали

***Информација за подготвениот деветти Извештај за имплементација на Ревидираната Европска социјална повелба на Советот на Европа и деветиот извештај***

**Образложение:** Ревидираната Европска социјална повелба (РЕСП) претставува еден од основните документи на Советот на Европа кој ги штити социјалните и економски човекови права и слободи. Со ратификувањето на РЕСП, Република Северна Македонија се обврза на почитување и имплементирање на правата содржани во неа и доставува годишни извештаи кон имплементацијата на повелбата до Генералниот секретар на Советот на Европа.

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Штитење и унапредување на економските и социјалните човекови права на граѓаните, како и спроведување на реформите кои се во насока на интегративните процеси на Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

*Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост*

**Образложение:** Законска обврска согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите во насока на унапредување на состојбата со жените и мажите во сите сфери на општественото живеење по однос на Стратегијата за родова еднаквост.

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување односно под поглавје

**НПАА-подрачје:** 19.7 Антидискриминација и еднакви можности

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрување на статусот и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите со почитување на принципот на еднаквост и недискриминација по основ на пол.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

***Информација за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Дирекцијата за радијациона сигурност на Република Северна Македонија и Комисијата за радијациона заштита на Република Албанија за соработка на полето на радијационата заштита***

**Образложение:** Владата на Република Северна Македонија да се информира за склучување на Меморандумот за разбирање меѓу Дирекцијата за радијациона сигурност на Република Северна Македонија и Комисијата за радијациона заштита на Република Албанија за соработка на полето на радијационата заштита.

**НПАА-поглавје:** 3.15-Енергетика

**НПАА-подрачје:** 3.15.7

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со потпишувањето на Меморандумот за разбирање ќе се придонесе во зајакнувањето на регионалната соработка во областа на радијационата и нуклеарната сигурност и радијационата заштита помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија, а со тоа и размената на технички информации и искуства помеѓу двете регулаторни тела. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Дирекција за радијациона сигурност

***Информација за учеството на Република Северна Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија во периодот 1 јули – 31 декември 2022 година***

| | |
|---|---|
| Образложение: | Информацијата има за цел запознавање на членовите на Владата на Република Северна Македонија со актуелните состојби и активности на Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Редовното следење на овие состојби овозможува активно позиционирање на дипломатските активности и националните политики на земјата. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

Б) Материјали

***Информација за преземање на професионални војници со навршени 45 години возраст од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт и во други државни органи за 2022 година***

**Образложение:** Отпочнување на процес за спогодбено преземање без објавување на јавен оглас, со обезбедување и префрлање на финансиски средства наменети за преземање на вкупно 114 професионални војници од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт и во други државни органи.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Воспоставување на брз и ефикасен систем за преземање и распоредување на професионалните војници, ќе го зголеми нивното задоволство од начинот на преземање и распоредување и истото ќе влијае на моралот, мотивацијата и ефикасноста на останатите професионални војници, како и на зголемување на интересот на граѓаните за воената професија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

Б) Материјали

***Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, за периодот јули-септември 2022 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целта на оваа иницијатива е квартално да се информира Владата на Република Северна Македонија за преземените мерки и активности по обраќањата и препораките на Народниот правобранител, упатени до Владата, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставениот механизам на известување на Владата на Република Северна Македонија за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител придонесува кон унапредување на соработката со Народниот правобранител во насока на целосно почитување на уставните гаранции и меѓународните стандарди за почитување на човековите слободи и права, одговорно, совесно и навремено постапување и одлучување за правата на граѓаните, како и транспарентност во работењето на органите на државната управа |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Генерален Секретаријат на Република Северна Македонија

***Информација за Вториот Извештај на ГРЕКО за усогласеност на Република Северна Македонија***

**Образложение:** Информација- со која се предлага да се усвои и авторизира објавување на Извештајот на ГРЕКО за Република Северна Македонија - Петти круг на тема: Спречување на корупција и промоција на интегритетот кај централната власт- највисоките извршни функции и органите за спроведување на законот. Со Извештајот на ГРЕКО се оценува степенот на усогласеност на Република Северна Македонија со препораките кои ГРЕКО ги упати на државата во Петтиот круг (со Извештајот за евалуација од март 2019).

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Запознавање на Владата на Република Северна Македонија на степенот на усогласеност со препораките од ГРЕКО.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

***Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени***

---

А) Подзаконски акти

***Предлог - програма за води за 2023 година***

**Образложение:** Со програма се утврдуваат средствата за извршување на работите согласно Законот за водите од член 212: управување и развој на водните ресурси и надоместување на трошоци за работењето, изградба на нови, одржување и унапредување на постојните водоснабдителни објекти, хидромелиоративните системи и хидросистеми, одржување и заштита на природните езера, одржување на водотеци, изградба и одржување на објекти

за регулација на водотеци, заштита на водите вон населени места, подготовка на планови за одбрана од поплави и замрзнување, планови за заштита од ерозија и порои, планови за заштита од штетни дејствија на водите вон населените места, контрола на состојбите собирање, обработка на податоците за резерви на вода и нивно користење,хидрогеолошки и други истражувања, програма за мерки за заштита на водите од загадување, мониторинг на квалитетот и квантитетот на водите и мониторинг на безбедноста на водата за консумирање, воспоставување и одржување на заштитни зони и изградба на објекти за заштита на водите од загадување.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на управувањето со водите во Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** Има: 100,000,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

Б) Материјали

***Информација за потпишување на Протоколот за вода и здравје, како меѓународен договор во рамките на Конвенцијата за заштита и користење на прекуграчните водотеци и меѓународните езера***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Главната цел на Протоколот е да се заштити човековото здравје и благосостојба преку подобро управување со водите, вклучувајќи ја и заштитата на водните екосистеми, како и спречување, контрола и намалување на болести поврзани со водата. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Воспоставување на национални и локални цели за квалитет на водата за пиење и квалитетот на испуштање и третман на отпадните води. Исто така се очекува да се намали инциденцата на болести предизвикани од водата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

***Информација за проектот „Водоснабдување на Делчево"***

**Образложение:** Во рамките на проектот се предвидува да се реализираат активности за изградба дел од системот за водоснабдување на општина Делчево и зајакнување на капацитетите за управување со ЈПКД Брегалница од Делчево.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со реализација на Проектот се овозможува изградба на систем за водоснабдување и на систем за третман на отпадни води во општина Делчево како и зајакнати капацитети на јавното комунално претпријатие и се пристапува кон директна имплементација на Законот за води.

**Фискални импликации:** Има: 43,500,000 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

*Информација за развој на Националниот информативен систем за животна средина*

**Образложение:** Воспоставување на единствена национална база на податоците за животната средина, како важен стратешки аспект на Република Северна Македонија, преку имплементација на централна база на податоци во која ќе се складираат сите релевантни податоци за животната средина. Развојот на Националниот информациски систем за животна средина е континуиран процес кој ги опфаќа следните аспекти: Спроведување на Директивата 91/692/ЕЕС на Советот на Европа со која се стандардизираат и се рационализираат извештаите за спроведувањето на одредени Директиви за животната средина Спроведување на Директивата 2003/4/ЕС на Европскиот парламент и Советот за јавен пристап до информациите за животната средина Спроведување на Директивата 2007/2/ЕС на Европскиот парламент и Советот за воспоставување на инфраструктура за просторни информации во Европската заедница (INSPIRE).

**НПАА-поглавје:** НППА 2021 Информативен систем за животна средина

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Зајакнати капацитети на МЖСПП за животна средина за собирање податоци за состојбата со животна средина и нивна обработка; Сите податоци за животната средина се одржуваат во една централна база на податоци во рамките на МЖСПП; Имплементација на автоматски систем за валидација на податоци Овозможено автоматско генерирање на извештаи кон меѓународните тела во согласност со ЕУ директивите Иницирање на е-влада принципи: презентација, сондажа на јавното мислење и комуникација преку електронски медиуми (најчесто Интернет); Јавно достапни податоци за состојбата со животна средина до јавноста (презентација и дистрибуција на податоци), учество на јавноста и соработка.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

*Информација за проектот „Изградба на фекална канализација за населено место Теарце, општина Теарце "*

**Образложение:** Во рамките на проектот се предвидува да се реализираат активности за изградба фекална канализација за населено место Теарце, општина Теарце.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со реализација на Проектот се овозможува изградба на фекална канализација во општина Теарце.

**Фискални импликации:** Има: 31,203,940 ден

Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

*Информација за изградба на Спасителен центар за диви животни*

**Образложение:** Земајќи го примерот од формираните Спасителни центри кај соседите: Грција, Бугарија, Хрватска и Србија предлагаме да се отвори и опреми Спасителен центар каде ќе се третираат повредени диви животни најдени од природата. Со проектот е планирано опремување на простор за прифаќање, нега и лекување на повредени диви животни и конфискувани диви животни, помош на сите повици за помош на дивите животни во неволја. Во Центарот предвидено е да се вработи стручен кадар, за помош, нега, рехабилитација на повредени диви животни во природата и подготовка за повторно враќање во природа. Центарот може да се користи како депозитар на запленети животни вклучени во нелегална трговија. Проектот е вклучен во Акцискиот план за имплементирање на Националната Стратегија за заштита на природата 2017-2027 и во Националната Стратегија за биодиверзитет со Акционен план.

Изработена е студија за изводливост за воспоставување центар за згрижување на повредени и запленети диви животни во Република Северна Македонија преку програма за зачувување на природата-фаза 2.

**НПАА-поглавје:** Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, дел за природа

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Да се намали бројот на смртноста на повредени и изнемоштени диви животни и да се зголеми процентот на излечени, рехабилитирани и повторно пуштени диви животни во природата.

**Фискални импликации:** Има: 3,075,000 ден

Други извори

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

**III.** Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето.

**Бр. 41-1859/1**
**8 март 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**

Подготвил: Маја Богоевска
Проверил: д-р Стефан Волкановски / Катерина Јаневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Согласен: Зоран Брњарчевски
Одобрил: Мухамед Зекири